Калина



роман

Петре Наковски

Калина

роман

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2015 by Petre Nakovski & Risto Stefov

e-book edition

******

December 29, 2015

******

Вовед

Граѓанската војна во Грција и времето по неа и натаму е неисцрпна инспирација на Петре Наковски, автор на досега објавените романи: ,,Постела за чемерните", ,,И каменот е земја", ,,Големата удолница" , ,, Големата измама" и ,,На пат со времето".

Романот КАЛИНА не враќа во времето на граѓанската војна во Грција (1946-1949) и ги обележува трагичните доживувања на една млада, седумнаесетгодишна селска девојка принудно мобилизирана во Демократската Армија на Грција, како и стотици други македонски и грчки девојки.

Авторот не се обидува да изнесе историски оцени на настаните, бидејќи тие произлегуваат од доживувањата и раскажувањето на главната личност во романот, која ниту еднаш не излегува надвор од тоа што го доживува, што го виде и гледа, за што мисли и мислеше и чувствува и чувствуваше во ровот и бункерот, во ноќните јуриши, долгите исцрпувачки маршеви, гладот и жедта, на борбената позиција во текот на седумдесет денонoќната позициона борба во планините на Грамос, самоубиствените борби за заземање на Воден, Негуш и Лерин, лекувањето на раните во болниците во Корча и Катланово, последните борби на Вичо и катастрофалниот воен пораз, а потоа како заробеник во затворската ќелија и лете под жешкото, а зиме под студеното небо на логорите во островите на Егејското Море.

Крајот на граѓанската војна и катастрофалниот пораз на ДАГ ја наоѓа на брегот на Големото Преспанско Езеро. Баталјонот не успева да премине отаде двете езера и да го продолжи бегството во Албанија. Е отсечен. Се распоредува покрај езерскиот брег и сокриен во трските и врбјакот води очајничка борба со противникот. Ноќта го носи спасот. Баталјонот се повлекува и фаќа позиции долж југословенко-грчката граница, а командата води разговори со висок офицер на ЈНА за да добие дозвола низ југословенска (македонска) територија да се префрли во Албанија. Разговорите се долги и несигурни. Југословенскиот офицер го прифаќа барањето, ама под услов

борците на ДАГ да го предадат оружјето, на што командата на баталјонот не се согласува, бидејќи тоа го смета за дезертерство. Паѓа одлука: баталјонот да се подели на три одреди и ноќе да се пробие во Албанија зад грбот на противникот. Почнува тежок ноќен марш во молк. Дел од одредот паѓа во минско поле. Таа е ранета и претставува голема пречка во натамошниот пробив. Оставена е на патот. Наредниот ден ја наоѓа војската, ја заработува и со камион ја пренесува во полската воена болница и по првата медицинска обработка на тешката рана, на лекување е префрлена во воената болница во Солун. Таму ја сретнува и пријателката што ја остави ранета да се дави во езерото. По успешното лекување – е предадена на полицијата. Осудена е на затворска казна. Пет години од својот живот, постојано физички и душевно малтретирана, ги поминува во затвори, а најмногу во женските логори на островите во Егејското Море.

Со своите воени, затворенички и логорски доживувања и доживувањата на своите другари - борци од ровот, ноќните маршеви, гладот и грозотијата на војната, од затворската ќелија и логорите создава слика на средината во која се одвива клопчето на нечовечноста, но исто така го покажува развојот и создавањето на големото, убаво младешко поединечно и колективно пријателство, секогаш овенчано со вера и доверба, посветеност, готовност да се помогне во секоја ситуација, херојството на младите борци, но исто така, ги прикажува и своите колебања, недоверба, психички скршнувања, внатрешни и надворешни конфликти. Се` што доживува е трагично и болно до неверување, но исто така и вдахновено од големата верба во себе и неограничената желба да преживее, да опстане и покрај сите страдања и да не ја изгуби надежта, дека постојано, без престан верува дека ја следи невидлива помош жива да излезе од лавиринтот на злото.

Бурните протести на грчкото општество, кое полека почна да се созема од злото на граѓанската војна и репресиите што ги спроведуваше државата, доведоа до распуштање на логорите затворите наменети за жени.

По годините поминати во логори таа е на слобода, но секаде ја следи полициското досие. Мора двапати неделно да се јавува во полиција, ги работи и највалканите работи само за да може да преживее.

Воените, затворските и логорските спомени се еден вденат конец и се нижат како мониста, се ткаат и се редат создавајќи го мозаикот на животот изгубен во војната, затворите и логорите. Содржината дише со искреност и автентичност на раскажувањето во прво лице и го открива изминатиот пат во тригодишниот тек на граѓанската војна и во петгодишниот престој во грчките затвори и логори.

Во војната и` беше полесно да умре зашто таму од куршум, од граната, од бомба, можеше да умре само еднаш и можеби одеднаш, а во затворите и логорите така правеа за да умира секој ден и секоја ноќ. И секој ден и секоја ноќ таму грчевито се бореше со смртта и издржа и тоа е нејзината победа.

Остана посилна од тешките воени доживувања, ги издржа страдањата со што ги наткрили своите мачители пред кои своето име не го криеше, а се` друго со кое го полнеа нејзиното затворско и логорско досие не го признаваше, го одрекуваше и не го потпишуваше.

Слободна е и се враќа во родното село опустошено и разнебитено од војната и егзодусот. Каде и да е секогаш и секаде ја следи полициското досие. Двапати неделно мора да се пријавува во полиција, работи највалкани работи за да преживее. И кога во 1958 година во Костур и Лерин почнаа да работат агенции кои нудеа работа во САД, Канада и Австралија со платен билет за една страна, таа одлучува да остане дома, во својата дома.

Калина издржа и го наткрили лошото време. Во слободата и во остатокот од својот живот дали најде мир? Засекогаш остана заробеник на злото, но не се оддели од мислата дека изминатото време и таа во него не смее да попадне во мракот на заборавот и дека од тој мрак неопходно е да се излезе во светлината на паметењето само со една цел: ништо да не се заборави, се`да

биде сочувано со пишан збор. Како да се затвори тажната и болна страница не затоа за да се заборави, туку за да се сочува доживеаното, кое е дел од нашиот опстанок?

Калина тоа го прави со својот долг монолог...

КАЛИНА - роман за одбрана и зачувување на достоинството и честа.

Така би можело да се рече за најновото дело на Петре Наковски.

I

Како да почнам?
Од каде?
Нека е вака...

Тогаш, кога ме собраа и ме однесоа во земјанките на Грамос, како и сите други што ги собраа, бев мека, да речам, како добро измесена глина. Од таква глина можеш да правиш стомни, чинии, чаши, грнци, тави, ќупови... и полека станував цврста, како железото, тоа суровото железо. И така, како што тоа суровото железо, кладено во оган и потоа пренесено на наковална, ковачот го удира, го толчи и му дава таков облик, каков што му е потребен.

Така беше и со мене и со другите селски деца, слични на сурово железо, собрани ноќе и ставени во наковалната на планините, на шумите, студените земјанки, бункерите и рововите, усвитени од ветриштата и од дождовите, од студот и гладот, ние станавме челик, велам, станавме такви, какви што бевме потребни. Партизанки и подоцна - борци на Демократската армија на Грција, со лик, со лице, со дух, со вера и доверба во мислата која ја имаа тие, кои го држеа чеканот, наковалната, калапот. И под тој чекан, на таа наковална и калап сите ние таму го изгубивме стравот и станавме такви, какви што бевме потребни...

Партизанки - облечени во стари воени униформи и излитени шинели од разни војски, со нарамени пушки и автомати од разни војни, времиња и држави. Таму, под сенките на дебелите дабје и буки, вежбавме убивање и одбрана од убивање...

Уката не траеше долго. Знаењата ги проверувавме на живо. Противникот го напаѓавме само ноќе. Вообичаено по полноќ. Времето од паѓањето на мракот до јуришот го исполнувавме со марш. И место на престој менувавме само ноќе.

Во мракот бевме најсигурни. Кога со заодот на сонцето од небото ја снемуваше таа подвижна жолта точка, авионот, кој

цел ден не држеше под око, тогаш излегувавме од земјанките и почнуваше вриежот за одење.

Одењето ни се викаше марш.

Маршот го почнувавме во мракот и секогаш го завршувавме пред да изчезне мракот. Не беше само еден марш и само во една ноќ. И не беше само еден краток или долг што трае со часови. Не ги броев. Не се сите ноќи исти по должина и по мрак. Ноќ од ноќ се разликува, како и денот од денот. И маршот од марш се разликува. Секој марш секогаш ни беше долго одење. Маршот го почнувавме тогаш, кога над земјата се постелуваше мракот. Со песна. Секогаш со борбена песна.

Првите чекори почнуваа со песна, која срцата ни ги исполнуваше со бодрост, ама не лишуваше од разговорите и ни ги одземаше мислите. Песната не охрабруваше, не бодреше, не сплотуваше. Со првите чекори беше силна и се смалуваше со изодениот пат и само некои гласови се` уште упорно се вртеа, ама и тие полека се губеа, зашто и издишката губеше сила и тогаш гласот на песната се смалуваше, се цедеше, замолкнуваа изморените грла и тогаш се слушаше само глуво шушкање на старите војнички цокули и на опинците. Повеќето од нас имавме обуени опинци или цокули под кои стапалото ни беше голо. Газевме со голи стапала, а над стапалата ни се гледаа цокули, опинци, а некои имаа чизми. Бевме војска со искинати цокули и опинци, војска облечена во униформи на разни војски, со пушки од разни времиња и војски, војска која секој марш го почнуваше со песна. Со заморот полека секнуваше песната. Никој не зборуваше, молк и само члапање, час по суво, час по кал, час по вода, по снег и така чекорот стануваше се` потежок, по разнишан, посмален...

Одевме молчаливо и тогаш се слушаше само чекорот, кој стануваше се` потежок. И така чекоревме, а тоа чекорење, тоа одење го сакаше наредбата која бараше тогаш и тогаш, во толку и толку часот на ноќта да стигнеме во местото чие име беше запишано на ливчето што го донесуваше курирот. Во свитканото ливче беше скриената наредба. Не е важно дали можеш, дали имаш сила, дали си сит, гладен или жеден, дали си

здрав. За тоа наредбата не прашуваше. Ти не си тој кој одлучува. Таму, горе, некој одлучил и таа одлука ти ја врзуваат за нозете. Не умот, не желбата, туку наредбата те носи таму каде не треба да знаеш. И така одевме ослободени од мислата за да мислиме каде одиме, колку време ќе одиме, ама знаевме дека мораме да одиме и мораме да го издржиме одењето. Полека - полека те совладува уморот, потта тече на челото, плеќите... Чекорот ти го влече оној пред тебе и те турка напред оној зад тебе. Ти одиш, се движиш под пушката, под ранецот полн со фишеци, со рачни гранати, свиткан напред и секој изминат чекор ти станува потежок и потешко ти станува тоа што ти е на грбот. Чекор в чекор зад тој кој е пред тебе, чекор в чекор пред тој, кој е зад тебе. Се влече долгата врвца од живи сенки. Главата ти натежнува, ама ја чувствуваш празна, бидејќи и во маршот не смее да мисли, смелоста за мислење ја има некој друг. Твое е да сториш така, како што е напишано во ливчето што пред малку го донесе курирот, тие неколку зборови ти го одредуваат патот, времето, местото и... животот.

Тоа што е напишано во ливчето е наредба, а за наредбата нема расправа. Веќе е навика - да не прашуваш, туку само да извршуваш. Одиш, не зборуваш, не мислиш, не се жалиш. Само чувствуваш умор, болка во стапалата, во глуждовите, во колената, во плеќите, солена и горка пот ти ги полни очите, се разлева по лицето и се лепи на усните; суша ти го пече грлото, се фаќаш за матарката, мислејќи дека е полна. Од рамо на рамо префрлуваш тежина на пушката, на автоматот, митралезот од рамо на рамо; попушташ појас што ти ги сече колковите и само неколку мигови чувствуваш олеснување. Тежината што станува се` поголема те тера да се наведнеш напред, те притиска и болно ја чувствуваш болката во крстот. И така зад тебе останува ридот, удолницата, трапот, матната вода, калливата патека, по некоја тивко и злобно исплукана пцост и стегната воздишка и фаќаш нов рид, нова угорница, нов трап и твојот веќе разлулан чекор се` поблиску те носи кон местото што е запишано во курирското ливче. Одеднаш во мракот се разнесува команда - стој! Десетина минути одмор. Уморното и папсано тело легнува, олеснување во коските, мускулите и во душата. Печат плускавците во стапалата, петиците, глуждовите и во рамената.

Во маршот ги сакавме облаците, ја мразевме полната месечина. Во мракот бевме најсигурни. Тогаш со се` што беше околу нас станувавме едно - и шумите и дрвјата и ридовите и планините и небото и карпите и траповите и удолништата и угорништата - во мракот сите бевме едно. И кога паѓаше наредбата - строј се - тогаш живнуваше мракот - ние и се` што беше околу нас. И по наредбата - по мене, напред - тргнуваме и го сечеме мракот, ги допираме плеќите на тие кои се пред нас и така знаеме дека пред нас нема празнина и на одењето како да му нема крај. Колку повеќе прегазуваме простор, толку повеќе ни се смалува чекорот и дишењето ни е се` потешко. Така се` до мугрите. Во првата бледа светлина се бараме, се пребројуваме, ни олеснува кога дознаваме дека пак сите сме заедно...

Зората не наоѓа склопчени еден до друг во некоја шума или под некои големи стари дабје. Секогаш сакавме дење над нас да има сенка. Долгото чекорење во мракот ни подарува сон во кој нема соништа. Денот ни го најавува бучењето на жолтиот авион. Кружи над нас, не бара, од високо не дебне, како лакомите и ненаситени орли и соколи, кои ја дебнат својата жртва, кружи, само за неколку мигови се оддалечува и пак се враќа, не бара нас сега скриени под сенките на дрвјата. Денот завршува со последната делба на парчето црн леб и лименката месна конзерва поделена на четири.

- Строј се! - паѓа команда, на грб ранците со фишеци, со рачни гранати, на рамо оружјето и напред.

Каде?

Знае само командантот и курирот пред кој оди мртвата стража...

И така стопени во мракот, одевме напред. Во маглата станувавме уште поневидливи. Се влечевме, се тетеравевме, често баравме нешто да се фатиме, да се потпреме, ама освен сопствените нозе, нема ништо за што можеш да се фатиш, да се потпреш, малку да застанеш, да здивнеш, да собереш воздух, да ја исплукаш згустената, горчлива плунка... - не застанувај... - не

стој - не спиј, оди, продолжи... - тивко се пренесува шепотот и разнишаниот, затетеравен чекор ја меси калта.

На плеќи, нарамени, ги носевме пушките и автоматите, митралезите и фишеците. Полни ни беа ранците само со лошото.

Смрт носевме на грбот и чувавме да не падне, да не се повреди, да не се извалка и да и` е лесно на нашите плеќи...

Ноќниот марш ни беше големо молчење. Честопати во една и цела ноќ - под грмежи, ровји, бури, дожд и снег... и глад и жед... продолжуваа ноќните маршеви. Слеани со мракот, се чувствувавме така, како да сме изгубени во таа црна празнина, како да сме малечок дел во тој мрачен пустош што не опкружуваше. И само една малечка, многу малечка надеж, како малендаво пламенче на боринка или на кандилце не држеше простум, а тоа беше свеста дека се движиме напред, дека ќе стигнеме до одреденото место и дека таму ќе одмори папсаното тело.

Ноќта ја голтавме се` до мугрите, кои не беа цел на нашето ноќно одење, туку местото каде што требаше да стигнеме. И во тој напор неретко се прекинуваше врвцата на одот. Некој застануваше да здивне, друг се сопнуваше и не стануваше, а имаше и по некој, кој се губеше во мракот. Тогаш чекавме како изгубени на незнајно место и каде сомнежот почнуваше да ја гризи душата. Дел од нас пат фаќаа назад и без глас, глуво, без шум го пребаруваа изодениот пат. Заостанатите, марудерите, над кои се` уште дремеше остатокот од силата, ги прибиравме и ги следевме со сомнеж.

На разденување крај на маршот во непознато село. На починок не распоредуваа во селските куќи.

И така по еден од маршевите јас, валкана и смалена застанав пред портата, каде стоеше жена во црно. Жаловито гледајќи ме, таа се помести, ми направи место да влезам и без збор ме однесе во грижливо стокмената одаја.

Ми се пристори дека некого чека, дека сака за нешто да ме праша. Во нејзините очи гледам молчалива, нема и унижена молба. И погледот и` е длабок, молежлив и жаловит. Усните и` треперат...

Откако ми помогна да ги соблечам валканите алишта, подавајќи ми свои и да се собујам и да ги измијам засмрдени нозе, и додека се топлев покрај распалениот оган во огништето и лакомо го џвакав лебот и сркав жежок грав, жената седна до мене.

Под брадата ја притегна црната шамија, скрсти раце на колената. Несмело, со длабоко скриен уплав во натажените очи ме гледаше со молежлив поглед. Сподавената воздишка откината од нејзините гради се разлеа во полумрачната одаја. Одраз на болка и мисли врзани за некого.

Од испечените усни се одлепија имињата на нејзините синови и тивко, одвај чујно, се излеа распарана издишка:

- Само тие ми се... Поголемиот - во владината војска, другиот, помалиот, во партизани. Поголемиот, лани, со писмо го викнаа да служи војник. Отиде и од тогаш му нема глас. Помалиот, летото, оваа година, ноќе, во ниедно време тропнаа на врата и го собраа. И од него нема глас. Сега не знам каде и како ми се синовите. Живи ли се, здрави ли се? И едните и другите војски, кога поминуваат по тука, ги прашувам дали ги знаат. И тебе те прашувам дали го знаеш помалиот кој е со вашата војска?...

Во нејзините очи исчекување, вireа набабрените солзи на болка. На образите згрчено исчекување...

Упорно ме гледаше и чекаше...

Што да и` кажам? Со каков збор и ветување да ја утешам за да и` олесни во мислите и душата?

Ноќта, иако бев многу уморна, не ја преспав. Како мора ме измачуваше нејзиниот поглед во кој непрекинато тлееше

прашањето дали сум го видела помалиот син кој е во нашата војска...

Утрото кога излегував од нејзината куќа, таа ме испрати до порти и таму застана. Стоеше на прагот.

Вечерта се построивме и појдовме. Со песна чекорите и сенките ги губиме во мракот.

А мене и во мракот не ме напушташе мислата за натажената мајка, која секој ден стои пред порти, ги прашува војските дали ги виделе нејзините синови кои се бијат во две различни војски?

Чекорам и цело време пред очи ми е мајката која стои на прагот и чека, чека... Стои на прагот од ширум отворената врата и чека...

Таа чекаше, а ние одевме чекор в чекор, сенка зад сенка. Држам чекор и си зборувам со себе и секој збор ми е молба, ми е топла, занесна молитва. Се молам двајцата синови на добрата мајка да не се најдат на спротивни ридови, на спротивни ровови, да не се најдат на нишан.

Голема ми е молбата и уште поголема ми е молитвата синовите од двете војски да и` се вратат живи и здрави и мене да ми се насмевне среќата жива и здрава да и` се вратам на мојата добра мајка...

Свртив глава и без престан ми се чинеше дека во мракот ја гледам мајката како стои на прагот и чека...
Чека, нажалената мајка, чека да поминат војски и да и` кажат каде и` се и како и` се синовите кои се бијат во две различни војски...

Колку долго ќе стои на прагот и ќе чека да поминуваат војски за да ги праша каде и` се и како и` се синовите кои се во две смртоносно зајадени војски?

Чека...

Дај, Боже, да дочека...

Така нека се стори...

А јас со мојата голема молба и со покорната, страсна и занесна молитва и` посакувам да дочека...

И ти, моја мајко, чекај... дочекај...

Таа ноќ од марш, во мракот го нападнавме противникот. Во мракот отидовме во напад и во мракот се вративме од напад.

И од тој мрак некои не се вратија во стројот...

* * *

На Грамос, мојата прва партизанска есен беше дождлива, влажна, маглива, студена, гладна, а утрата ведри и студени. Само раната есен беше облечена во сите бои и дремеше во топлина. Будеше неизмерна тага и истиснуваше солзи. Се ронеа златестите лисја, се соголуваа дрвјата. Боите на шумите се прелеваа. Се` наоколу беше прекрасен шарен килим. А доцната есен беше магловита, дождлива, влажна, студена, морничава, мирисаше на гнили лисја и гранки, мувлосана трева и папрат. И гладна... Мислите натежнати - враќаа само дома.

Дома, таму тераа сите мисли, ако за тоа остануваше малку време.

На Грамос - мојата прва партизанска зима – студена. Во ведрите ноќи, кога светеше полна месечина, гледав една неизмерна белина украсена со ридови и врвови. Наоколу - една огромна белина. Блескава сончевина легнуваше врз гранките и земјата - покриени со иње. Студот остар. Под тврдата кора на мразот шумолеа изворчиња. Сив чад над земјанката. Во средината полека се топеше жарта, од гредите капеа јадри капки.

Дента надвор не излегувавме зашто над нас кружеше жолтиот авион. И тогаш голема ни беше желбата небото да се наоблачи

или над земјата да падне магла. Тогаш бевме слободни. Се миевме во снегот, се чистевме од вошките и чекавме да ни стигне тараната или размателото пченкарно брашно. Најчесто тоа јадевме.

А мојата прва партизанска пролет, тоа беше 1948 година - цел Грамос беше една голема зелена ливада, расцутена, распеана, миризлива... траповите и рекичките се полнеа со вода што се цедеше од снеговите. Поретко одевме во борби, зашто нападите беа насочени на копање ровови и градење бункери. Сите ридови и врвови ги врзавме со ровови и ги покривме со бункери од дрвја, камен и земја. Во нив го чекавме противникот...

На Грамос моето прво партизанско лето беше жешко и крваво...

* * *

И почна...

Нивниот напад на Грамос... Нашата одбрана на Грамос...

Во утринските часови, беше 14 јуни 1948 година, авионите не биеја со ракети и бомби. Кога одлетаа, смртта ја носеа топовите и минофрлачите. Потоа на јуриш тргна нивната пешадија.

Тие биеја свирепо и жестоко, а ние со неумолива пизма и настрвеност, траевме и ги браневме ридовите и карпите. Ожесточено, зајадливо и инаетливо ги браневме ридовите што гореа и карпите што се дробеа, се браневме и себе си.

Сите наредни денови авионите пак не биеја со ракети и бомби и пак потоа грмеа топовите и минофрлачите и потоа пак нивната пешадија тргнуваше во напад. А ние траевме во нашите ровови и бункери. Не ја скршија нашата одбрана и нас…

И еден ден...

Тој ден од небото паѓаше пламен. Буриња се одделуваа од авионите и од нив се истураше и се разлеваше оган. Од небото биеше црвен пламен и со бучава и реа се растураше, се

распарчуваше, разлеваше над земјата и се` повеќе се шириеше, се извишуваше и жареше. Како големи запалени крпи, скокаше, се издигаше, се вртеше и превртуваше, се префрлуваше и се` пошироко се шириеше и воздухот жежеше и ветерот се засилуваше и го пренесуваше огнот, во пластови ги префрлуваше пламените јазици кои во бранови, час се подигаа, ваму паѓаа, таму легнуваа, онаму прескокнуваа од дрво на дрво, од камен на камен, ја пржеа земјата, тревата, грмушките, лисјата, стеблата гореа како ламбади.

Гореа камењата, карпите, гореа буките, гореше земјата и нашите момчиња и девојки.

Гореа и викотниците и врисоците и ужасот.

Се` гореше...

Изгоре и мојата пријателка, Олга. Утредента ја најдовме згрчена меѓу две поцрнети карпи. Меѓу нив бараше спас. Колената - оголени коски, јагленосаното месо одделено од коските, левата страна од лицето - голо, светкаше целиот ред здрави бели заби, на главата ниту едно влакно. Гол, црн череп.

Ја имаше испечено огнот што падна од небото.

Што бомби, што оружје беше тоа оружје што ја гореше земјата, што го изгори каменот и нашите живи што ги изгоре? Смрдеше чадот, грлата затруени и запечени и уште повеќе затруен воздухот...

Гореше ридот и во него гореа и нашите моми и момчиња, живи горени, живи печени, трчаа, викаа, врескаа, молеа... Крикот на ужасот догоруваше во пламенот. И болката изгоруваше заедно со земјата, каменот, дрвото, бункерот...

Што бомби ли беа тие?

Крикот и викот големи и страшни, морници смрзнуваа тела. Потрчавме таму од каде допираше `рчење. Не удри силен мирис на печено месо. Втиснато меѓу две поцрнети карпи, лежеше на

плеќи јагленосано голо тело - лицето, челото црни, главата гола, црн череп, под челото две дупки. Немаше очи, немаше веѓи, немаше усни, се гледаа две везенки поцрнети заби и меѓу нив недогорен, не допечен - врвот на јазикот.

По месечина ги собиравме испечените и сите заедно во еден гроб.

Закопавме испечено месо и соголени поцрнети коски и со страв во очите и гласот се прашувавме - што бомби, што оружје беше тоа?

Што оружје беше тоа, кое не бучеше, а гореше и печеше и земја и камен и дрвја и луѓе?

Лелекот беше последната издишка на тоа што беше човек – мома и момче, исправени, насмеани.

И наредниот ден собиравме остатоци, ги носевме под буките и таму ископавме широка јама и во неа ги закопавме испечените соборци.

Во нашите исплашени очи тонеше голем страв и од стегнатите усни ни се одлепуваше страшното прашање:

- Што бомби беа тоа кои не бучат, а горат, пеплосуваат и пржат и печат земја и камен и луѓе? Какви ли беа тоа бомби? Кој ги донесе и од каде?

Утредента пак почна голем колеж. Свиреж, оган, гаснеше светлината во очите, се превртуваа купишта земја, камења се кршеа и дробеа, гореа дебелите букови стебла, чад го засенчуваше сонцето. Со главата стегната во дланките, со гласот потонат во немо липање, пак се прашував:

- Што бомби ли беа тие кои ги гореа нашите ровови, нашите бункери и нас? Со вода не гаснеше огнот и пламенот, туку само се прикриваше, се смалуваше, одново избувнуваше, огнот се шириеше, се засилуваше, се зголемуваше, распарчуваше, се раскинуваше во помали пламенчиња, кои откинати шириа други

и малку дувнати од ветерот растеа, се шириа, вивнуваа и гореа луѓе, камења, карпи, дрвја, земја! Бура од пламен и оган... Изгорена земја, зачадено небо и под него ние... Згрчени од страв и болка.

Што бомби ќе беа тие...

Земјата не беше земја и небото не беше небо...

И земјата и небото ги врзуваше оган...

Што бомби ќе беа тие бомби кои не грмеа, не бучеа, само истураа и шириа пламен и оган и со луда сила само ја гореа земјата, камењата, дрвјата и нас?

Сите не изгоревме.

И тогаш, кога ни беше најтешко и се чинеше дека нема излез, им завидувавме на тие, кои веќе ги немаше, затоа што не го доживуваа тоа што стануваше се` потешко.

Кутри среќници!

А ние се` уште бевме живи во пеплосаната земја, во рововите и бункерите, меѓу карпите и каменот...

Зад нас останаа здробени четириесет и пет денонокија...

* * *

Не толчеа и дење и ноќе.

Од каде ли им беа толку многу бомби, толку многу топовски и минофрлачки гранати што неброено ги истураа врз нас? Од каде им беа?

Така се прашував и многу се чудев. Ми се чинеше дека ноќта грмежите беа посилни, погласни, по застрашувачки. Го расечуваа небото и над нас се распарчуваа. Цела ноќ само трештења. Утрото се смируваа. Се смируваше и небото и

земјата и легнуваше некаква злокобна тишина. Врз земјата која дишеше реа од барут, легнуваа облаците чад. Не успевавме од себе да ја истресеме земјата, правта, да ги исплукаме грутките песок. Кон нас тргнуваше нивната пешадија. Исправени мажи, оружјето стегнато, сигурниот чекор ги носеше се` поблиску. По исчекорените сто метри, одекнуваше силен глас - напред! Се наведнуваа и јуриш... Ги пречекувавме со рафали, а потоа со рачни бомби. Легнуваа пред нашите позиции. Некаде педесет, некаде триесет, нејаде дваесет метри далеку од нас. Токму толку далеку, колку што можеше да ги стигне рачната граната. Едно по друго фрлавме рачни гранати и ги легнувавме. Од нивна страна молк, од наша рафали и гранати.

Многу се изненадив кога над нив се дигна густ чат. Од каде толку чад над нив? Каков ли оган гореше што толку чад се дигаше меѓу нив и нас? Тоа беше некаков облак, некаква густа магла и ништо не се гледаше. Подоцна ни објасниј дека тоа беше димна завеса. Така невидливи зад чадот, зад таа магла се повлекоа од пред нашите ровови, носејќи ги со себе ранетите и убиените.

Така, во јуриши и напади од нивна страна и во одбрана од наша, поминуваа наредните денови и ноќи во кои ги браневме тие проклети ридови и карпи...

Зошто?!

* * *

Во планините ноќта надоаѓа полека, како маглата кога ги полни клисурите. Почнува од долу. Прво ги полни траповите, кои не делат од спротивните ридови. Немо се искачува нагоре. Полека во себе ги вовлекува карпите, шумите, ги бриши боите, ги голта рововите, бункерите, ни ги гасни лицата. Уште малку, па и од врвот на ридот што е зад нас, гаснеше и последниот зрак. Никакво движење, никаков белег на живот. И ние и тие таму, на спротивниот рид - бевме голтнати од мракот и се` што беше околу нас, под нас и над нас беше едно големо клопко, молчаливо, ама во секој миг готово со силен грмеж да ги разбуди ридовите, да не згрчи, да ни ја скрати воздишката.

Затоа и ние и тие се држевме на нишан, кој како камен легнат врз нашите гради ни го отежнуваше дишењето.

* * *

Ровот, бункерот, а најмногу земјанката трајно не врзуваше. Тука сите бевме исти, можеби се разликувавме само со длабочината и должината на воздишките, ама желбите ни беа исти. Прво да сме сити, топло облечени, наспиени и вошки да не` не јадат и секогаш во стројот да сме на број. Некои можеби имаа и други желби, ама јас така би сакала. И уште да не ме фаќа страв пред напад и да не плачам кога помалку не има во редот пред казанот. Секогаш многу голема ми беше желбата во стројот да сме сите...

Добро ми беше кога во средината на земјанката, која секогаш беше полна со мирис од лисја, папрат, пот и неисперана облека, со густ чад залепен на зачадените греди на земјанката, кога гореше оган, кога сите бевме облеани со роеви од мисли и молкум сновевме сништа. Загледани во пламенот - мислите ни се ткаеја во желби...

Сите, ама секој одделно, си имавме своја бројаница на која беа нанижани соништа, желби, надежи, летови...

Цела ткаенина од мисли...

Ткаенината секогаш се кинеше тогаш, кога од далеку на небото се појавуваа црни дамки. Подвижни растеа и беа се` поблиску над нас. Во низок лет не опсипуваа со митралески оган, а ридот од десната страна го покриваа со бомби. Гледавме само купишта земја вивната нагоре. Грмежот, подоцна, до болка, ни ги заглушуваше ушите.

* * *

Тревките што растеа до мојот ров, ги покри прашина, ги снема капките роса, кои секое утро како бисери беа нанижани и трепереа во утринските зраци на младото сонце. Секогаш ми беа омилени врвовите и стебленцата на тревите. Ме разведруваа

кога гледав како треперат во мекото и благо дување на ветерот, како се разиграни, како се допираат, како се свиткуваат, ама не се кршат, се исправуваат и траат дури и кога дувнува посилно. Нежно ги допирав и листенцата и стебленцата и со перничките од прстите собирав капки и со таа утринска бисерна и блескава мирнотија, со тој издив на надеж, си го миев лицето и очите.

Тие и наредните денови се` повеќе бевме биени.

Почнував да не ги сакам ведрите денови и синото безоблачно небо. Не ги сакав и зорите, тие бели планински зори. Колку и да беа убави, тие не носеа радост, ами само немир и страв, осакатување и смрт. Ја претпочитав ноќта, па дури и густиот мрак. Почнував да не ја сакам и полната месечина. Ја сакав ноќта, нејзината црнина и молкот и тишината, кога во неа ги имаше.

Денот ранувaше, осакатуваше, убиваше, носеше многу болка, која само ноќе и во мракот можеше барем малку да се одболи. Само тогаш, во мракот, имавме малку мирно време. Над рововите и бункерите деновите секогаш се будеа без ведрина...

Од кај полето редовно се појавуваа црни дамки. Подвижни. Растеа на небото и колку беа поблиску над нас, толку повеќе стануваа грозни. Во низок лет не опсипуваа со митралески оган, а потоа ридиштата од десната и од левата страна ги покриваа со бомби. Таму купишта земја вивнуваа нагоре, а грмежот се истураше над нас.

Така знаевме дека нашите таму се бранат и дека ридовите се` уште беа наши.

Тие и наредните денови се` повеќе ми беа снемилени. Почнував да не ги сакам ведрите денови и синото безоблачно небо. Не ги сакав и зорите, тие бели планински зори. Колку и да беа убави, тие не носеа радост, ами само немир и страв, осакатување и смрт. Ја претпочитав ноќта, па дури и густиот мрак. Почнував да не ја сакам и полната месечина. Ја сакав ноќта, нејзината црнина и молкот и тишината, кога во неа ги имаше.

Денот рануваше, осакатуваше, убиваше, носеше многу болка, која само ноќе и во мракот можеше барем малку да се одболи.

* * *

Квечерината не построи командантот и рече дека утре или задутре ќе не посетат некои Френци и поради тоа треба добро да се дотераме.

Нареди: - сите да сме чисти, за да видат Френците дека сме војска. Половина од ноќта носевме вода од плиткиот поток и се миевме, ги чистевме вошките, се дотерувавме во тие наши излитени и крпени униформи на туѓи војски.

Утрото построени, исправени, одвај дишејќи од возвуда, ги пречекавме Френците. Не поздрави еден висок маж, за кого дознавме дека е поет. Не му го запаметив името, ама велеа дека е голем френски поет и дојде да не види и да не охрабри. И тој френски поет беше толку храбар, што ја зеде инката, свиткана од дебел картон, малку ја подигна главата над ровот и со силен глас, им се обрати на владините војници, се разбира на френски. Никој од нас ништо не разбра, ама сфативме дека е на наша страна, а политичкиот комесар ни велеше дека поетот на војниците им зборува за мирот, за збратимување со нас и дека сега кога такви луѓе се на наша страна, ние треба да сме уште похрабри и посигурни во победата.

Френскиот поет заврши со викањето и помина пред стројот. Нешто му велеше на еден облечен во цивил, кој запишуваше и се смешкаше, креваше лева тупаница, веројатно во знак на сигурност дека ќе победиме. Додека тој, френскиот поет, така не уверуваше, го донесоа казанот со манџата. Имаше густ компир со месо.

Првпат по цели недели се најадовме и заедно со нас се најаде и френскиот поет и сите кои дојдоа заедно со него. Фотографот без престан пстрикаше и глупаво се смешкаше. Кога целиот тој рој си отиде, а ние го испративме со ракоплескање, си велев, мислејќи на густата манџа со компир и месо, камо ли среќа почесто да ни доаѓа тој француски поет, а можеби и некој друг...

Така охрабрени и сити, ноќта тргмавме во противнапад.

* * *

Противникот ги премести топовите и отвори оган. Не стигнав да дотрчам до карпата. Остра болка ме жегна во плеќите, ми се потсекоа нозете, ми се прекршија колената, изгубив здив. Лежев ничкум. Некој врз мене фрли засмрдено ќебе, мирисаше на се` што душата не поднесува - и на крв и на барут и на гнило... Потоа го послаа под мене, ме дигнаа и се лулев на тоа ќебе што се лулаше де десно де лево. Тоа беа чекорите на тие, кои ме носеа. Кога лулањето беше поголемо, тогаш и болката беше поголема. Ми се чинеше дека некоја дебела спица, некое шило, некое глето ми е заковано во плеќите. Губев светлина, издив и глас. Повремено се освестував и тогаш ја чувствував острата болка, почнував да стенкам, да офкам, да лелекам. Одењето прекина. Ме спуштија на земја. Се обидував да се свртам. Немав сила. Сакав да ги видам лицата на тие, кои ме носеа. Знаев, дека не се мажи, не се млади жени. Мажите и младите жени останаа таму, на ридот, за да го бранат. Знаев кои се и знаев дека носат црнина и имаат натечени стапала и стврднати дланки и згрбавени плеќи и натечени рамена од носилката на која лежеше осакатено тело - живо месо, сожаливи се, тврди, такви ги направи и мојата болка и болката на тие кои вчера или некни ги носеа и нивната болка.

Острата болка ми го замагли видот и не успеав да им ги видам лицата, ама знам какви им се. Ме дигнаа и ме товарија на коњ и заедно со други коњи, копито зад копито, прудолу. Коњите застанаа и некои раце ме симнаа. Други раце ме презедоа и ме легнаа на маса. Жена во бело со ножици ми ја исече блузата, кошулата, на местото каде ја чувствував големата спица истури некаква течност, која ме изгоре. Дојде маж во бело, ме прегледа, нешто рече, што јас не разбрав, потоа ми ставија на лице една влажна крпа и... заспав...

Се разбудив во голема одаја. Сфатив дека лежам в кревет. Горчина во устата, засушено грло, мачнина. Чувствував како нешто ми го полни грлото и почнав да исфрлувам жолта,

горчлива течност. Ме фати леснотија, длабоко дишев. Лежев ничкум, Полека свртив глава, де десно, де лево. Отворив очи. Голема, светла одаја и полна со осакатени момчиња и моми. Жени во бело разнесуваа кошнички со леб и сирење. Една од нив го избриша од мене тоа што го повратив. Горчината и натаму ме гореше. Вдишував длабоко и не го чувствував мирисот на влажната земја, на барутот, на чадот. Шајката, шилото, глетото не го чувствував во плеќите, ја немаше и острата, тапа болка и печењето. Лесно дишев. Си реков: - Жива сум... жива сум... жива... - повторував и се расплакав...

По недела дена пак ме товарија на коњ и во колона, ноќе преминавме во Албанија. Отаде границата, во ретката шума не чекаа камиони, кои не однесоа во Корча. Болницата полна наши. Немаше ден кога едни се враќаа на боиштето, а други, повеќе од тие кои се враќаа, пристигнуваа со камиони. Болницата вриеше. Немаше место за сите. Ходниците полни. Во таа болница, велеа болничарките, креветите никогаш не се оладуваа.

Раната брзо заздравуваше и се` уште не доздравена - ме вратија на боиштето. На старата позиција.

Од мојата чета тукуречи половината беа надвор од стројот...

* * *

Со заодот на сонцето небото се ослободуваше од авионите и ние од нив. И тогаш добивавме наредба да сечеме дрвја. Три - четири метри долгите букови трупци ги носевме до растарашените бункери и над нив ги префрлувавме во редови. Ред трупци, ред земја, ред камења. Пет, шест, седум и повеќе редови. Цела куќа. Така подигнати, им ги стававме на дланка на тие кои ги имаа топовите, минофрлачите и авионите, како да им велевме - повелете, ете не, ние сме тука...

Кога веќе бевме готови со бункерите, почнувавме да копаме дувла зад рововите. Во тие дувла се криевме, по еден или двамина, кога не толчеа со авионите и топовите.

Копав длабоко, колку подлабоко, толку посигурно. Копав со инаетот на магарето и со отпорот на козата. Секогаш чувствував дека мирисам на земја, на корени, на влага, на гнил лист и папрат и таква пот бришев од челото и лицето. Се` подлабоко влегував во земјата во која не го чувствував мирисот на тревата, на лисјата и на свежиот воздух... Кога веќе бев длабоко влезена во земјата, тогаш ми се чинеше, дека го губев бодриот чекор. Повеќе бев склопчена, свиткана, згрбавена, згрчена. Лицето ми примаше земјена боја, алиштата ми мирисаа на земја и на земја ми мирисаше и здивот. Само душата се` уште не го имаше примено тој мирис. А земјата, не одбираше. И мене и сите други околу мене, од левата и десната страна и тие кои беа подолу или погоре, не примаше сите: - и храбрите и страшливците и вошливите и валканите, гладните, жедните, исплашените, сакатите, живите и мртвите - сите, не одбираше... сите ги примаше...

Добра земја...

Од дувлото излегував само на кратко. Седнував на купот исфрлена земја и длабоко го вдишував воздухот измешан со мирис на барут. И си мислев - зарем ова е живот? Што ли е ова? Што има сега во него? Што да очекувам? Мислев за се` и од сето тоа сакав само едно да ми е сигурно - жива да останам па дури и под земјата... живи да останат и моите другари...

Ова ми беше голема желба. Живо ми чукаше срцето. Така, да чука, па нека е и од мака, од страв, да чука и од радост затоа што се` уште имам сила да мислам дека сум цела, дека мрдам со нозете, со рацете, со главата, дека се` уште сум жива. Дали сум доволно силна така да продолжам да мислам?

Ни велеа дека ние не треба да мислиме. За нас, ни велеа, мислат некои други, а ние треба тие нивни мисли да ги следиме и да се однесуваме така, како што мислат само тие.

И така правевме.

Тие мислеа дека бункерот е слаб и бараа моќен и тврд да го направиме. Го правевме.

Тие мислеа дека ровот е плиток и ние го правевме длабок.

Тие мислеа дека треба да сме истрајни и ние бевме истрајни.

Тие мислеа дека треба да го браниме каменот и карпата и ние го браневме и каменот и карпата.

Тие мислеа дека не треба ниту чекор да отстапиме и ние не отстапувавме.

Тие мислеа дека треба да се биеме до последната капка крв и ние така правевме.

Правевме се` што милеа тие...

Така правевме и кога ноќе марширавме под снег, под дождови гладни и жедни.. и кога фаќавме нови позиции и кога на тие позиции копавме и кога напаѓавме и кога не напаѓаа и кога гледавме убиени, ранети и сакати и кога скапувавме во влажните и студени земјанки...

Секогаш правевме така, како што тие мислеа. Дури и духот сакаа да ни е според нивните мисли. А во мене само тој дух беше нешто мое, лежеше длабоко во мене и уште подлабоко во мојата мозговница. Ме бодреше, ми носеше и радост и страв и болка и кураж и надеж. Душата - духот, длабоко беа вгнездени во мене и ме правеа силна, не даваа да се изгубам, да се разочарам, да пропаѓам во гнилежот на времето...

Пикната длабоко во земјата, можеби метар или подлабоко од дното на ровот, се чувствував посигурна, побезбедна иако воздухот беше валкан и шириле гнил мирис. Исфрлената земја ја растурав пред дувлото и потоа ја покривав со лиснати гранки скршени од најблиските дрвја и со папрат.

И таа, ископаната земја, да е скриена, како јас. Таму, на првата линија на боиштето, кога не биеја бомбите и тешките топовски ѓулиња, тогаш само длабоко под земјата ние можевме да

опстанеме. А противникот го чекавме скриени во рововите и бункерите и зад карпите...

Кога немаше напад, тогаш бункерот ни беше спална (ако не бевме постојано на позиција), трпезарија (ако имаше нешто за јадење), а местото за олеснување (ако имаше од што) беше во трапот. Така земјанката, бункерот ни беше дом, гнездо. Целата ридеста позиција беше ископана со рововите и покриена со бункери. Наредба беше да ги браниме...

Колку долго?

* * *

Цел ден не толчеа.

Кон крајот на денот авионите веќе не се редеа над нас, ама затоа топовите отпеаја. Кога излеговме од своите дувла бункерите и рововите ги најдовме изорани. Ми се плачеше од мака.

Некој до мене, прошепоти:

- Добро си бевме порано. Немавме ниту ровови, ниту бункери. Бам ваму, бам таму и в шума... Сега не пикнаа во ровови и бункери, во дувла и што браниме? Ридови, камења, карпи, изгорени и осакатени стебла браниме. Сега дури и ридовите и планините и шумите ни станаа тесни. Дури и дувлата ни станаа тесни...

Гласот му го пресече гласната наредба:

- Да се дотераат рововите и бункерите!

И почнавме ноќе да сечеме дрвја, долги трупци да пренесуваме, да копаме.

Не беше земја во која лопатата можеше лесно да сече. Копачот удираше во каменот, некаде се вклинуваше, дршката се кршеше, каменот не даваше да го извлечеш. Земјата ја

исфрлував со шепите. Така до зори. Ако немаше напад, тогаш денот го преспивавме. По заодот пак в раце лопатата, копачот, клинот. Противникот ноќе не напаѓаше. Одмораше, јадеше, спиеше и се готвеше денски да тргне во напад. Ако не тргнеше, тогаш ни фрлаше неколку топовски гранати, авионите правеа неколку кругови и не биеја и тогаш од нашиот одмор, од нашето спиење - шикли...

Позициите на противникот не беа далеку од нашите. Трипати на ден ја слушавме нивната труба. Наутро за појадок, напладне за ручек, пред заодот - за вечера. Тие си имаа време за јадење, а ние само време за јакнење на рововите. Јадевме еднаш или двапати. Најчесто грав и тарана и парче црн леб, ретко месни конзерви. Заробениот војник ни велеше дека јадат месо со многу компири, макарони. Политичкиот комесар го прекинуваше и го караше, велејќи му да не шири непријателска пропаганда и дека многу сака да му се плукне на таа американска храна и тврдеше дека кога ќе се ослободиме, тогаш ние двојно повеќе ќе јадеме и ќе пиеме и така бесрамно долго ни ја делеше идната храна небаре бесплатно ја носеше од својата кујна. Се разбира го слушавме и многу се смеевме во себе, гледајќи го со презир. Човекот имаше фантазија и многу лажеше... Ние ги слушавме тие глупости, исто така, како што слушавме многу други ветувања...

* * *

Излегов од дувлото. Небото замаглено, sвезди тукуречи и немаше, а високо над планинскиот врв висеше камбурестото рокче на месечината. В лице ме удри лесен освежувачки повев на ветерот. Не стоев долго. Се вратив во дувлото.

Копав длабоко и бочно. Не прекинував и не знам колку длабоко и колку широко сум ископала. Ако, нека е подлабоко, си мислев, нека е пошироко. Нека ми заличи на одаја. Ќе ја наполнам со себе, со моите мисли, со моите мечти, ќе ја украсам со зелени подгорени лисни гранки и со ридско овенато цвеќе. Тука нема нешто што не е подгорено, што не е овенато. Ќе вдишам топла издишка, ќе истурам дел од мојата душа за да замириса на живот ова дувло што тоне во подземен мрак.

Малку понатака од мене тешко удираше копачот, понатака лизгаше лопата, секој копаше дувло лево и десно од мене. Спасот го баравме во дувлата, во јамите, а не на земјата, туку под земјата. Копав. За миг прекинував и мерев висина и ширина. Доволно ли е?

Никогаш сончев зрак не се провлекуваше во него зашто го покриваше густата сенка на буката која ме чуваше од гранатите. Потака голема карпа, цврста - кремен. Оној што пред мене копаше, карпата ја кршеше со глето.

На ѕидот ископав и камарче во кое чував и запалував боринка. Трепереше пламенчето, ја здебелуваше мојата сенка, ја преместуваше од ќош во ќош, ја зголемуваше, ја намалуваше, ја кршеше, ја свиткуваше. Не бев сама. Во дувлото бев со мојата сенка и така си имав со кого да другарувам, да зборувам, да му се лутам, да му се смеам и потсмевам, па и да се карам. Две глави, четири раце, две тела. Мрдавме, се свиткувавме, се наведнувавме, се будалевме. И по некое време согоруваше боринката и со неа и мојата сенка. Згаснуваше боринката, згаснуваше и сенката и тогаш си мислев:

- Дали и јас тука ќе згаснам? Во мракот останував сама, без мојата сенка. Подадов глава надвор и гледав како облак го покриваше рокчето на месечината. Полека ме обземаше некаква безмерна тага, која во мене предизвикуваше болка. Гледајќи го рокчето на месечината си спомнував како на жнеење ноќта останувавме да ја преспиеме на нива за да станеме порано и по ладовина да го довршиме жнеењето. Ноќта тивка, небото извезено со безброј ѕвезди и над нас јасно светеше млечниот пат. Во ноќната ведрина стружеа штурчињата, во шуплината на старата горница повремено се огласуваше бувот. Вгледана во месечината и млечниот пат што небото го правеше појасно, ја вдишував светлината, свежината на тишината, мирисот на класјето и сакав, многу сакав, така да остане...

Душата почнаа да ми ја мачат спомените. Се фаќав за еден спомен, кој можеби во тој миг во едно клопче ги собираше сите спомени. Некои живи, некои подзаборавени. Ме разбудуваа од

тоа што беше вчера, излегуваа од клопчето и полека, полека, со задршка, го одмотуваа конецот на кој беа нанижани радости и мечти, сакања и присакувања, желби и соништа... Спомените се одмотуваа и одмотуваа, некои се губеа и некаде одново никнуваа, се редеа, пак се врзуваа скинатите радости, горчините, стравувањата, исчекувањата, мечтите, надежите, соништа...

И така потпрена на каменот што лежеше до моето стрелечко место, многу посакував да имам една таква ноќ. Посакував над мене да свети полната месечина, да стружат штурците, да дише ноќта со мирисот на тревките, со ладовината на ридот. Така со умот си мислев и пак многу посакував така да е засекогаш...

Слатко е да се мечтае и да се сонува под ѕвездено небо со полна месечина... Сакав, многу сакав да сум дома, да сум легната меѓу класјата на не пожнеената нива и во очите до бела зора да ми тоне месечината... Мечтата ми ја прекина невидливо, тивко, ѕвонливо, момино пеење. Се разлеваше полнејќи ги рововите, замолчуваше колку за да собере здив, молежливо и жаловито некого повикуваше...

Згрчена ја слушав песната на тагата...

И се запрашав дали може да се подјарми тагата, да се скроти така за да не ја гризе душата, да не биде напаст, да не измачува, да не гори во градите, да не гризе, да не ја смука душата?...

Над рововите и бункерите зазоруваше.

* * *

Излегов надвор. Ме удри воздух исполнет со мирис на барут и изгорени крпи. Преминав во ровот. Врз цевката на автоматот болскаа ѕвездите и рокчето на месечината. Во тревата стружеше штурче. Довикуваше, прекинуваше, наслушуваше и одново стружеше и стружеше упорно, кутрото, стружеше та стружеше...

Си реков - има живот.

Од градите ми се откина долга издишка и ми донесе олеснување. Упорно се напрегнував да не мислам повеќе на дувлото, на ровот, ми се присакуваше да легнам на влажната земја што пред малку ја исфрлив и да гледам на ѕвездената небо, на облаците што се преместуваа и некаде одеа, на осакатените гранки и на дебелото дабово стебло исцепено од топовските шрапнели.

Топла беше ноќта. Мирисаше на свежо ископаната земја и мирисот го вдишував со целата влага што испаруваше од неа. Си го слушав биењето на срцето и си повторував - жива сум, штом го слушам шумолењето на лисјата, стружењето на штурчето и го чувствувам мирисот на земјата и `рчењето на соборецот.

Спиеше тој навален на ѕидот од ровот. Мирно му беше лицето и сонот длабок. `Рчеше гласно и штурчето исплашено од `рчењето за миг прекинуваше да стружи. Во шумот на лисјата, во лесното треперење на стеблата на испрженатa и изгазена трева, во тажното довикување на штурците, во `рчењето на другарите, во тивкото дување на ветерот, жива беше ноќта...

И јас во неа бев жива...

* * *

А противникот цела ноќ го чекавме скриени во рововите, во бункерите и зад карпите...

Кога немаше напад, тогаш бункерот ни беше спална (ако не бевме постојано на позиција), трпезарија (ако имаше нешто за јадење), а местото за олеснување (ако имаше од што) беше во трапот.

Земјанката, бункерот ни беше дом, гнездо.

На ридестата позиција имаше и други бункери и други ровови и многу големи камења и карпи. Нив со денови ги браневме. Наредбата беше да ги браниме...

Колку долго?

* * *

Ми дојде редот да одам да наполнам вода.

Изворчето во трапот. Стегнато меѓу два големи камења. Од листот свиткан во инка, капка зад капка, небаре нанижани бисери на бело синџирче, се цедеше и се сребреше водата. Течеше синџирчето, час тенко, час се здебелуваше, час нижеше дебели светкави капки, прекинуваше, одново врзуваше, шуштеше, живнуваше, клокотеше во грлото на матарката и таму нешто шепотеше ...

...течеше живата вода... водата на животот... блескотеше во кратките сончеви прамени што се пробиваа меѓу гранките и лисјето и течеа, шумолеа бисерните капки врзани една до друга...

На околу мирис на гнили лисја и се` беше измешано со грањчиња кои гниеја во црното блато покриено со дебелата сенка на буките. Тука сонцето само мигновно погледнуваше. Густа сенка го покриваше изворчето и шириле ладовина.

Првата матарка - полна, ја тргнав, ја подметнав втората и чекав и се радував кога слушав како во него водата клокоти и игра, пее, потсвирнува и во тишината на сенките полека ме совладуваше мирнотијата на тоа рајско место, не многу далеку од рововите. Седев крај изворчето, до двете карпи од кои извираше водата и се молев мигот на времето да се развлече, долго да трае, како што траеше ова изворче во подножјето на ридот.

Врвцата течеше, гргореше, живот се влеваше во матарката. Над изворчето разиграни вилини коњчиња и пеперутки слетуваа. Го слушав гргорењето на водата во војничката матарка и голема желба ми беше никогаш да не престане ова пеење на живата вода која во мене будеше неизмерна радост.

Исполнета бев со бодрост и возбуда и многу би сакала така да течам во времето, како што безгрижно течеше таа вода и ми се чинеше дека ме кани уште да останам и да се дружам со изворчето, крај него да дремнам во ладовината и без страв и уплав на сон да ги оддиплувам страниците на спомените и врз нив да постелувам најдобри желби...

Жуборкаше, гргореше водата врзана во бисерно - сребрено синџирче, шумолеше и пееше во грлата на матарките...

И одеднаш си спомнав!!!

Денес јас наполнив осумнаесет години!

Не ме совлада радост, туку на усните ми се залепи прашањето: - Дали оваа моја нова осумнаесетта година ќе тече на овие голи и безводни ридови или?...

Клекнав пред изворчето, прстите ги собрав во шепи, ги наполнив со вода и пиев полека, раскошно и сладострасно пиев ладна и добра вода, вода на животот...

И прошепотив една од многуте желби:

Нека ми гргорат годините, Боже, нека ми жуборкаат како што гргори изворчето...

Матарките беа полни. Ги врзав за појасот и ја фатив тесната патека што водеше горе кон врвот и рововите. Одев и се` ми се чинеше дека го слушам гргорењето на водата, го гледам летот на вилините коњчиња, ја чувствувам ладовината на сенката, шумолењето на лисјата и песната на водата затворена во матарките.

Угорнината ми го одземаше здивот. Кога се најдов надвор од сенките на дрвјата, врз мене сонцето истури светлина и тогаш, загледана во небото, во шумата, ридовите и планините и целата ширина распослана пред мене, слушнав свиреж и потоа грмеж...

Горе бучеше. Воздухот трепереше. Земјата офкаше. Испокршени камења се тркалаа прудолу.

Ја снема тишината. Во мене секна гргорењето на изворчето.

Знам, веќе го бијат ридот. Се стрчав пругоре и само една мисла ме сечеше - таму веќе убиваат.

Си реков:

- Денес некои нема да се напијат пресна, ладна, бистра и добра вода, што извира од дамарите на карпите и корењата на буките... Топовите грмеа и долго го биеја ридот...

А мене голема желба ми беше со таа вода сите да ги почестам за мојот осумнаесетти роден ден...

Оф!!!

* * *

На небото ниту месечина, ниту ѕвезди. Само црни облаци носеше северот. Отаде другиот планински рид - болсна. Долга, крива врвца од светлина ги врза ридовите и врвовите, над неа пребледи небото и грмна. Татнежот го презедоа ридовите и удолништата и го растурија некаде во траповите. И одново светлина и одново грмеж како трештење на топовско ѓуле. Грмежот влечеше грмежи. Капка дожд ми легна на лицето и потоа многу капки, небаре врзани во една врвца, течеа од црните облаци. Од ридот, прудолу, течеа порои и носеа земја, влечеа лисја, гранки, камења, кал. Матното ми го полнеше ровот, водата ми ги покри глуждовите, ми ги наполни чевлите, ладовината ја чувствував со колената. Секавиците расечуваа небо, врзуваа ридови и над нив грмеше. Ровот се полнеше со матна вода и со кал. Притегната до ѕидот, стоев и не мрдав. Се плашев дека ќе ме изгори некоја рофја, а можеби и куршумот на тој од таму, скриен зад некоја карпа, зад некое дебело стебло, зад некои густи гранки, дека кога ќе светне, ќе ме погоди в глава. Чувствував дека е близу, ми се чинеше дека го слушам неговото притаено дишење, дека го гледам, дека ме има на око,

на нишан. Не мрдав. Доволно беше малку да подигнам глава и... кога светкавица болсна - грмеж. Не од небото, туку од земјата. Остар, краток свиреж. Нешто топло ми го облеа лицето, голема капка ми застана на усните. Крв. Момчето, кое стоеше до мене пласна во матното. Преташе со нозете, широко отвораше уста, дали сакаше нешто да каже или му немаше воздух, не знам. Клекнав покрај него, му го избришав лицето од калта. Во светлината на секавиците видов како неговите очи почнаа да добиваат боја на студено стакло. Полека се ладеше во мојата прегратка. Ровот се полнеше и матното - до вратот. Се плашев да станам, да се исправам, да излезам од калта, од полниот ров... Склопчена останав до зори. Утрото ме извлекоа другарите. Во прегратка го држев мртвото момче.

Имаше само седумнаесет години и некоја недела.

* * *

Дента, под жешкото сонце, во рововите се` се стврднуваше.

По наредба сите почнавме борба со калта. Клекнати ниско, да не ни се гледа главата, во тишина ја исфрлувавме калта, камењата, гранките. До заодот ги исчистивме рововите и ја слушнавме наредбата:

Повлекување! Одиме на нови позиции!...

Прибравме што можеше да се прибере и појдовме. Не исчекоривме ниту стотина чекори и нова наредба:

- Назад!

Се вративме на истиот висок и гол рид. Над нас повисоко беа ветриштата, облаците и уште повисоко - ѕвездите. А под нив - ние. Таму го дочекавме денот со очите полни со планини, ридови и карпи. Високо бевме, а пониско и далеку од нас беа топовите на противникот. Таму гледаш бела топка од чад, потоа задоцнет грмеж и оддалеченоста ја скратуваа ѓулињата.

Си велев:

- Ете и денес на овој висок рид ќе бидеме биени и од земја и од небо. Душите на некои од нас ќе бидат повисоко. Поблиску до силните ветришта, поблиску до ѕвездите.

Се` потесен ни стануваше просторот, зад нас се` помалку - ридови.

* * *

Кога беше тивко и првата дремка се кршеше, најубава ми беше зората... Си видел ли од планински врв како зората зори? Далеку, зад други ридови испловува и полека розово и румено го прави небото. Со бои, со мени, ги обојува ридовите што ти вишнеат пред очи, ги разјаснува, пламти, гори над нив, догорува и ги гасни ѕвездите, а долу, под ридовите - траповите и шумите ги покрива со пурпур... Во подножјата на ридовите, во клисурите и траповите испарува последната издишка на мракот...

Секој ден одевме кон височините, се` поблиску до ѕвездите... и ние поблиску до небото и силата на противникот не носеше поблиску до смртта. Земјата тврда - камен - кремен. Не ја крши ниту копач, ниту казма.

Собиравме мали, здробени камења и купче ги редевме пред нас колку за да можеме да скриеме глава. Камен по камен, купчето растеше толку високо, колку да не се гледа главата од другата страна. Од долу грмнуваше и над нас одекнуваше страшниот свиреж на топовските ѓулиња, ама ѓулињата паѓаа отаде нашите гробови и го ораа трапот, го полнеа со жешки шрапнели и со чад.

Овој пат не` не погодија.

Можеби попладне или утре подобро ќе измерат и подобро ќе не толчат нас, кои добивме наредба ниту чекор назад. Ако топовите не` не истераат од тука, тогаш авионите ќе не столчат.

Така си помислив и ме фати страв. Ама не ми беше првпат. Секогаш кога се пукаше, кога се одеше во напад или се одбиваше напад, стравот ми беше голем и ме чуваше.

На голиот рид, зад купчето камења, тој ден многу се плашев. Лежев на голата камена земја и треперев во злокобната тишина.

На таа гола, камена чука тишината ништо добро не носеше.

Противникот секој ден се` посилно не биеше. Се држевме.

Карпите зад кои наоѓавме скривалиште и натаму тврди и издржливи и ние зад нив и покрај нив - тврди и издржливи и земјата изорана од бомби и ѓулиња се` уште не крепеше.

Кој ден бевме тој ден? Колку денови така издржавме? Колку бевме и колку останавме?

Другарка ми се довлече до мене и издиша болка:

- Таму некаде, на некој од тие ридови загина брат ми... ми рекоа дека рафал го пресече...

Ме пресече жешка и раскинувачка болка. Стегнав душа и си реков: - таму некаде, на некој од тие ридови загина и брат ми.. таму некаде... на тие ридови... таму...

Многу ридови... и во нив многу браќа и сестри...

Денови и ноќи се нижеа во одбраната на ридот викан Котелска Кула. Под неа бездна. Стрмна како со нож посечена. Од врвот до дното сал камен. Знаевме дека во нејзиното дно се коските на тројцата партизани кои пред една година за да се спасат од една смрт скокнаа во друга смрт.

Политичкиот комесар на баталјонот и партискиот секретар вдахновено ја ткаеја приказната за тоа самоубиствено херојство кое веќе ни беше како икона обесена пред очи... Велеа и повторуваа, дека тие тројцата биле вистински херои и дека нивниот чин треба да ни биде пример за следење...

Тој ден и деновите и ноќите што следеа по нив го браневме ридот. Цврсто се држевме и до работ на Котелската Кула...

Не скокнавме во големата, длабока и страшна бездна...

* * *

Денови под дожд, во матна вода, во кал, во крв, пред очите осакатени дрвја, расцепени стебла, времето изгор и другарување со смртта - така траеја деновите во рововите. Кога врнеше, од врвот се` до долу, по удолницата, дождот носеше матна вода и кал. Рововите се полнеа и тогаш во нив месевме блато. Тоневме до колената, некаде до половината на телото. Леплива кал, одвај нога да подигнеш. Дење останувавме во калта, зашто жолтиот авион од горе не гледаше и јавуваше долу и топовите се огласуваа. Ни остануваше ноќта да ги исчистиме рововите и сами да се исчистиме од калта. По дождот ветерот ги одвејуваше облаците и над нас небото ведро и извезано со ѕвезди. Ноќта - топла, дишеше со мирнотија и ние дишевме со немир во мракот и во исчистените ровови...

И чекавме... напад...

* * *

Беше пресна зора, време кога птиците најмногу пеат. Наместо нив долетаа авиони од западната страна на ридот и не биеја од грб.

Најчесто така не биеја - од грб.

Склопчена длабоко во ровот над мене го слушав само татнежот на грмежите и треперењето и стенкањето на земјата. И одеднаш - тишина. Толку беше, ама до кога? Станав. Се исправив. Излегов од роовот. Воздухот тежок, презаситен со реата на барутот и чадот. Наслушнував и глас не слушнав. Викнав. Глувотија. Гласот ми се измеша со свирежот на топовските гранати. Трчаница во ровот. Не знам дали лошо измерија, ама гранатите, со силен свиреж ги прескокнуваа нашите позиции и

лудуваа отаде трапот. Таму трештеа, кршеа карпи и камења, цепеа и откорнуваа букови стебла, ја ораа и ја превртуваа земјата. Потоа се огласуваа тешките митралези и тргнуваше нивната пешадија. Од уста во уста, се пренесуваше наредбата - сите на своите места.

Доаѓаа исправени, како секогаш. Чекавме. Кундакот стегнат, окото на мушицата, здивот потонат во градите.

И овој пат ги одбивме.

Пресната зора ја извалка мирисот на барутот, а пладнето под жешкото сонце боиштето мирисаше на засирена крв...

Заврши денот.

Имавме загуби?

Во билтенот - немаше, ама двајца закопавме во ист плиток гроб и петмина испративме во болница.

А противникот?

Секогаш во билтенот што политичкиот комесар го испраќаше до повисоката команда – бројката за убиените противници секогаш беше голема...

А рововите веќе не беа ровови и бункерите не беа бункери. Се` уништено. Ноќта ги поправавме. Во нив заедно со земјата измешани нозе, раце, глави. Делови од нашите момчиња и моми...

Сите, заедно со окрвавената земја, во една јама.

* * *

Коле ни беше многу омилен другар. Мирен, малку повлечен, а знаеше убаво да раскажува приказни и тивко, со зарипнат глас - да пее.

Пееше народни и партизански песни, што ги донесе од Југославија, каде едно време служеше во нејзината војска. Како што велеше, на осумнаесет години им се приклучил на македонските партизани кои се отцепиле од грчките партизани и дигнале црвено знаме. Така стасал до Битола и потоа до Дебар, Кичево и Гостивар каде ја расформирале бригадата.

Коле, селско дете, без занает, тргнал да служи во народната армија на Југославија. Завршил шестмесечен курс за артилерци и службата го однела во близина на Дубровник. Ни велеше дека тоа Дубровник ти бил многу стар град на море, ограден со високи камени ѕидови.

Задача на единицата била да го чува Тито кога тој со другарите доаѓал во Дубровник. Слободното време секогаш го користел да чита и уште повеќе да учи. Станал одличен артилерец и за ова му јавиле на повисоката команда, која го предложила да оди да учи повисоко. За одличната служба добил пофалба, потоа орден и предлог да учи во воената академија. За артилерец. Командирот на полкот, стар партизан ги сакал умните селски деца, а и тој ти бил од село. Тој го предложил да учи во воена академија и така Коле стасал во Белград. Таму го нашле активистите од Булкес, му ја прикажале приказната за борбите во Грција и за страдањата на Македонците и Коле послушал и одлучил да оди да се бори. Возот го донел во Скопје, друг воз во Битола и од таму со камион преку Поградец и Билишта - во Албанија, со други триесетина, го растоварiле во Врбник и од таму пеш стигнал во Мали-Мади. Зад него остана воената академија и желбата за учење. На крај од оваа приказна, Коле ни рече:

- Да не беше ова што е денес, јас сега ќе си бев генерал.

И така од тогаш не го викавме Коле, туку Коле - генералот, кој, како што ни велеше, имал голема желба да се види со командантите од Егејската бригата, ама тука, меѓу нас, нив ги немаше. Си останале во Скопје и таму, како што велеше Коле-генералот, кој меѓу нас беше најписмениот, тие делкале политика и затоа многу не ги мирисаше, бидејќи, таквите не наоѓаа место во неговата кошничка...

Коле-генералот беше висок маж, цврст, широко плеќест, очите секогаш му беа насмеани, усните набабрени. Гласот му беше тивок и зборовите секогаш одмерени. Какво ли чудо е тоа, едно толку големо тело да го кутне едно парче железо, големо како ноктот од големиот прст?

Од тоа големо тело истече младоста, желбите, сакањата, соништата, мечтите. Големото тело на Коле-генералот и малечкото парче железо ги закопавме заедно. Колку долго ќе го јаде земјата тоа големо тело и тоа малечко парче железо? Не кладовме крст. Под сенката на буката тие засекогаш ќе бидат заедно...

На тие ридови и карпи, во тие ровови и бункери, на таа земја што гореше, што пламтеше, што беше еден жар, еден пламен, една клада, од големи и мали парчиња железо паѓаа мажествени, големи и мали тела на моми и момчиња. Кога во други денови по тука не носеше денот или ноќта, на тие кои не знаеја, им велевме:

Тука лежи Коле-генералот...

Само толку зборови за спомен...

* * *

Со противникот си ги изменивме местата. Порано тој во ровови и бункери, сега ние во ровови и бункери. Така му кажавме каде сме. Ние закопани, тој во движење. Досега ние во движење, тој не чекаше во ровот и во бункерот. Ноќе го биевме и потоа ниту трага од нас.

Знаевме каде е.

Сега тој знае каде сме ние.

И така ноќта ни е за се`. Нема одмор. Најголемиот дел од ноќта најголема грижа ни беа рововите и бункерите. Да се поправат -

тоа беше првата наредба и лопатата в раце. Меревме длабочина која мора да е до главите и пред лицата - куп камења.

Пред мене, врз земјата местев камења и проверував дали добро лежат и си мислев:
- Овие камења јас ќе ги бранам или тие мене? Што браневме?

Селата беа далеку, градовите уште подалеку, патишта немаше, мостови немаше. Имаше само ридови, врвови, шуми, карпи, клисури, беспаќа.

И си велев:

- Зарем само овие карпи, ридови и планини ќе ги браниме? Нив ќе ги браниме, а тие нас ќе не бранат. Тука од живите бевме само ние и тие кои утре ќе не напаѓаат. Друг живот немаше. И тој живот што беше во рововите и бункерите и во меѓу просторот, секој ден се ронеше. И просторот стануваше се` потесен. Помалку живи луѓе, повеќе болка и многу сакати, многу крв и уште повеќе омраза.

На камењата што ги редев пред мене имаше засушена крв. И рацете ми мирисаа на крв. Пивтосана, засирена крв.

И земјата по која газев беше измешана со крв...

* * *

По изгревот - не нападнаа. Ги одбивме. Во меѓу просторот некој викаше, молеше, бараше помош, пцуеше. Нивен беше.

И кај нас некој молеше. Кој? Допрва ќе се пребројуваме. До мене - ранет. Молчеше, загледан беше во небото и се молеше. Со скрстени раце ги стегаше градите. Меѓу прстите му се цедеше крв. Очите му се полнеа со болка, длабоко издиша и небото потона во нив. Ме фаќаше страв, крикот ми застануваше в грло, сакав да викам, гласот ми секнуваше. Лицето го покрив со дланките. Ме гушеше тежок мирис на барут и на изгорено месо...

* * *

Се потпрев на ѕидот од ровот и чувствував дека ме фаќа дремка. Заспав, ама тоа не беше спиење. Во мене нешто беше будно, чуваше, предупредуваше...

Во бункерот немаше светлина и во мракот сите бевме едно. Кога некој запалуваше шкорче од кибрит, тогаш си ги гледавме лицата, очите, челата, устите, се препознававме, се насмевнувавме, си намигнувавме и така си дававме знак дека се` уште сме живи. Секој секому молкома со очите, со подигање и спуштање на веѓите, со брчките на челото нешто му велеше, нешто му праќаше, нешто му пожелуваше и од градите се откинуваше долга, длабока издишка на болка, желба, надеж и на олеснување. Кога гаснеше растреперето пламенче на кибритчето, тогаш во мракот не поплатуваа други мисли и грижи... И така седевме со плеќите потпрени на ѕидовите од бункерот и додека дремевме, во нас и над нас нешто висеше, кружеше, чуваше, не правеше будни и готови...

Дали тоа беше чувството на стравот пред смртта?...

Не дремев, не спиев, го терав од себе зборот - смрт, што најмногу го мразев и помислата дека испуканата граната, фрлената бомба, истреланиот куршум, некој миг, некој ден ќе ме погоди. Затоа ги фрлаат. За да убијат, да осакатат, да изгорат, да опустошат. Ќе ме погодат ли? Си мислев дека смртта, која секој ден ме дебнеше, дали само ќе ми се насмевне или ќе ме грабне или ќе ме одмине како многупати досега? Затоа е измислена и произведена во вид на бомба, на граната, на куршум, на нож, на штик и донесена од далеку во македонските планини за да не проштева, да не шири убавина, туку да огрдува и да убива. Да убива и дење и ноќе. И затоа јас и дење и ноќе од неа се бранев. Затоа копав длабоко и потоа и со поголема сигурност го чекав куршумот, бомбата, гранатата, пламенот и огнот што паѓаше од небото. Ровот, бункерот, дувлото, ги јакневме ноќе, во мракот или под светлината на месечината ги подготвувавме за да се браниме дење и живи да ја дочекаме ноќта во која можевме да му се радуваме на

животот, во мракот да се радуваме... Затоа, за таа радост во мракот, копав упорно, ја празнев, ја цедев целата моја сила само за да останам жива пред бурата која утре ќе ме поплати, од неа да се одбранам... Само за миг престанував да копам и со мислата се преселував дома, в село.

Пред некоја година ова време беше време на венчавки и свадби. Можеби и јас ќе бев облечена во невестинска руба, а друшките ќе ги облекуваа моите фустани, така де, можеби ќе бев невеста облечена во долг бел фустан, со бел венец на главата, а не како сега во широки војнички панталони, излитена војничка блуза и на главата капа што постојано мириса на пот, цокулите искинати, голи ми се стапалата. Рекоа дека ќе ни донесат нови, а можеби дури и руски чизми или чешки, ама уште ги нема. Велеа дека тие земји се далеку и време е потребно додека стигнат и затоа е потребно трпење, ни рекоа и дека ќе ни поделат и долна облека, од Романија. Панталоните и блузите ни се англиски, на задникот и колената - крпеници. Сега не мирисаат на мувла. Ги испра дождот и ги проветри ветерот. А јас сега целата мирисам на влажна земја, на пот, како да сум гнила. Гнила сум во ровот, дувлото од мене засмрдува. Сите спиеме на постела од папрат, мирисаме на земја и на папрат и чекаме да заврни. Да не измие дождот, смрдеата од нас да ја испери, малку барем да бидеме чисти. Кога не бевме во рововите, бункерите или дувлата, тогаш мирисавме на зелена шума, на пресен ридски и планински воздух, на млада зора, на покосена трева, на мајчина душица, а сега мирисаме на исчаден ден, на гнили корења, на мувлосан папрат, на сув лист, на овенати и подгорени цвеќиња, што тука околу нас ги има.

Затворав очи и себе се гледав невеста, отворав очи и себе се гледав војник, во униформа на непознати војски, војник извалкан со земја, со големи искинати цокули, ракавите од блузата подвиткани, не беа по моја мера, наместо невестински букет од црвени трендафили, држам лопата, до мене е казмата и до неа автоматот, германски е... Тука сум само војник, а не ме остава на мира и прашањето: - ќе дочекам ли да бидам невеста? Дали облечена во бел невестински фустан, ќе одам во пресрет на тој на кој сум ветена или ќе останам да гнијам во ова дувло?...

Мислев, мечтаев, се надевав и за да не ми останат мислите, мечтите и надежта во дувлото или во ровот, силно удирав со копачот во тврдата земја и посилно ја исфрлував надвор заедно со сите сомневања. Копав и си мислев вака:

- Кога дувлото ќе го доископам, тогаш ќе соберам зелен папрат, ќе постелам постела и, легната, ќе мислам, ќе размислувам и мислите ќе ги сновам во мечтаења... Ќе мислам како ќе бидам невеста, како ќе застанам пред олтарот и како венчалната круна ќе ми стои на главата, ќе си замислувам како целата црква е облеана во светлината на ламбадите, како ќе излезам од црквата, како ќе застанам на скалите и од таму ќе фрлам бонбони и ќе гледам како дечките ги собираат и се радуваат... А потоа... Потоа ќе продолжам да мислам како ќе плетам чорапчиња, капчиња...

- Копај! - грмна гласот на командантот.

Наредбата не беше испратена до мене, ама јас се стресов, со силен замав ја исфрлував земјата и заедно со неа го исфрлував и невестинскиот фустан и црвените трендафили, и венчалната круна и ламбадите и паричките и чорапчињата и капчињата и... мечтите...

Пусти желби и сакања... Во војната чини ли девојка - војник да има такви мисли и мечти?

Чини ли?... Вреди ли?... Личи ли?...

Така си мислев...

- Копај! Копај! Копај! - грачеше истиот глас.

Наредбата ги скамени моите мечти, ги покри со црн мов, грмеж ги растури желбите...

Удирав со копачот во тврдата земја, поместив камен и под него - не купче, туку куп мравки. Ми ги покрија рацете, градите, главата, целото тело. Излегов, ја соблеков блузата, кошулата,

панталоните и се` фрлив над ровот. Вошките, кои ги имаше во секој дел од облеката, дури и во дупките од појасот, кои со денови и ноќи не оставаа мирно да дремнеш, да одмориш, да олесниш. Цел ден, цела ноќ тие беа во напад. Лошо животно. Само те цица, голем непријател, кој не се уништува со кршење меѓу ноктите. Само еднаш донесоа некаков бел прав со кој не посипаа и толку. Гледав и се чудев - се` помалку вошки. Мравките ги носеа во своето дувло. Чисти ми беа алиштата од вошките, ама останаа гнидите...

* * *

Чекавме напад и во тоа чекање имав само една голема, неизмерлива, секогаш присакувана желба: да останам жива...

Таквата желба ме смируваше и тогаш гледав во врвовите на дрвјата. Светеа тие во заодот на сонцето. Врвци од сончеви зраци се пробиваа меѓу гранките. Повеќе ги чувствував отколку што ги гледав. А сонцето не го гледав.

Малку по настрана осветлена земја. Таму го поместив автоматот, за да легне врз него сонцето, малечко како зрно од грав, ама светеше болскаше час го засенуваа разлуланите гранки, час го откриваа. Така без да подигнам глава над ровот врз кундакот на автоматот ми светеше сонцето...

Само кога паѓаше мракот излегувавме од бункерите или рововите колку за да исправиме коски. Тие од таму, од спротивната страна, тоа го знаеја и ни фрлаа по некое ѓуле, колку за да не натераат да се скриеме. Потоа преку големите звучници не викаа на вечера. Ни зборуваа за многу леб, вино и узо и на крај не пцуеја со најпогрдни зборови.

Со нашите инки од дебел картон им возвраќавме. И ноќе не` не оставаа на мир. Истрелуваа светлосни ракети, во разни бои, ги осветлуваа ридовите, го истеруваа мракот и нашиот сон. Над ридовите вивнуваа жолти, црвени, бели, сини топки и ноќта ја правеа ден. Се враќавме во нашите гнезда, ги гледавме тие мали сонца кои не правеа будни, кои не бараа на земја и под земја. Светеа високо и полека паѓајќи се претвораа во искри, гаснеа и

веднаш над нив други шириа светлина која ги засенуваше ѕвездите. Едни гаснеа, други пламнуваа. Да не беше тоа, дека е војна, ќе си мислев дека тие мали сонца ноќе ја украсуваат земјата и небото, ридовите и планините и шумите, како да беше некој долго очекуван голем празник. Светеа, гаснеа, јавуваа, наредуваа, известуваа, кажуваа, бележеа тие мали сонца кои го растураа мракот, кои од ноќта правеа ден и така кога денот почнуваше да белее, долетуваа авионите, не толчеа, земјата потскокнуваше, стенкаше, се тресеше, карпите се кршеа, ридовите се ораа, шумите во пламен. Авионите одлетуваа, и почнуваше грмежот на противничките топови. Свиреж на ѓулиња и грмеж, купишта жешка земја вивнуваше в небо. Биеја долго, земја и парчиња од карпи и камења не покриваа, не гушеше чадот.

Над нашите ровови завладуваше ужасот и долго се слушнаа викотниците за помош и гласовите сподавени во болка...

* * *

Целата клопко бев во ровот. Над мене земјата се ронеше, се` помалку воздух, се` повеќе чад и се` потешко се дишеше. Кога слушав свиреж на ѓулиња, тогаш знаев дека прелетаа над мене, кога слушав краток, одеднаш прекинат свиреж, тогаш знаев дека ѓулето ќе удри над мене, пред мене и тогаш уште повеќе се склопчував и чекав над мене да се истури земјата, цело ѓуле или само шрапнел да ме удри и мислев каде најмногу ќе ме здоболи...

Многу, многу се плашев кога свиреа и трештеа ѓулињата. Кога грмежот престануваше, тогаш полека се исправував, ја истресував од мене земјата, вдишував длабоко, ја исплукував горчината и си велев: жива сум...

* * *

На небото вивна нова ракета и нивната пешадија тргна во пробој. Не трчаа, држеа чекор, исправени и колку повеќе се доближуваа, толку повеќе се наведнуваа и кога стигнуваа на

дофат на нашите автоматски цевки - легнуваа. И пак, како некни, како вчера - како деновите кои порасnаа во недели.

Времето не го меревме со часови, туку со денови и ноќи во кои не напаѓаа во бранови... Се браневме себе и ги браневме тие проклети ридови и секој ден бевме помалку на број...

Наоколу се` беше изорано. Расфрлени гранки, кутнати и расцепени стебла и врз нив откината рака, нога, растурени црева. Наши се. Во грозната тишина одекнуваше моето липање и се мешаше со лелекањата и повиците за помош.

Од уста во уста се пренесуваше наредбата:

Повлекување!

Собравме делови од тоа што ни остана и трчаница, прескокнувавме стебла, камења, дупки и дури отаде трапот се прибравме и се преброивме. Колку останаа на осакатениот рид? Фативме место и ја слушнавме наредбата:

Тука останuваме до последниот здив! Ниту чекор назад!

Легнавме на гола земја. Немаше ровови, немаше бункери. Земјата гола - камена, цврста, сува, испечена. Понатака распукани карпи. Ноќта ги кршевме на парчиња и ги редевме така за да можеме зад нив да скриеме глави.

Утре тука и од воздух и од земја ќе не толчат.

Кој ќе биде поцврст?

Карпите, камењата или ние?

Лежев на плеќи во стрелечкото место што пред малку го довршив и загледана во ведрото небо, се почувствував сосема сама. Чуден молк завладеа.

Се загледав во ведрото небо. Од северната страна на кај нас се доближуваа црни точки. Растеа и растеа.

Големи беа кога над нас истурија оган.

* * *

Просторот се` повеќе ни стануваше тесен. Се` посилен беше противникот и се` пожестоко не биеше. Владините, колку повеќе не истиснуваа, толку повеќе со големи машини ги шареа тесните козји и магарешки патеки и топовите со камиони ги довлекуваа поблиску до ридовите и врвовите. Копаа широки патишта и со камиони носеа сандаци со ѓулиња, довлекуваа се` што им беше потребно за да не истолчат, за да не снема од овие ридови и од зад овие карпи. Чекор в чекор, беа се` поблиску до нас кои веќе се браневме скриени во дупките што остануваа од бомбите и топовските гранати. Нам се` потесни ни беа ридовите, се повисоко се повлекувавме, до голите безводни чуки.

На новата ридска позиција немаше ровови, немаше бункери. Таму, зад два-три камења и над нив фрлени неколку шепи испржена земја криевме глава...

* * *

Се` повисоко се повлекувавме. Ридовите - голи. Карпите, камењата бели, испрани од бурите, испукани од сонцето. Од што прво да се браниме? Од шрапнелите или од парчињата камен и од огнот што паѓаше врз нас? Иста е болката, дали те погоди парче шрапнел или парче камен. Од што да се браниме? Од шрапнелите или камењата? А денот долг. Помош чекавме само од ноќта. Во неа можевме да здивнеме, да имаме малку починок, троа смирување и да се молиме мракот што подолго да трае... Ама и мракот го снемуваше.

Без престан вивнуваа светлосни ракети. Ноќта бела, сина, црвена, жолта. Бели планините и голите ридови.

Тие и ние, спроти себе, бевме на два рида кои ги врзуваа светлосните куршуми. Врвци куршуми, кратки и ретки од наша страна, долги и густи од нивна. Нашите врвци од германските

автомати се губеа над трапот, а нивните, од тешките американски митралези, гаснеа пред нашите плитки ровови што пред малку ги ископавме со ножевите и рацете толку длабоко, колку за да скриеме глава.

Под светлината на светлосните ракети во јуриш тргнаа владините војници.

Нас и ридот што го браневме го имаа на дланка и го биеја со долги митралески рафали...

На разденување, под заглушувачкиот грмеж на авионските бомби го дочекавме седумдесеттиот ден и ноќ од нашето војување на Грамос.

Потоа?

Потоа тој ден трчавме прудолу, прегазивме река и ноќта се прибравме во котлината на Слимница, а таму плипот наши. Мравјалник наши. Нешто се готви, тивки наредби и горе, на ридот - остра стрелба. Чета во пробој и зад неа тргнаа колоните.

Трчаница, трчаница, што побрзо да се премине празнината, трчаница по доловите, по траповите, трчаница, само трчаница, да претрчаме пред да пукне зора, пред да изгрее сонцето...

Трчавме со една издишка, со душата во грлото. В зори прегазивме река, ја фативме острата угорнина и во бледата замаглина ја видовме планината Мали-Мади.

Отаде - реонот на Вичо и Преспа.

Таму - спасот...

До кога?...

* * *

Зад нас во оган и пламен останууваа врвовите, ридовите, карпите, клисурите, шумите, растурените ровови и бункери,

земјанките, во кои растевме, во кои го совладавме и го победивме стравот, стравот од грмежот, од рофјата, од дождот, од снегот, од мразот, од матната вода, од долгите ноќни маршеви, стравот од истрелот, од куршумот, од свирежот на топовската граната и авионската бомба, од огнот што паѓаше од небото, го совладавме и го победивме и стравот од машкото владеење што царуваше во нашите селски средини, го победивме стравот од планинската природа и од војната; стравот од уморот, гладот, жедта, болестите, сонот, тагата, таму оставивме дел од нашата младост и многу од нашите моми и момчиња... зад нас останувааа седумдесет и два денови и ноќи во кои согорувавме.

Таму останаа коските на нашите момчиња и моми, таму ќе ги глодаат стрвници и ќе ги мијат и плакнат планинските дождови...

Таму научивме да го мразиме злото и да ја сакаме добрината. Таму ја презреавме смртта, исправени стоевме пред грозоморот, ужасот и очајот...

Таму научивме да се сакаме и да се почитуваме, таму станавме војници и во борбите не се разликувавме од мажите.

Ете, таму бевме машки женски...

Таму брзо ја совладавме пушката, автоматот, рачната граната, панцерфаустот, митралезот...

Таму бевме упорни, настојчиви, трпеливи, издржливи и послушни...

И храбри.

Зад нас гореше и пламтеше Грамос...

Гореа и пламтеа ридовите и во нив гореа и нашите надежи и мечти...

На Грамос остана нашата вера и верба, која во битките не крепеше..

Од кои ли извори извираа?

Зад нас нашата занесна, иако скршена и неисполнета надеж и нашата голема храброст...

Таму тоа бевме ние, ние, шеснаесет, седумнаесет, осумнаесет, деветнаесет, дваесет годишните девојки и момчиња во цутот на младоста...

Зад нас изгорена земја, пустош.

Грамос гламносан, ние чемерни...

Така беше...

II

Го напуштивме Грамос и нови позиции фативме на Вичо.

На многу мајки им пренесовме лоши вести, кои ги завија во црно.

Крик на болка и анатема...

Камбаните биеја на мртво...

Поп не отпеваше...

На таа таканаречена слободна територија, која од изгревот до заодот на сонцето од високо беше надгледувана од жолтиот авион, ни се даде време да здивнеме, да се прехраниме, преоблечеме, вооружиме и да слушаме пароли за нови победи.

На петнаесетти септември го здробивме противникот на Мали-Мади.

Во јуриш стигнавме до портите на Костур. Никој не го бранеше. Падна наредба - назад. Се повлекувавме толчени од авионите и тенковите. Зимата, во најголемиот студ го нападнавме Воден.

Од битката излеговме осакатени.

На Кајмакчалан не презедоа југословенските војници и камионите цела ноќ возеа до болницата во Катлановo. Тука бев по второто ранување. Удрена во плешката и ногата, под коленото, повредата тешка.

Така рекоа лекарите.

Два дена по излегувањето од операционата сала, ми рекоа дека двете операции се успешни и дека лекувањето на ногата подолго ќе трае. Не ја чувствував. Ставена во дебел слој гипс имав чувство дека за колкот ми е врзано дрвено трупче. Лежев ничкум и така сестрата, жена со многу натажено лице, кое само повремено го озаруваше блага насмевка, ме хранеше и

постојано ми велеше дека до свадбата ќе оздравам и да не заборавам да ја поканам.

Во болничката соба бевме дванаесет девојки, од разни единици. Кревет до кревет, одвај да се помине меѓу нив. По неколку денови, со помош на сестрата, веќе можев да легнам на десниот колк и така да се гледам и да зборувам со девојките. Во собата имаше и четири девојки, кои не го разбираа нашиот јазик, па честопати си зборувавме и на нивниот јазик - грчкиот. За што разговаравме? За што може да се разговара во воена болница? За болести ли? А нам разговорите најмногу ни течеа за доживеаното во планините, јуришите, во студените земјанки, рововите и долгите ноќни маршеви под дожд, виулици, бури, снегови, студ, глад и затоа, кога и каде не погодија... Со болка и долги воздишки ни се прекинуваа разговорите. Во долгото молчење се роеја прекинатите мисли, се враќаа во недамна изминатото време...

Девојката која лежеше до мене, гласно воздивна и загледана во таванот, тивко прозбори:

- Пријателка ми Тинка, не успеа да ја прегази надојдената река. Ја однесе матната. Имаше седумнаесет години и тој ден таа го носеше пушкомитралезот и ранецот полн со фишеци. Кога му кажавме на командантот дека Тинка ја снема во матното, тој плукна и праша:

А пушкомитралезот?

Молк. Тивки, тешки, длабоки воздишки...

- А на мојата пријателка, Цана се викаше, лани, во болницата во Корча нозете и` ги скратија до под колената... Цел месец глас не и` слушнавме. Молчеше. Кога дојдоа од штабот за да видат колку сме оздравени и да не вратат во стројот, тогаш Цана прозбори:

И мене земете ме во строј... - се откри и ги покажа остатоците од осакатените нозе... кои ги немаа проодено деветнаесетте години...

Молк. Долги, болни, побожни воздишки....

- Мојот десетар, најубавото момче во единицата, жив - осакатен висеше на бодликавата жица пред бункерот на противникот. Го гледавме и не можевме да се доближиме. Не биеја со долги рафали... остана таму... немаше дваесет години...

Молк. Раскинати, жални воздишки...

- А Стојна, медицинска сестра во четата на грб го носеше ранетиот и... - не дореч, гласот и` секна во грч...

Молк. Тажни, сподавени, испрекинати воздишки... Тишина... Воздишките занемуваа во спомените...

Во болницата во Катлановo долго останав и затоа во битката за Лерин не учествував. Почетокот на летото ме вратија. Борбена позиција - планината Бела Вода. Ја дели Преспа од Леринската котлина. Висока. Гола. Зелени ливади. Извори. Глетка до Кајмакчалан на исток и на запад - Преспанските Езера и Галичица и натаму други планини. Искривена линија на ровови обраснати со троскот, трња и шипови - од Првата светска. Французи, велеа, тука копале тогаш. Сега ние тука копаме и најмногу градиме бункери. По тука да не помине непријателот. Во подножјето на Бела Вода - густа буковата шума. Четириесет sевгари волови, ноќе, пругоре влечеа долги трупци. Заедно со селаните од околните села, меѓу кои имаше најмногу жени, кои ги водеше маж - мустаклија во години, трупците ги префрлувавме над длабоките дупки.

Пет, шест и седум редови трупци и меѓу нив камења и земја. Од командата велеа дека се доволно јаки за да не чуваат нас и ние да ја чуваме планината за да не помине непријателот.

Не пофалија за извршената работа и си отидоа.

Пред да превали сонцето отаде планината, дојдоа афежитки (Афежитки – активистки на женската организација АФЖ – Антифашистички Фронт на Жените). Доаѓаа и порано, ама не

остануваа со нас во влажните ровови и студените земјанки. Со нас остануваа само на собир и цело време ни велеа дека секаде победуваме и дека секаде го биеме непријателот. Точно беше дека го биевме непријателот, ама не ни велеа како излегувавме од тоа биење зашто нив таму ги немаше. Ги немаше на Грамос, ги немаше во Воден, ги немашпе и во Лерин. А меѓу нив имаше една која беше најзборлеста. Имаше голема уста и од неа заедно со плунката исфрлуваше најголеми зборови со кои таа го дробеше, го толчеше, го уништуваше непријателот. На крај од зборувањето многу не фалеше за добро направените големи бункери и длабоко ископаните ровови.

Браво! - викаше - по тука нема да помине непријателот! Браво!

Ама додека жените и мажите од околните села на рамо ги носеа долгите трупци и ги префрлуваа и редеа над јамите - зборлестата не сум ја видела под трупецот да подметне рамо...

Така тие, афежитките, ретко ни доаѓаа на гости, многу не фалеа, а ние не ги трпевме... и не сакавме да ни кажуваат, дека тука, високо, на овие голи ридови под кои распослани се зелени ливади, пикнати во големите и страшни бункери од трупци, камен и земја, треба да го чекаме непријателот...

Кога завршивме со утврдувањето, на Бела Вода останаа два водови. Баталјонот доби наредба да заземе одбранбени позиции на ридовите Бигла и Лунѕер. Таму стигнавме утрото и веднаш се сместивме во веќе готовите земјанки и бункери. Забрането движење. Од високо, цел ден, не гледаше жолтиот авион. Чекавме да се смрачи и во мракот вежбавме одбрана и напад. Потоа предавања со убедување дека во реонот на Вичо непријателот нема да помине, дека тука сме силни како никогаш и дека секаде на околните ридови имаме многу топови и минофрлачи со кои ќе го здробиме противникот.

Верувавме дека е така. Арно, ама, почнавме и да се сомневаме кога деветтиот ден од август во котлината легната меѓу планините Мали-Мади, Вичо, Полената и Рото, пладнето влегуваа камиони кои растоварувааа многу владина војска и довлекуваа топови. Војниците поставуваа шатори и тоа го

гледавме од нашите бункери. Вечерта котлината болсна. Светла во шаторите. Пукање немаше. Тишина на двете страни. Ноќта мирно си течеше.

Во пет часот утрото не разбуди бучавата на авионите. Беа многу и многу бомби и ракети истурија над нашите ровови и бункери. Гореше целиот фронт, сите ридови во чад и пламен.

А нашите минофрлачи и топови молчеа.

Зошто?

Беше десетти август илјада деветстотини и четириесет и деветтата година. Издржавме два денови и вечерта ги напуштивме нашите позиции. Наредбата гласеше:

- Бела Вода. Таму да се спречи противникот за да не се пробие во Преспа.

Ја претрчавме клисурата која ја бранеше позициона чета. Така се викаа единиците составени од борци инвалиди, кои поради својата осакатеност, немаа можности да ги напуштат борбените позиции и мораа да се бранат до последниот здив за да не поминат тенковите по џадето што води кон Преспа.

На полноќ стигнавме во нашите бункери. Уморни, гладни и жедни дочекавме утро и чекавме напад. Стигна наредба:

- Баталјонот веднаш да се премести во селото Герман и од таму да премине на другата страна на Преспанското Езеро.

Не трчавме во колона, туку во купови.

Герман празен. На многу врати обесени катанци. Немаше луѓе. По сокаците претрчуваа по некоја мачка и кучиња. Слеговме во селото Раби кое беше на нишан на тенковите. Го фативме врбјакот по должината на брегот на големото езеро и трчаница кон мостот. Авионите еден зад друг се редеа над двата брегови и рамнината и со ракети и бомби, како тие што ги фрлаа на Грамос, се` толчеа и гореа. Трчавме, трчавме и одеднаш - бум!

Мостот во воздух.

Нашите го минираа за да не поминат тенковите и пешадијата на другата страна. Останавме отсечени на големата и отворена песочна рамница. Слушнав гласна наредба:

- Назад!!! Кон границата!!!

Од десно не напаѓаше владината пешадија. Во движење се браневме, стигнавме до врбјакот и од таму во пробој, трчавме, пукавме, паѓавме. До колена бев во езерската вода. Одеднаш ме пресече силен молежлив глас:

- Калино, Калино, помагај!

Свртив глава. Во водата, Лефка. Од моето село. Околу неа водата крвава, се давеше. Се втрчав, ја зграпчив за појасот и ја извлеков на брегот. Под неа песокот во крв. Беше тешко ранета. Таму ја оставив. Зад мене остана нејзиното молежливо и плачливо викање. Наведната трчав, се пробивав низ врбјакот, а зад мене молеше нејзиниот глас. Застанав. Се свртив и потрчав назад. Лефка лежеше на песокот. Ја подигнав и легнав под неа. Со мака ја префрлив на моите плеќи. Се влечев покрај брегот. Не успеав да направам десетина метри. Лефка почина на моите плеќи...

Ја скршивме заседата пред селото Раби и трчаница кон границата. Врз нас и пред нас - трешкеа ѓулиња од тенковските топови. Се` поблиску бевме до границата и зад нас тенковите бучеа и пукаа. Одеднаш, над нас долг свиреж на куршуми од кај границата. Помислив дека југословенската војска не нападна. Тенковите застанаа.

Доцна попладне баталјонот се сокри во трапот покрај границата... Пукањето престана, ама не и во преспанската рамнина. Бреговите на Малото Преспанско Езеро во пламен. Гореше трската. Густиот црн чад го засени сонцето. Ноќта ги прибравме ранетите и ги легнавме во шумичката покрај границата и додека ги преврзувавме се` ми се чинеше дека го

слушам гласот на Лефка. Од медицинската сестра ја зграпчив торбата со завоите, го нарамив автоматот и се стрчав таму каде ја оставив. Не ја најдов...

Се вратив во трапот до границата.

Командантот на баталјонот преку курир побара средба со командантот на југословенската војска. Чекавме да се врати. Некаде пред полноќ, во придружба на двајца војници, на граничната линија дојде југословенски мајор. Нашиот командант ме повика и ми рече:

- Ти, Калино, ќе дојдеш со мене. Добро го знаеш јазикот. И јас го знам, ама не сакам помошникот и политичкиот комесар да помислат дека се договорам за нешто, бидејќи тие не разбираат македонски. Јас ќе зборувам и на грчки и на македонски, а ти кога ќе затреба ќе преведуваш... Одиме...

Се сретнавме во земјанка на самата гранична линија. Командантите војнички се поздравија.

Долго траеја разговорите. Јас само онака, само да кажам, колку што се може најкратко.

Нашиот побара да ни биде дозволено по југословенска територија, пеш да преминеме во Албанија. На ова југословенскиот офицер рече дека можеме да добиеме дозвола под услов да го предадеме оружјето. Нашиот на ова рече дека тоа би било дезертерство, капитулација и уште некои такви зборови кои јас не ги разбирав. Нашите не прифатија да го предадеме оружјето.

Толку од разговорите. Пред разделбата нашите замолија да ни биде дадена храна и вода и да ги примат нашите петнаесетина ранети борци. Прифатено. Војнички поздрав и се вративме во трапот.

Ранетите до полноќ ги пренесовме на другата страна на границата, близу караулата, каде ги преврзаа и ги однесоа со

камиони. И ним и нам ни олесна. Тоа беше само дел од тешкиот камен што легна врз нас.

Лежевме во трапот покрај граничната линија, сподавени во неизвесноста и оптоварени со чувството на несигурноста.

Слушавме долги рафали од автомати и митралези, ги гледавме светлосните куршуми и разнобојните ракети како го везат и го осветлуваат небото над Преспа, како ги врзуваат планинските ридови на запад и југ...

Нашите противници, таму, во преспанската езерска рамнина и околните ридови, славеа...

Победа славеа...

Некој легнат до мене, шепна:

- Ете, тие така, со светлосните куршуми и разнобојните ракети ја пренесуваат веста за нивната победа. До утре и Атина ќе блеска под тие светла...

Цела ноќ и до изгревот, противникот ја славеше победата.

Ноќта ја поминавме будни до бела зора. Утрото стрелбата престана и до нас стигна свечено биење на камбаните. Си помислив дека најавуваат погреб. Ама не! Ми текна!

Денес е петнаесетти август. Во Грција се слави верскиот празник - Голема Богородица.

Голема Богородица е заштитничка на моето село. На денешен ден, празнувавме. Гости од сите околни села. Затворив очи и со мислата се пренесов дома. Под клепките - дедо, баба и мајка. Софрата поставена за гостите. Дедо, натажен седи на скалите.... Дали некого чека? Зошто е тажен? Ми се губи во солзите... и тој, и скалите и дворот и софрата и гостите... се` ми се губи во солзите...

Лежев во високата трева испржена од сонцето и го слушав биењето на камбаните. Пред очи, пак, мајка, баба, дедо и одајата полна со гости седнати околу празничната софра. Глетката ми се замаглуваше и полека и баба и мајка и дедо и одајата и софрата и госитите тонеа во моите солзи...

Цел ден останавме легнати во трапот. Гладни, жедни, исплашени и несигурни. На лицата и во очите големо сомневање. Што ќе биде со нас? Легнати во трапот, на просторот што го нарекуваат - мртва гранична зона - ничиј простор, ама сега наш, колку сме сигурни? Наеднаш ме жегна прашање:

Дали тогаш, кога на Грамос, од авионите фрлаа летоци, не беа во право? И почна да ми се одмотува клопчето на сомнежот.

Беше дваесет и деветти или триесетти јуни илјада деветстотини четириесет и осмата. Речиси две недели откако почна големата офанзива на владината војска, ни се случи нешто што не можевме да го замислиме. Молк во рововите, молк во бункерите, молк во земјанките, молк во себе. Седевме намуртени, замолчени и длабоко потонати во себе. Погледот ни бегаше отаде ридовите. Тишината ја прекинуваа гласни воздишки придружени со пцости. Со клечка шарев по ѕидот на ровот, повремено фрлав поглед на хартијата - леток што утрото ми падна во ровот.

Летоци, илјадници летоци, небото и земјата побелеа од хартии. Илјадници летоци се откинуваа од авионот што кружеше над нас. Ги наполнија рововите, ги послаа ледините, се пробиваа меѓу гранките, потскокнуваа, полетуваа дувнати од ветерот. Седевме, не мрдавме и со наведнати глави читавме:

„Тито ве предаде!” - викаше летокот.

Тој ден авионите не фрлаа бомби. Летоците за нас беа големи и страшни бомби. Ни ја ранија вербата и душата, до некаде ни го скршија духот.

Тој ден не штракаа митралезите и не` не биеја топовите на противникот.

Биеја летоците.

Страшно оружје беа тие летоци.

Не грмеа, не трештеа, не ги ораа и не ги растураа рововите и бункерите, ама кршеа и разурнуваа дух, ја оладуваа вербата, ја раносуваа душата, а за таква рана, лек нема.

За раната на вербата и духот нема лек.

Тогаш ранета ни беше вербата во тоа, дека зад нас имаме сила, која ни помага и не поддржува...

Стуткани во рововите, молчевме.

Тие бели хартии не совладаа со лошата вест и кај многу го разбудија сомнежот. Молкот траеше. Молчеше и командата. Дури попладнето политичкиот комесар, откако се врати од штабот на бригадата, не собра и рече дека летоците се само непријателска пропаганда и дека...

Не беше многу убедлив...

Сомнежот голем... посебно свртен кон момите и момците од Костурско, Леринско и Воденско...

И во текот на денот на спротивниот рид, цело време - развиено големо платно и големите црни букви вестеа:

„Тито ве предаде! Предајте се!''

Не убедуваа дека од таму, од Југославија ја имаме најголемата поддршка и помош и затоа тие летоци толку силно не удрија, не погодија во душата.

Тој ден го претворивме во најжестока борба со навреди и пцости.

Политичките комесари, а најмногу партиските секретари со денови, со месеци ни ја полнеа главата, ни го пореа мозокот со најпогрдни зборови за предавникот Тито, ни всадуваа омраза кон него. Велеа:

- Гледате, нашата партија е во право! Да не беше Тито ќе ја добиевме војната.

Слушајќи го, ми светна мислата:

- Така де, да не беше, можеби и немаше да ја почнете...

Дали тоа убедување не беше дебел стап по нашиот грб? Така ми дробеше умот, дотолку повеќе што отаде граничната линија стоеја војски со готово оружје. Едната беше таа која ја сметавме за пријателска, која ноќе ни носеше оружје и храна и која спасуваше наши ранети. Дали сега е готова да не зароби, да не затвори во некои логори или да не предаде? И на другата страна, војска, само на два километри од нас - тенк до тенк. Сигурно не чекаат или можеби мислат дека пребегнавме во Југославија, за која политичкиот комесар не сакаше да слушне.

Без престан ме гризеше мислата:

- Што ќе биде со нас? До кога ќе лежиме во трапот? До кога ќе лежиме во овој трап опколени од две војски?

На стемнување југословенските војници ни донесоа храна и вода. И додека јадевме, командата на баталјонот сновеше како да излеземе од трапот.

Доцна ноќе ни јави дека баталјонот ќе се подели на три чети, ноќе ќе се повлече од тука и по веќе одредени насоки ќе се пробие во Албанија. Не рекоа по кои насоки, не рекоа по кои места. Рекоа дека тоа е тајна која ја знаат само тој и неговиот помошник и дека пробивот ќе се одвива само ноќе, во целосна тишина и молк, а борба ќе биде прифатена само тогаш, кога ќе нема друг излез.

Наредија проверка на оружјето и муницијата.

Во шаржерот имав само шест куршуми.

Не се преброивме построени, туку легнати, со шепот. Меѓу нас немаше десетина. Нив мракот ги префрли во Југославија. Во сувата трева лежеше нивното оружје. Не го допревме, ама зад нив полетаа нашите мисли исполнети со презир. За дезертерите такво чувство има секој соборец и во сите војски на светот за таквите има воен суд и куршум. Нив, а и други кои порано така постапиле, нашиот воен суд не им пресуди и нашиот куршум нема да ги стигне.

Не знам што време беше кога тргнавме. Еден зад друг, чекор в чекор, го сечевме густиот мрак. Немаше сенка. Над нас густи облаци. Сега токму тоа ни требаше. Да нема сенка, сите, и ние и ридовите и камењата и траповите, во мракот да сме едно.

Забрането кашлање, кивање, гласно дишење, чекорот - чекор на мачка во лов... Одевме во спротивна насока од рогот на месечината, што за миг се појави над спротивната планина. Десно езерото остануваше зад нас.

Веќе знаев. Одиме на југ. Ја фаќавме стрмната угорница над селото Герман и пругоре, наведнати, со стегната издишка се` погоре, повисоко патеката не водеше кон ридот...

Во густото и магливо сивило легнавме во нашите бункери и земјанки на Бела Вода. Тука ми олесни затоа, што се` додека неподвижни лежевме во трапот, во умот без престан вртеше, чепкаше, копаше, ровеше мислата - каков ќе ни биде крајот во трапот стегнати меѓу две војски!? А тука, високо, на самоти врв на широката планинска рамница - ја издишував горчината на сомнежот и стравот.

Тој ден, ден не видовме. Уморот по цело ноќното пешачење по угорнината кон врвот на Бела Вода не кутна и не совлада сонот. Не разбудија кога добро беше легнат мракот.

Собир на четата. Седевме и го слушавме командантот кој со зборови што се само наредба не извести дека вечерва ќе го почнеме вториот дел од нашиот пробив и дека и натаму важат строгите наредби за начинот на одењето и чувањето на тајната. Подвлече дека ќе се пробиваме само ноќе и дека нема да поминуваме низ населени места, туку само скрајa и тоа во целосна тишина.

Тргнавме. Стрмнината на планината - обрасната со ниска шума, која ни го попречуваше одењето. Колоната, предводена од мртвата стража, се пробиваше и некаде по полноќ ја прегазивме реката Бистра и ја фативме угорнината кон Бигла. Јас ги знам овие места. Не еднаш сум ги поминала. Кога стигнавме до подножјето на ридот, падна команда за одмор.

Командантот со десетина борци се оддели од четата. Ми се чини се врати по половина час. Тргнавме. Сосема кратко пешачевме. Местото каде застанавме беше обраснато со густи дебели буки под кои мракот беше уште погуст. Слушнав тивко чукање на дрво, потоа одгласи на исфрлувани гранки, крцкање на штици, отворање на врата. Во магливата светлина на батериската светилка - голема црна дупка зеваше меѓу две карпи. Еден зад друг влегувавме. Простор за седење - малку. На сите страни сандаци еден врз друг и купишта вреќи. Сфатив - тоа е скривницата - магазинот со оружје и храна на Четиринаесеттата дивизија. Откако зад нас отворот во скривницата беше затворен со дебелите штици, запаливме факели. Какво ли чудо! Што ли немаше тука! Командантот нареди да ги отвориме прво сандаците со оружје и добро да се вооружиме со автомати, повеќе муниција и рачни гранати. Потоа им се свртивме на вреќите. Во нив имаше шеќер, брашно, грав, макарони... Најдовме и една вреќа со немелено кафе. На една полица – шишиња со вино. Се прашав: кој ли тука во овие планини пиел кафе и вино? Во еден од ќошевите цел куп кутии. Беа полни со чоколади. Потаму кутии со нови војнички цокули и чизми и униформи. На рафтовите пешници леб, кашкавал, месни конзерви, кутии со мармелад. Ги наполнивме ранците, ама најмногу со чоколади, леб, кашкавал и конзерви. Така зафатени, дочекавме зора и цел ден останавме во тоа дувло на изобилството.

Во годините поминати во виорот на војната првпат се најадовме и се наспавме сити.

Целиот ден го поминавме во скривницатамагазин. Вечерта, веќе пресоблечени во нова долна облека и униформи, обуени со нови војнички цокули и товарени со полните ранци, пробивот го продолживме на југ. По еден час пешачење, колоната застана. Мене и заедно со двајца другари, ни дојде редот да ја замениме мртвата стража. Со оружјето на готово, стотина или повеќе метри пред колоната, во мракот газевме внимателно. Ретката шума ни го олеснуваше одењето. Одот во мртва стража ми беше осми и ли деветти во таа војна.

Незаборавен. Одиш со ококорени очи, гледаш и лево и десно и пред тебе. Свесен си дека некој пред тебе е скриен зад камен, зад карпа, зад стебло, те гледа и те држи на нишан. Ако истрела и те погоди, спасен е одредот, ако те пропушти, уништен е одредот. И така внимателно газевме ние тројцата и полека ја фаќавме удолницата и одеднаш - бум!!!

Почувствував силен и тап удар во бочината и главата. Се освестив кога ми ги преврзуваа раните. Обессилена лежев во високата трева. Бев удрена толку многу што не можев ниту чекор да направам. Не бев способна да одам. Си помислив дека на носила ќе ме носат, како некогаш, ама...

Командантот, кој седеше покрај мене, полека, со тивок, смирено молежлив глас, колку што запаметив, ми рече:

- Калино, биди храбра. Ти и двајцата од мртвата стража паднавте во минско поле. Ти си жива, а тие двајцата таму лежат мртви. Жал ми е и за нив и за тебе. Одредот мора да го продолжи пробивот и не е во можност да те носи. Одлучив да останеш крај џадето. Утре сигурно ќе поминат по тука војници на владината војска и ќе те земат. Убеден сум дека кога ќе видат дека си ранета, ќе те поштедат. Остани тука. На овој начин ќе го спасиш целиот одред, ќе спасиш стотина твои другарки и другари. Тоа ќе биде твој херојски чин... Остани... не наредувам, туку молам... само молам... Многу те молам...

Што можев?

Можев ли на душа да го имам целиот одред на чиј пат можат да се најдат многу заседи и сите да изгинат? Да изгинат носејќи ме на носила?

Се согласив, молејќи да ми го остават автоматот и една рачна граната. Ако затреба да имам со што да се бранам... Се` ми зедоа. И оружје и ранец и воена книшка.

Ме покрија со војничко ќебе и заминаа.

Јас останав под дождот. Ридовите пламтеа во извитканите светкавици на ровјите. Црните облаци истураа. Од мене дождовницата ја плакнеше засирената крв и ми го миеше поцрнетото лице.

Издржав и истрајав во мрачната ноќ.

Утрото слушнав бучава на кола. Видов како се доближува џип и во него четворица војници. Одвај се довлечкав до средината на џадето. Прстите ги вковав меѓу цепнатините на калдрмата. Почувствував дека ми потекоа солзи измешани со земја и со горчлива студена пот. Целата згрчена, чекав џипот да ме згази.

Остро чкрипење на сопирачките и гласно пцуење на возачот.

Толку слушнав.

III

Во воената болница испливав од раните.

Таму заздравеа телесните рани и останаа само лузните. Ме потсетуваа на болките и ми го враќаа времето и луѓето. Во такви мигови се` што е вгнездено во умот, срцето и духот се буди со горчина и отвора многу голема рана, која не се гои, туку раскрасува и се облива со крв, лежи во душата и таму копа, пече, вознемирува, боли и цел живот се носи во умот, во срцето и во духот. Да - свеста. И таа е поделена на два делови. Во едниот обврската да помогнеш и во најтешките мигови, да спасиш животи... Во другиот дел – личното, моето јас кое е длабоко вгнездено во мене и прави да ме разјадуваат стотици прашања кои отвораат рани, како оваа...

Раната на големиот, незаборавен спомен, кој колку и да е далечен, не бледи со одминувањето на времето, е неизбришлив, горчлив и лош. Колку и да се браниш тој е залепен како лишај и предизвикува сомнеж и болка, разочарување и на усните го лепи прашањето:

- Зошто на ветрометина ме оставија другарите?

Рана ми е прашањето...

Рана на животот... и горчлив спомен... Спомен, кој колку и да е близок или далечен, не бледи, не го заматува времето, е неизбришлив, горчлив како пелин, лош ноќен кошмар, делнична мака, колку и да се браниш, секогаш потсетува и прашува: зошто ме оставија другарите?

И дали не е подобро тогаш, кога боли, да не се чепка во раната - спомен?

Рана ми е прашањето...

Дали во себе, со мојата свест, имам доволно сила со која би можела да ја совладам и да ја исплукам горчината што се вгнезди во умот, во срцето и духот?

Рана ми беше прашањето...

Таа рана и сега е отворена и боли, таа рана крвави, таа рана пече, вознемирува, раскласува, дразни и прашува:

Зошто?

Дваесеттиот ден од моето лекување во воената болница, во локалниот весник, што секој ден ни го делеа, прочитав:

„По долго талкање во заднината на јуначката национална армија, голема група комунистички бандити успеа да ја премине грчко-албанската граница...”

Сфатив. Повеќе не читав. Весникот го ставив настрана. Со одвај забележливо задоволство се насмевнав и во себе си реков, повторувајќи :

- Мојата чета... мојата чета... мојата чета се спаси...

Кој ја спаси!?

* * *

Се` додека ме лекуваа во воената болница, постојано доаѓаа иследници. Од војската. Ме прашуваа за моето минато. Исти беа прашањата и исти беа одговорите. Им го кажував тоа, што во сите изминати денови им го кажував. Тукуречи секојдневно повторување на моите завршени деветнаесет години. Која, чија, од каде и каде сум била, со кого, во кои борби сум учествувала.

Иследниците не се закануваа. Само прашуваа, пишуваа и синиот коверт се полнеше со мене. Си одеа молкома, без поздрав.

Во болничката соба, иако имаше уште девет кревети на кои лежеа андартисес (Андартисес (грчки) - партизанки), значи партизанки, секогаш владееше тишина. Имав впечаток дека

секоја, како и јас, беше оптоварена со ројот мисли за утрешниот ден.

- Што ќе биде со мене кога ќе ме пуштат од оваа болница? Каде ќе одам? Што ќе правам? Како е надвор? Каде се моите?

Се охрабрив еднаш и го прашав мајорот кој ме испитуваше:

- Господин мајоре, што ќе правите со мене?

Тој зачудено ме погледна и рече:

- Ништо... Ќе си одиш дома, кај твоите... Војната заврши... Сите се враќаат дома... освен...
И лекарот го прашав. Тој само се насмевна и прошепоти:

Се ќе биде добро. Војната заврши...

Овие два зборови сите и секаде постојано ги повторуваа како молитва и чиниш во тие два зборови беше собрана целата надеж.

Војната заврши...

И јас така си велев - војната заврши... луѓето се враќаат дома...

Голема работа е да се најдеш на пат кој те води дома... И зборот дома ми стана сон. Го сонував тесното сокаче, високата авлија, дебелата дабова порта широко отворена кон дворот, дебелиот дрвен праг, калдрмата во дворот и скалите од делкан камен, чардачето и вратата во претсобјето и гостинската одаја и...

Кого ќе најдам пред куќата, во дворот, на скалите, во одаите?

Тука, во болницата, ми се чинеше дека го чувствувам мирисот на погачата, на чадот што се извишуваше над покривот... дома... дома... остана ли нешто од куќата во која растев и од која ноќе ме одведоа? Има ли сега некој дома? Кој е дома? Во грлото како клопчиња ми растеа прашањата...

- Кога нема војна тогаш се` е добро... - така ми рече лекарот.

Ми остана да му верувам.

Отпусната листа од болницата ми ја врачи главниот лекар, полковник, веќе во одминати години, што се гледаа во неговиот изморен поглед и не многу сигурниот чекор. Добродушен. Со смиреният поглед и тон, со лесното допирање на рацете, кај секој што се лекуваше во оваа болница оставаше надеж за брзо оздравување. Беше почитуван и сакан, можеби најмногу за тоа што за него сите беа само пациенти. Подавајќи ми ја листата, тивко ме предупреди:

- Каде и да одиш, чувај се... Чувај се и тоа најмногу од луѓето... Со добро и среќно... - рече намигнувајќи ми шеретски...

- Благодарам... Секогаш ќе ве паметам...

Со лесно движење на раката ми ја покажа вратата, а таму ме чекаа двајца облечени во цивилна облека. Ми рекоа да одам со нив. Не се противев. Ме качија во џип и од болницата право во полиција. Таму не ме испитуваа, ми зедоа белези од прстите, потоа напишаа белешка во која ги внесоа моите лични податоци и нешто во врска со моето лекување во болницата. Началникот се потпиша, удри печат и белешката ја стави во еден сив коверт, кој како што се покажа подоцна, стана дел од мене. И така јас во тој коверт никогаш не бев заборавена.

Наредниот ден стигнавме во Костур. Ковертот и мене двајцата спроводници не предадоа во полицијата, каде цел ден ме испитуваа. За да не бидам заборавена, запишаното во синиот коверт, кој секаде патуваше со мене, а по секоја средба во полициските станици, стануваше се` подебел.

На ѕидот, зад грбот на началникот, наредени папки. Ме праша:

Име и презиме, име на татко, мајка, дедо, прадедо, баба, прабаба... место, ден година на раѓање...

Му кажав што бараше, а тој ме прекина, буричкајќи меѓу папките. Извлече една, беше покриена со прашина и врзана со сиџим, ја издува прашината, ја отвори, преврти неколку листови, прекина, се загледа во мене, со дланката удри на отворена папка и отсечно рече:

Да, тука си...

Прелистуваше пожолтени хартии, подигаше веѓи, мрштеше чело, миг прекинуваше, се загледуваше во мене и одново листаше. Откако се` прелисти, длабоко воздивна и, удирајќи со прстот на листовите, рече:

- Тука се` има за тебе. Се` е напишано. Накратко да повторам. Запишано е дека си била на чело на селските пионери и како таква си ги шетала по селските сокаци, пеејќи „Млада партизанка да одам“ и некои други, како „А бре Македонче“ и „Македонско име нема да загине“. Потоа си се зачленила во ЕПОН (ΕΠΟΝ (ΕΠΟΝ): Ενιαια Πανελλαδικη Οργανωση Νεον – Единствена Сегрчка Организација на Младите, формирана на 23 февруари 1943 година, забранета со закон на грчката влада 1947 година. Во текот на граѓанската војна обновена од КПГ и распуштена од КПГ во 1958 година.) и едно време си ја водела таа селска младинска организација, а пролетта илјада деветстотини четириесет и шестата сите младинци, освен едно двајца - тројца, си ги организирала и си ги донела во Костур да протестирате против враќањето на кралот Георгиос. Натаму си ги помагала со информации, храна и облека бандитите, како што ги викавте - партизаните. До заробувањето си била активна во борбите против грчката национална војска... Со еден збор си била против државата. Точно е?

- Точни се податоците, ама не и тоа дека сум била против државата, туку против режимот, против теророт...

Ме тераше да ја потпишам хартијата со наведените податоци. Одбив, ама не стигнав нешто да речам. Силната шлаканица ми ја затвори и устата и очите.

Ја затвори папката и ја врати на полицата.

- За таквите, како тебе издадена е наредба да ги предаваме во надлежност на воените судови, а таму осудуваат на долги затворски казни или на смрт. Со таква биографија не можеш да останеш тука и поради тоа ќе те пратиме во логор за жени, што е полесна казна. Таму таквите како тебе ги превоспитуваат така за да бидат корисни и вредни личности. Подобро е логор отколку затвор каде би гниела со години.

Од фиоката извади отпечатен лист, го пополни со моите лични податоци, се потпиша, стави печат и ми го турна пред очи.

На листот пишуваше:

„Μερος εκτοπισμου για ενα χρονο στο „Στρατοπεδο Πειθαρχημενης Διαβιωσης" στο Τρικερι σαν αμετανοητη και επικινδυνη". (Место на престој за една година во „Логорот за дисциплинарно преживување во Трикери`` како непоправлива и опасна).

Потпиши дека упатот си го примила и утре на пат. Ова ти е како лична карта.

Се потсетив на зборовите на лекарот, кога на излегување од болницата ми рече:

Заврши војната... Кога нема војна, тогаш се` е добро...

Ставајќи го в џеб подадениот лист, се прашав:

Дали за мене војната заврши?

IV

Стариот полициски камион два дена се влечеше до пристаништето во Волос. Патувањето траеше долго, бидејќи попатно од полициските станици собираа затворенички. Стуткани една до друга, не растоварија пред закотвениот брод. Таму не построија и откако не извикаа по име и презиме, ни наредија во бродот да се качуваме по висечките скали.

Првпат видов брод. Со страв се качував по разлуланите скали кои висеа над матната и разбуричкана вода. Лево и десно од влезот - полицајци со вперени пушки. Пречекорив праг и пред мене тесни железни скали кои водеа надолу. Скалило по скалило слегов долу - во амбарите. Така слушнав - во амбарите. Таму не сместија нас, партизанките, девојките учеснички во „банитската војна``, како што ја имаа наречено граѓанската војна.

Густиот мрак го разбиваше матната светлина што паѓаше од двете мали прозорчиња и се постелуваше над купиштата секакво ѓубре од кое се шириле неподнослива реа. Изгледа тука ги имаа собрано сите нечистотии од бродот.

Долго беше чекањето. Во бродските амбари имаше се` помалку воздух. Викавме да ги отворат поголемите прозорци, баравме да ни пуштат повеќе воздух. Наместо воздух ни пуштија гласна музика од воени маршеви, која од звучниците одекнуваше толку бучно што не можеше да се слушни што се зборува дури и од најблиску. Бучни и без прекин се повторуваа маршевите со хорско пеење „Грција никогаш не умира`` и „Софија Москва е нашиот сон``. Гласната музика не беше за да ни биде весело, туку за да не можеме да се разбереме меѓу себе и за да не се слушаат нашите барања. Цело време прстите ги држевме пикнати во ушите и се разбиравме само со мимиката на лицата и очите.

Долго беше чекањето.

Над амбарите ги затворија капаците. Грмна свиреж и бродот се залула, се навали малку на левата, потоа на десната страна и

откако свирежот загрми неколкупати, полека го напушти пристаништето.

Мегафоните уште погласно засвиреа небаре сакаа маршевите и натаму да го вестат и зацврстуваат сонот на некои запалени мозоци за нивниот марш до Софија и натаму до Москва.

Бродот се` повеќе се навалуваше де десно де лаво. Некоја од затвореничките речe дека има бура во морето. Не знам дали од немање доволно воздух или нешто друго, ме фати некое несигурно чувство, желудникот ми се дигаше, ме стегаше и по некое време почнав да повраќам. Не можев да одам надвор од амбарот, бидејќи на излезот стоеше полицаец со пушка и не дозволуваше излегување... Ми се слоши и паднав пред нозете на полицаецот. Се освестив на палубата. Ме освежи ветерот. Се соседов. Ми се поврати мислата. Се навалив на бродскиот ѕид и длабоко вдишував солен воздух.

Првпат гледав море, првпат патував со брод, првпат гледав час разбранета, час мирна вода и во неа небо потонато со се` ѕвезди. Високо, на небото ѕвезди, длабоко во водата ѕвезди. Вода, вода и само вода пред мене, околу мене и под мене...

Ме вратија во амбарот. Легнав на валканиот под. Немав ниту што да постелам под мене, ниту со што да се покријам... Немав ништо друго освен облеката на мене што ја добив излегувајќи од болницата.

Утрото бродот прекина да плови. Наредија да излеземе на палубата. Во утринското сивило видов грозни камења и снежно сивило што виуличаво паѓаше врз нив.

Од далеку островот изгледаше зелен и мирен. Само неколку куќи и повеќе маслинови стебла и малку рибарски чунови врзани на малото пристаниште.

Ни наредија една по една да слеземе и потоа не построија спроти високата сива и камена карпа истопорена над брегот.

Стигнавме во Трикери...

Не растоварија на брегот и таму, на влажниот песок ја поминавме ноќта. Утрото на плеќи до горе, до манастирот, кој стрчеше на врвот од островот, пренесовме се` што беше товар на бродот. Чекор в чекор по стрмната угорнина обрасната со грмушки и трња.

Манастирот беше напуштен. Без врати и прозорци. Се` беше гнило. Мувла на сите ќошеви.

Не сместија во влажните, мувлосани и студени манастирски келии и во подрумите. Ноќе - мрак, мувла, влага, гнил воздух. Дење - гореа, пржелика под жешкото сонце и жед... Забрането доближувањето до сенките на ретките маслини. Така првите ноќи и денови додека не стигна бродот со многу мали и големи воени американски шатори. Морнарите ги фрлија на брегот, а од таму, до горе, по стрмната угорнина ги пренесовме на грб.

* * *

Иследникот, воено лице, упорно настојуваше што повеќе да извлечи од мене и постојано го повторуваше истото прашање:

- Колку наши си убила?

- Не знам - реков - можеби еден, можеби десет, дваесет, можеби ниту еден. Кога пукаш од ровот или од бункерот или во јуриш, не броиш, туку пукаш и чуваш глава. Ако можеш. Не броиш. Само пукаш, пукаш, пукаш дали со отворени или со затворени очи, ама пукаш и не броиш. Да, пред нашите позиции паѓаа војници, викаа, бараа помош, молеа... Дали беа погодени од мојот автомат? Не знам. Можеби... Војна беше, а војната е само убивање, осакатување. Зарем тоа не го знаете? Можеби не сте учествувале? Ако би биле на позиција, во напад, тогаш не за восхит, туку за убивање, а играта е во тоа ако ти мене не ме погодиш, јас тебе ќе те погодам... Можеби само рана, ама целта е смрт на противникот. Така ги учат сите војници, бидејќи смислата на војната е да го убиеш противникот. Така секаде ги учат војниците, па и нас таму во планините така не учеа. Убиј за да не те убијат. Такво е школото на војната. Од денот кога ќе

ти облечат војничка униформа и ќе ти нарамат пушка, целата ука е во убивањето. Така секаде учат... - самоуверено мудрував и му го кажав тоа, што мене, таму во планините, други ми го кажуваа.

- А ти колку наши си убила? - пак истото прашање.

Истиот одговор.

- Толку за денес... - рече иследникот, ги прибра хартиите во една папка, со подзамижани очи секавично ме пронижа и, откако запали цигара и пред очи ми го истури првиот дим, викна:

Дежурен! Носи ја кај жените!

Просторијата во која ме однесе дежурниот беше преполнета со жени. Седеа една до друга, рамо до рамо, некои се потпираа со плеќите. Барав место да седнам. Немаше. Газејќи меѓу нив, стигнав до ќошот каде имаше толку место, колку нозе да сместам. Се обидував да клекнам. Не ме собираше. Стоев.

* * *

Следното испитување почнуваше со благ поздрав, добродушност во гласот, со смирен и питом поглед, весела насмевка и покана да седнам од другата страна на масата, спроти иследникот.

А тој ме гледаше некако смирено, оставаше впечаток на добрина, ама во текот на испитувањето полека, многу полека се губеа тие белези од неговото лице. Гласот стануваше груб и остар, во очите се губеше наместената добрина - искри на презир, погледот суров, издив на омраза...

- Дете, девојко - ми се обрати иследникот - еве пенкало и хартија...

Зошто? Што е ова? - прашав.

- Пропусница за да излезеш од тука. Не мораш да читаш. Потпиши и ќе си одиш дома, не се огледувај на тие расипани жени, кои за правење блуд, сме ги собрале од атинските улици и од кафеаните...

Упорно и продорно ме гледаше. Рече:

- Потпиши. Дома те чекаат...

Добро знаев кои се тие жени и девојки. Така беше. Во ќелиите носеа жени и девојки собрани на улица, во кафеани и таверни, од кои голем број беа болни од венерични болести. Тие се смееја, ни се гавреа, со најпогрдни зборови зборуваа за најсрамни работи. Ни носеа и нопачни мажи облечени во женски алишта. Тие, доколку наоѓаа празно место, легнуваа меѓу нас. Не задеваа. Јас додека бев во планините и каде ли уште не, додека бев под пушка, лежев до мажи во иста земјанка, во ист ров и бункер. Си дишевме в лице, в уста, се топлевме тело со тело, ама никој не пушти рака, не рече грд збор, беа чесни...

- Ти, девојко, ете, убава те гледам, стројна, зрела и готова за мажачка, што бараш меѓу овие расипани жени, зарем меѓу нив тебе ти е местото? За никоја немаше добар збор. Имаше само закани, едните пострашни од другите, многу погрдни пцости и зацртано црно утре... Кога веќе полека го напушташе трпението, тогаш почнуваше да го опишува пеколот на мојот живот со краен исход - стрелање.

Молчев и го гледав в очи, кои како што растеше неговата лутина, како што се збогатуваше речникот на заканите и пцуењата, час се стеснуваа, час ококорено се отвораа, се полнеа со омраза и ми се чинеше дека од нив ќе истече лудилото на бесот. Кога заканите веќе не му беа доволни за да види на моето лице и во очите страв, тогаш со уште поостар тон викаше:

- Потпиши! Потпиши! Тука ти пишува дека мислите ти се заразени со некаква идеја, која може да ти е само сон. А со сон не се живее. Нема сомнение дека таквото тврдоглаво држење ќе те чини живот. Ако така продолжиш, сигурно е дека ќе бидеш

осудена на стрелање. И нема да си прва и ниту последна. Сите вие, донесени тука, ќе бидете осудени на смрт. Затоа јас најискрено те советувам да се откажеш од твоето минато со потпишување изјава дека се каеш...

- Не потпишувам... Тоа што го барате од мене не е ништо друго туку само мое обезличување, да сум понижена, да бидам ништо... без чест и достоинство...

Δυλωση μετανοιας - изјава за каење - беше единствениот збор што секој ден го бараа и го повторуваа, збор кој зад себе влечеше закани за тепање, за судење, стрелање и го издигаа над се` - тука немаше ништо поважно, ништо попотребно, туку само изјавата за каење, која беше ветување за слобода, за живот, беше магичниот клуч со кој се отвораше вратата за излез од ќелијата, од логорот и кошмарот... Овој збор го имаа на уста чуварите, снабдувачите, возачите, сите кои носеа униформа, оружје, стапови и камшици...

Δυλωση μετανοιας - потпишаната изјава за каење беше дарување на животот, висеше над главата како изострена секира, секој миг готова да падне и да пресече...

Моето молчење, моето упорно - не потпишувам - ги тераше да беснеат, да лудуваат, да се закануваат и да измислуваат се` понови начини на заплашување и секој ден го правеа се` помачен, по измачувачки и злото стануваше се` полошо.

Најпогрдните пцости ги примав со презир и најчесто молчев. Молчев и тогаш, кога досието ми го полнеа со измислени обвинувања иако во мене вриеше, клокотеше и растеше гневот, ми се чинеше дека ќе избувнам и ќе му се нафрлам и со заби ќе му го пресечам грклanот. Ама, не, трпев, се воздржував и со голем напор во мене ја смирував бурата...

- Девојко, тука пишува дека си заразена со опасни идеи, кои можат да те одведат под суд. Не едни таму завршија. Откажи се, потпиши изјава и утре си одиш дома.

- Не...

- Искористи ја приликата... Од тука има само еден начин за да се излезе - да потпишеш. Во спротивно може да те изеде мракот и никој ништо не би можел да дознае што ти се случило...

- Не... Не прифаќам понижување, не прифаќам да бидам ништо...

Иследникот имаше долга рака и широка дланка. Со еден замав ми ја одзеде светлината и здивот. Потоа дојдоа двајца. Ме одведоа во подрумот. Таму беше мачилиштето. Зад масата дебел, намуртен полицаец, по кошула. Ракавите подвиткани над лактовите.

- Доближи се! – нареди. - Седни! Навали се!

Така... Е, сега, кажи ми, ќе потпишеш?

Молчев.

Тебе те прашувам!

Молчев.

- Зарем за еден потпис - ќе трпиш?!

- Да...

Силната шлаканица ми ја одзеде виделината. И потоа - гром, молскавици.

Молкот се преточи во крик. Ме удираше со мали прекини, чиниш чекаше да молам, да заплачам. Не молев, не заплакав, ама едно клопче силно ме стегаше во грлото, го држев со пизма - упорно, до болка. Клопчето беше мојот крик на ужасот...

Дали викав? Викав, многу викав. Не молев. Само викав... Ударите не беа за да ме убие, туку за да ме измачува, а јас молев да ме убие. Барем еднаш да умрам, а не секој ден. Во тие мигови се молев Господ да ми ја сочува моќта на умот за да не

полудам. Ако ме убијат нека ме убијат таква, каква што сум, а не луда, зашто убиена луда може да им биде и оправдување.

Мрак, густ, поцрн и од најцрниот.

Се освестив со главата пикната во ќошот. Над мене стоеше тепачот. Во рацете кофа со нечистотија. Кога отворив очи, тогаш целата ме облеа со нечистотијата. Со дланката го избришев лицето, го погледнав и прошепотив:

- Моли нешто вакво да не и` се случи на мајка ти и на сестра ти или ... - не довршив. Клоцата во стомакот го згасна зборот...

Ударите со тупаници и клоци, со камшици сплетени од жица, со стапови и заканувачките викотници и најпогрдните пцости, ги издржав.

Тој ден многу ме тепаа...

Во ќелијата ме однесоа на носила.

Болката од тепањето ја издржав. Го издржав и стравот. Тоа некако ме окуражуваше, не само што ми даваше кураж, туку и ме радуваше. Чудно е тоа чувство - да се радуваш затоа што те боли. Лежев тукуречи неподвижна и чувствував дека целото тело ме боли. Си реков:

- Штом боли, значи сум жива.

Болката е живот. Ако ја чувствуваш болката, тоа ти значи дека си жив. Кога имав големи болки, тогаш викав, си го слушав гласот. И гласот ти кажува дека си жив.

Таква една голема, тешко издржлива болка, доживеав во партизанската болница. Немаа доволно средство за да ме заспијат и ме сечеа полужива. Болката ми ја смирија откако ме легнаа в кревет. Ми дадоа нешто, што прво ме стопли, потоа болката почна полека да се смирува, да истечува, да се цеди од мене, очите ми се наполнија со небо, со планини, со ридови,

карпи, ливади, гледав извори, поточиња, реки, цвеќе, дрвја, драги и мили лица, потоа заспав ...

Болката има голема тежина и ако не знаеш да ја поднесеш и да ја трпиш, ќе те ничкоса, ќе те згмечи, од тебе ќе направи ништо. Токму тоа ништо сакаа од мене да направат.

Здрвена од болка, си велев:

Жива сум.

Се радував и покрај тоа што ми се чинеше дека се држев со последните сили и постојано мислев дека умирам.

Боли. Значи сум жива.

И таму, во подрумот, кога си го слушав сопствениот крик сподавен во мене - си велев -жива сум, жива сум и по секој уште посилен удар, повторував во себе - се` уште сум жива штом си го слушам сопствениот крик на ужасот.

Мојот крик, мојот врисок, моите лелекања и моите колнења што ги шепотев во мене - ми беа белези дека сум жива...

Дури и најмалото, одвај чујното движење на некој дел од тешко избиеното тело и тоа е мал знак на живот.

Тие тепаа, а јас држев инает.

И инаетот е знак на живот. Инаетот, тоа си ти. Се инаетиш - пркосиш, значи траеш, инаетот во полициски подрум е живот, е траење, постоење, противење на злото, на ужасот, на понижувањето... Таму, во полициските подруми не е дозволено да умреш од тепање. Од таму се излегува сакат или луд.

Не ме напушташе мислата, дека штом се` уште боли – значи дека не сум умрена... Длабоко во себе, по секое тепање, го криев ужасот и очајот и безнадежноста, упорно го голтав крикот на болката и стегав очи да не потечат солзи за да не видат дека страдам.

Ја издржав болката и во мене вриеше мислата дека сум жива, се радував, ликував. Мислев и си велев, си повторував - жива сум! И во тој миг почувствував дека длабоко во мене нараснуваше, набабруваше радоста, сакав да прозборам, да кажам дека сум жива, ама усните толку ми беа натечени и оболени, што зборот не се откинуваше, се вртеше, притиснуваше и заедно со крвавата плунка потонуваше во грлото.

Секогаш, кога по секое тепање си доаѓав на себе, си велев - жива сум и за да се уверам дека сум жива си ги штипев образите, носот, си ги касав усните и јазикот.

Потоа?

Потоа потонував во без сознание, а жените околу мене со голема загриженост се обидуваа да ми ја повратат присебноста.

Многу се радував кога околу мене се собираа жените и ме тешеа, ме храбреа. Благодарност им изразував со блага насмевка и кога бев поспособна да одам на задолжителната затворенички прошетка, тогаш меѓу камењата ги собирав сините и нежни листенца на незаборавките и им ги подарував. Во тие листенца беше целата моја благодарност, топлина и почит кон жените и девојките кои ме негуваа и охрабруваа.

Во тоа време, времето на ужасот, сите бевме едно тело и една душа...

* * *

На едно од редовните испитувања, го прашав иследникот:

- Што ви значат тие зборови вулгара и палјовулгара? Зошто при секое испитување така ме нарекувате? И да ви кажам: бидете убедени дека колку повеќе ме навредувате и понижувате, току повеќе ме правите упорна и цврста и да знаете - нема да потпишам дека се откажувам од животот...

По долго и упорно молчење, иследникот рече:

- Секоја која не е Гркинка е вулгара...

- Ами сите жени во логорот ги нарекувате Вулгарес. Зарем тие не се Гркинки?

- Да, тие се Гркинки, ама не се чесни спрема татковината и затоа се тука... Доволно е?

- Не!

- Молк, пањовулгара!!!

Двајца полицајци се втрчаа, ме зедоа под мишки и ме однесоа во подрумот. И од таму, избиена до бесвест ме фрлија во една мрачна ќелија. Дека беше многу мала сфатив по тоа што легната, со нозете и главата ги допирав ѕидовите. Дали од влагата или од студот, се созедов.

Прибрав сила и полека станував, ама не успеав да се исправам. Таванот беше многу низок. Седнав на влажниот под. Од малата цепнатина под вратата влегуваше слаб сноп светлина. Не знам колку време ме држеа во таа дупка. И не знам кое време ме извлекоа од таму и, влечејќи ме по ходникот, ме фрлија во друга ќелија. Беше полна со жени. Беа многу. Полу легнати, навалени и стуткани една до друга, тело до тело. Тука тие чмаеја дење и ноќе, чекајќи да им ја одредат судбината.

Крвјосани, избиени, засмрдени, вдишуваа мувлосан воздух презаситен со засирена крв и реа што испаруваше од кофите полни со нечистотија и многу кашлаа. Малку свеж воздух во ќелијата влегуваше кога во неа носеа други.

Само утрото половина час ширум ја отвораа вратата, дозволуваа да се исправат, да одат на олеснување и да ги испразнат кофите од нечистотијата. Забрането беше да зборуваат и да се поздравуваат, само можеа да вдишат свеж воздух.

Беа многу. Од целата земја. Селанки, домаќинки, учителки, професорки, учени и неписмени жени и јас една од нив.

Без разлика, заедно со нив го поминував и го живеев истото што и тие. Истите крвници не тепаа, слични болки трпевме, едни полесно, други потешко. За сите исти беа испитувачите, полицајците, мачителите, законите, судовите, државата.

Јас бев само една од нив во таа голема, засмрдена ќелија...

Ноќите беа дополнување на измачувањата. Во текот на ноќта со поголеми прекини се огласуваа звучниците од кои ечеше силна музика, а потоа снимени гласови на плачење, молење, лелекање. Тоа беа гласовите на тепаните жени. Ги слушавме со стегнати срца, страв и агонија во очите. Потоа пак музика... и по неа одеднаш се отвораше вратата, двајца полицајци ја зграпчуваа најблиската жена и ја одведуваа. Звучниците ни ја пренесуваа нејзината болка. И одеднаш тишина и по неа силно тропање и отворање на вратата и внатре фрлаа обезличено тело...

Како да помогнеш?!...

* * *

Често практикуван начин беше многукратното будење во ноќта. Носеа силен рефлектор и светлината право в очи. Ноќе - силна светлина, а дење, построени со лицето свртено кон сонцето. И таа светлина измачуваше.

Светлината - ноќна или дневна - ни го разоруваше телото и ни го гореше духот...

V

Првите денови на јануари 1950 година се слушна глас дека ќе не префрлат на островот Макронисос. Од скудните вести што пристигнуваа заедно со писмата знаевме што се случува на тој остров и затоа веста не исполни со ужасен страв. Не чекавме долго за да дознаеме нешто повеќе и тоа од командантот на логорот, кој нареди да се построиме пред шаторите.

Врнеше силен дожд измешан со снег. Смрзнати, одвај стоејќи, чекавме да се појави.

Дочекавме.

Тој се истопори на бината и откако не погледна со видливо сожалување, длабоко воздивна и, на почеток, скромно и воздржано, а потоа бесрамно, рече дека животот што го живееме на островот Трикери и покрај сите тешкотии, ќе ни се види идиличен тогаш, кога ќе го здогледаме Макронисос. Не посоветува да потпишеме изјава за каење и веднаш, со последната група ќе си заминеме дома, во спротивно, таму во Макронисос ќе не принудат да се покаеме, ако тоа не го сториме, тогаш таму смртта ни е сигурна.

За миг прекина, не опфати со поглед на гладен волк и одново почна да не убедува да не се надеваме дека некогаш ќе се вратиме дома, дека до крајот на нашиот живот ќе останеме ако не на овој остров, тогаш на некој друг од многуте острови што ги има Грција и уше многупати потврди дека само со потпишување изјава за каење секоја од нас може да си го спаси животот.

Тие зборови кај голем дел од жените го скршија духот. Една зад друга или две по две и повеќе тргнаа да потпишат изјава за каење. Одеа и не свртуваа глава за да не погледнат за последен пат. На лицата им беше испишана ужасната несреќа. Беа свесни дека не оставаат во подивеаните раце на мачителите. Тукуречи сите кои се одделија од нас, во војната имаа погинати мажи, браќа, свршеници, блиски. Последната желба им беше да се

вратат дома, во своите градови и села, во своите опљачкани и запустени куќи, да се спасат од пеколот на заточението.

Истиот ден, откако неколку часови стоевме построени под снегот и силниот студен ветер, командантот нареди да ги соблечеме палтата, да ги собуеме чевлите и од главите да ги тргнеме шамиите.

Ја послушавме наредбата.

- А сега - викна бесно - сакам да слушам само едно тропање на чекорите и стројот во тројки да е рамен! Трчај!!!

Дваесет пати со трчање го направивме кругот. Истоштени, одвај собиравме сили да здивнеме, паѓавме во снегот и тие кои не држеа чекор во ритамот на музиката што ечеше од звучникот, полицајците безмилосно ги удираа со стапови и камшици. Командантот ликуваше и со својата злобна и грда насмевка ги бодреше тепачите.

Не викавме иако ударите многу не болеа, а тоа наше молчење кај командантот и полицајците предизвикуваше бес. Со еден извик „Алт„ прекина трчањето.

Избиени и разочарани, истоштени до бескрај, го прекинавме трчањето и, молчејќи, си ги прибиравме палтата, шамиите, чевлите.

Тој ден како да беше ден за најавување и предупредување за тоа што не чекаше во Макронисос.

Наредниот ден беше ден на подготовка за заминување. Не разбудија во мугрите и наредија на едно место да собереме се` што беше сопственост на логорот: шатори, бодликава жица, колци, шпорети, котли, се` - до последното рѓосано шајче...

Снегот што паѓаше вчера не престана и наредниот ден, а северниот ветер што силно дуваше не го смрзнуваше само снегот, туку и нашиот мал кураж и се вклопуваше во нашето маченичко работење. Се` собравме на едно место. Потоа без

одмор, ни беше наредено сите тие гнили работи да ги пренесеме долу, на плажата. Носевме ноќе, во мракот, по снегот. Од манастирот до плажата - удолницата многу стрмна. Товарени одевме прудолу по тесната патека придружувани од пцости, навреди, удирани со стапови и камшици.

Во мракот со мака баравме камен, вдлабнатина за потпор за да не се слизнеме.

Третиот ден, пак студен, сив, влажен, небото црно. Во пристаништето стигна и закотви еден голем товарен брод.

Наредба:

- Се` што е донесено и лежи на плажата - да се товари на бродот!

Сопственоста на логорот ја пренесовме на бродот и до полноќ ги пренесовме и нашите работи.

Јас, освен една торбичка, немав ништо друго за пренесување. Под светлата на батериските светилки не построија на плажата, не изброија и наредија една зад друга да се качуваме на бродот. Скалите тесни и стрмни - се лулаа. Силни и високи бранови се кршеа од бродот во кој со разнишан чекор влегоа илјада сто и четириесет и пет жени, стари од шеснаесет до осумдесет и дветри години.

Толку изброја полицаецот кој стоеше на влезот и бројот го запиша во тетратката.

Слегувавме долу, во амбарите. Нечистотија и реа. Гнил воздух. Секој миг просторот стануваше се` потесен. Немаше место за седење. Истоштени од целодневната работа, жедни и гладни, ненаспиени, баравме место да седнеме. Немаше. Стоевме една до друга и чувствувавме дека се` повеќе ни недостасува воздух. Почнавме да викаме да ги отворат прозорчињата. Немаше одговор. Наместо воздух, ни пуштија музика - воените маршеви ечеа од звучниците.

По полноќ бродот отплови товарен со нашата несигурност, со големиот страв во очите и со прашања залепени на жедните усни:

- Натаму што ќе биде?

Стоев притисната до ѕидот и се обидував да си замислам дека на Макронисос нема да е полошо барем што се однесува на тешкотиите што во последните месеци ги поминав на островот Трикери.

Си велев - сигурно и таму ќе има страв и нови измачувања на телото, душата и мислата.

Бродот долго пловеше и остануваше многу време за размислување.

Дента ни се придружи брод полн со војници. Некои преминаа на нашиот брод и рекоа дека им е наредено да ни помогнат заедно да го растовариме бродот кога ќе стигнеме во Макронисос. Со испружени раце ни го покажаа островот каде требаше да стигнеме.

Пред очите гол, издолжен остров и колку повеќе се доближувавме толку повеќе се гледаше дека таму немаше ниту дрво, туку само голотија и високи карпи нависнати над морето. Наоколу ниту белег од зеленило. Голо долгнавесто копно, со стрмни и високи карпести брегови. Изгледаше како скаменето чудовиште кое го биеја високи и распенети бранови. Кога бродот стигна поблиску, тогаш почнав да забележувам шатори поставени во рамни редови.

Ноќта бродот остана на отворено море. Утрото со мака закотви на бетонската платформа. Во утринската светлина островот стануваше се` поодвратен и пострашен.

Слегувавме во молк. Со сподавен издив на тревога, стапнавме на копно, во Макронисос...

Дали имав некаква надеж?

Само си прижелкував на ова гола карпа што не личи на земја, ноќите и деновите да не ми бидат толку маченички како на островот Трикери и да имам толку сили за да ги издржам бурите за кои со шепот се пренесуваа злогласни вести за островот на ужасот...

* * *

До зорите заедно со војниците растоваривме се` што имавме товарено во Трикери.

Кога за миг застанав за да приберам здив, тогаш пред моите очи забележав дека островот се` повеќе стануваше одвратен и страшен.

Офицер, со големи букви А.М., сошиени на десниот ракав, нареди да се построиме во тројки и под вперените пушки на цел вод војници, кои исто така на ракавот ги имаа истите букви, не одведе на плоштадот. Таму, на бината генерали, полковници, полициски началници и еден владика. Од името на логорската команда не поздрави еден капетан, кој ни пожели добредојде прилично со овие зборови:

- Идиличниот живот што го живеевте во други места на вашето заточение неповратно заврши. Сега припаѓате на ОАМ (ОАМ – Οργανισμος Αναμορφωσεος Μακρονισου - Друштво за превоспитување во Макронисос), сте дел од АЕТО (АЕТО – А` Ειδικον Ταγμα Οπλιτων - Прв Посебен Војнички Баталјон) и училиштето ви се вика ЕСАГ (ΕΣΑΓ - Ειδικη Σχολη Αναμορφωσεως Γυνεκων – Посебно Училиште за Превоспитување Жени). Животот во АЕТО/ЕСАГ ќе ви биде многу тежок. Дали ќе трае малку или многу тоа ќе зависи од вас. Ние ќе направиме се` бргу да се вратите во прегратките на нацијата. Ако тоа не го направите, ве предупредувам, дека ќе бидат применети сите одредби на законите кои ќе ве принудат да промените мислење. Имам чест да ви кажам дека почитуваната команда ви дава време во траење од три денови за промена на мислењето. За вас нема да има милост. Постапката ќе биде иста како што е и кон мажите. Нема да има никакво

сожалување. Законот важи за сите независно од полот и возраста...

Потоа не поздрави еден генерал, кој ни ја одржа и првата лекција од наставната програма за превоспитување. Почетокот вака некако звучеше:

- Победничката национална армија го победи партизанскиот бандитизам... Денес, од овој миг, официјално вам ви објавува војна... Ако не потпишете изјава за каење, тогаш боси, голи, гладни и жедни ќе скитате над бездните и ќе јадете змии и пцовисани коњи и мазги... Јас ви ветувам дека брзо ќе си одите дома доколку ќе постапите според законот. Светата земја на Макронисос, која сега ја газите, пред да дојдете вие тука, ја газеа четириесет илјади мажи со лево мислење. Нив ги превоспитавме и во своите пазуви ги прими татковината. Истото ќе се случи и со вас. На располагање имаме многу средства и методи со чија помош ќе го најдете вистинскиот пат. Ако не сакате со добро, тогаш ние ќе ви ја покажеме другата страна.. Како прво ви даваме три дена да размислите. За ваше добро... Немојте да заборавите. Имате три дена за размислување...

Лекцијата содржеше и многу други закани и заплашувања и ветување дека ќе си одиме дома само ако се покаеме...

Наредија да го напуштиме плоштадот. Звучниците захрчија и гласно го истурија воениот марш, кој небаре беше химна на островот:

Μακρονησι σεμνο, σκαπανεων αγκαλη
μια πατριδα ηρωων με δοξα μεγαλη
μια πατριδα μεγαλη, τρανη κι οχι σκλαβων
η φοβερα κι ο ταφος των βαρβαρων Σλαβων (Макронисос скромен, прегратка на првенци ти си татковина на херои со голема слава на една голема огромна татковина, но не на робови туку страв и гроб за Словените варвари (Слободен превод од грчки)).

Не сместија во шаторите кои беа поставени пред нашето пристигнување. И од тој миг почна да се брои времето за нашата одлука. Во текот на ноќта, секој час звучниците гласно потсетуваа:

- Жени на ЕСАГ. Времето тече. Не губете време!

Згрчени и вкочанети, смрзнати во студените шатори, ги слушавме потсетувањата. Неизвесноста и стравот се` повеќе растеа. Мачно течеа и ноќите и денови. Точно третиот ден, беше 29 јануари, во три часот попладне не собраа на плоштадот. Командантот нареди да седнеме. Војници, офицери и алфамити (Алфамити – воени полицајци на островот обележани со буквите А.М.) со целата воена опрема се поставија околу нас. Мртва тишина. Командантот застана зад микрофонот и се развика:

Отровни змии! Времето помина! За последен пат погледнете наоколу, погледнето го морето, сонцето, светлината. Ако денес не потпишете, ќе умрете. За вас нема милост! Нема човештина! Денес ќе морате да потпишете дали тоа го сакате или не!!! Тука не ве донесовме за да живеете, туку за да умрете. Ако не сакате да умрете, тогаш потпишете!

На неговото лице и во очите имаше само одраз на омраза и лошотилак.

Еден миг мируваше и потоа им се обрати на алфамитите. Им рече дека не предава во нивните раце и дека со нас можат да прават се` што ќе посакаат. Ги повика со сите сили да се справат со нас, ороспиите, предавниците...

Алфамитите тоа чекаа. Во нивните раце стапови, чукала, железни шипки, камшици... Ние се собравме куп. Стегнати една до друга.

Времето измина! - викна командантот.

Алфамитите не построија, потоа не поделија во групи од по четириесетина жени и девојки и наредија да појдеме. Пред нас

одеа двајца и зад нив одевме ние без да знаеме каде. Застанавме на брегот. На два или три чекори над бездната не построија. Не влечеа за коса и не тераа да гледаме долу каде лудуваше и бучеше морето. Помислив дека ќе почнат една по една да не фрлаат во бездната.

Откако добро се изнагледавме, еден од алфамитите рече дека таа која не сака да се најде во бездната и да се удави во дивите бранови нека оди настрана. Молк. Исчекување. Во тишината што настана педесетина жени се одделија и застанаа дваесетина метри далеку од бездната.

Неколку алфамити ги построија и ги однесоа во командата, а нам, на останатите, ни наредија да го продолжиме одењето. И така редум го посетувавме островот на нашето превоспитување...

Стравот ме вкочани, ме смрзна, ми го одзеде здивот.

Одев исправена и го гледав островот. Сива карпа. Од секоја страна безмилосно ја бијат брановите. Не видов никаква убавина, ниту едно дрво, ниту една тревка, никаква трага од зеленило, ниту птица во лет, само камен, само песок. Ветерот го вее и ја полни устата, носот, очите; газиш само по аглести и шилести парчиња камен, кои ти ги крваваат стапалата.

Газев на бесплодна и сува земја, која подоцна ќе ми стане скоро секојдневен придружник кој долго ќе го полевам со солзи и пот...

На другата страна на островот алфамитите ни покажаа уште пострашни бездни. Над нив по целата ширина една голема карпа и долу, во нејзиното подножје, длабоки бездни. Кога ги забележав, тогаш си ги спомнав зборовите на еден војник - логораш, кого го имаа донесено во Трикери: „Таму - рече тој - се и бездните на смртта каде те измачуваат се` додека не потпишеш...’’

Доцна попладне не вратија во шаторите. Ни поделија студен грав и по парче мувлосан леб. Тоа ни беше јадењето за целиот

ден. Не` не оставија да го дојадеме гравот. Влегуваа во шаторите и со викотници, пцости, навреди и закани не истераа надвор. Наредија да се постројме. Поминуваа меѓу редовите и тепаа. Со камшици, со стапови, чукала, тупаници, влечење за коса, клоци, шлаканици. Лево и десно паѓаа жени удирани по глава, плеќи и гради. Викотниците на ужасот, жалосните и молежливите плачења, извиците на болка, страшните офкања и лелекања се сплетуваа во еден крик. Притрчуваа алфамити и на носила ги пренесуваа тие, кои веќе немаа сила да стојат, кои веќе окрвавени лежеа во смрзнатиот песок.

Врз мојата глава и плеќите злобно свиреше камшикот.

Броев: пет, шест, седум...

Избројав до дваесет и повеќе не можев. Паднав. Легнав ничкум и со рацете си ја бранев главата. Тешките војнички цокули се` повеќе ми го здрвуваа телото и над мене не престануваше да вика зарипнатиот глас на алфамитот:

- Ајде, сега, сега, кучко, потпиши! Ќе потпишеш или да те убијам?

За миг престанаа ударите. Алфамитот ме зграпчи за косата, ме крена, ми нареди да ги собујам чевлите и викна:

Напред! Пред мене! Таму над бездната ќе собереш ум!

Тргнав.

Болки во стапалата. Газев по острите и шилести камчиња. Со камшикот удирана по плеќите, одев пред алфамитот, кој ме однесе над бездната. Ми нареди:

Гледај долу!

Долу бучеше морето. Вриеше. На карпата лудо удираа брановите. Смрзнав. Се скаменив.

- Ќе потпишеш? - грмна зад мене алфамитот.

Се свртев и одречно потврдив.

Ќе скокнеш или да те турнам?

Ќе скокнам! - му подвикнав и направив чекор кон бездната...

Не ме пушти да скокнам. Ме фати за рамената, ме одвлече неколку чекори назад, со една тупаница ме кутна и тешките војнички цокули над мене заиграа сиртаки... Пред секој удар се згрчував, се склопчував и се молев наредниот удар да ме здрви за да не ја почувствувам болката, секој нов удар да го замолкне мојот крик на болка, да го згуши офкањето, да го сподави лелекањето, да ме занеми. Кога болката ми беше се` поголема, кога телото се` повеќе ме гореше, тогаш по секој удар викав:

Удри! Удри!

Така ми беше полесно да издржам и в очи да му се потсмевам на мачителот.

Ме однесе во командата. Таму поставени маси, листови хартија и пенкала. Зад некои седеа жени и со наведнати глави потпишуваа. Насилно ме седнаа и ми наредија:

Потпиши!

Нема!

Се обидоа со сила во раката да ми го стават пенкалото, ама успеав да го фрлам.

Шлаканица. Темница. Вртоглавица. Во скутот капеа капки крв. Двајца ме фатија под мишки и ме одвлекоа во една мала шупа каде цела ноќ се борев со гладните стаорци, а најмногу со мислите дали додека со мене владееше темницата насилно не ми го ставија пенкалото в рака и го начкртаа моето име?

Овој сомнеж ми го разоруваше умот.

Избиена ме вратија во шаторите, а таму команантот на логорот им се заканувaше на построните, избиени и окрвавени жени и девојки:

- Ниту една од вас од тука нема да си оди жива ако не потпише. Тука ќе умрете, тука ќе гниете, тука ќе ве јадат црвите!

Неколку часови ме оставија сама. Се обидував да приберам сили, да ги истријам местата каде најмногу ме болеше. Си велев дека и оваа бура ќе помине, само трпение. Кога ми беше подобро, тогаш, колку што можев, колку што ме држеа силите, им помагав на тие кои најмногу страдаа и ги бодрев.

Некаде по полноќ - ново лудило на алфамитите. Со лицата скриени зад црни шамии тие се втурнаа во шаторите и со истите закани, со истите стапови, чукала и железни шипки удираа, биеја без да изберат место.

Викотници, лелекања, офкања, молења, пцости, крв, паѓање во безсознание - се` се мешаше во еден крик на новиот ужас.

Така заврши ноќта и денот 30 јануари 1950 година.

Така поминуваа и наредните ноќи и денови.

* * *

Рано, уште зора не пукната, трипати, со кратки прекини не будеше воената труба. Со викање и пцуења, алфамитите влегуваа во шаторите и не бркаа надвор. Со недоспиениот сон во очите истрчувавме надвор и се постројувавме пред шаторите. Задоцнетите во стројот влегуваа под ударите на стаповите и камшиците, пцуени и омаловажувани од алфамитите. Пребројување и делење во два редови. Појадок - парче леб и солена риба. Враќање во стројот. Исправени. Забрането зборување. Чекавме. Главниот го чекавме. Чекавме и го дочекавме. Одеше меѓу редовите, ни се загледуваше во очите.

- Таа, која одлучи да потпише изјава за каење, да истапи три чекори!
Чекаше.

Со камшикот удираше на дланката, не гледаше, не голташе, очите му се полнеа со омраза. Не му беше првпат.

Немаше чекори за излегување од стројот.

Падна наредба:

- Овој ред насока - каменолом! Овој на другата страна на островот. Марш!!!

Наредија да го израмниме стројот, одново не пребројија и пуштија звучниците да грмат:

Σοφια Μοσχα ειναι το ονειρο μας
(Софија Москав ни е сонот)

За миг замолкнаа звучниците, наредија на место да маршираме. Удиравме чекор во песокот небаре тргнавме кон Софија и Москва.

Построени, во марш тргнавме кон камеломот. Таму не чекаа чеканите, копачите и камењата.

Построени, една зад друга, во долга редица, боси, тргнавме и го газевме студениот и шилест чакал од грубо дробен мермер.

Каменоломот не беше далеку, ама патот до таму невообичаено долг. Ни одредија место од каде мораме да земеме камен, кој не смее да е мал. Мора да е толку голем за да го покрива целото рамо. Алфамитот се грижеше да е повеќе шилест, да има што повеќе остри рабови. И така со каменот на рамо, со душата в грло и со стравот во очите го фаќавме патот кон другиот брег на островот. Од таму, некаде среде пат, редовите се сретнуваа. Ние од каменоломот во куп го фрлавме каменот, а тие го подигаа и го враќаа во камеоломот. И така каменот го шетавме од каменоомот до другиот брег и истиот камен од брегот до

каменоломот. На шилестиот дробен мермерен камен остануваше нашата робовска пот и засуената крв од нашите окрвавени стапала и рамена. Кога редовите се разминуваа, тогаш тивко, со шепот одекнуваа два зборовите:

- Горе главата!

Тие два зборови честопати под ударот на камшикот, тупаницата и стапот, со шепот или со устремен поглед се пренесуваа од уста во уста, одвај одлепувајќи се од усните расечени и испечени од жедта и студенилото на разулавениот ветер.

- Горе главата! - шепотевме ние живите скелети, пренесувајќи ја искрата на непокорот.

- Горе главата! - шепотеа долгите редици свиткани под тежината на каменот што го расечуваше живото месо на некогаш нашите кревки женски тела.

Во шаторите доцна не враќаа. Истоштени од носење камења и смрзнати, а во топлите месеци, изгорени од сонцето, единствена желба ни беше да легнеме, да здивнеме, да одмориме скапани тела, да дремнеме. И тоа не ни беше дозволено. Ноќе влегуваа алфамитите и почнуваше орото на злото.

Тоа беше дел од наставната програма за национално превоспитување.

* * *

Во мракот никого не можеш да препознаеш. До зорите лежевме во сопствената крв и големата болка. Утрото доаѓаа да проверат дали сите сме живи. Не гледаа окрвавени, се гавреа и се преправаа дека се чудат од крвавата глетка. Одново не тераа да се построиме и во строј слегувавме по стрмниот брег за да се измиеме во солената морска вода. Раните вриеја во солта. На брегот мртви тела. Бранот ги повлекуваше, ги враќаше, ги удираше на карпестиот брег, ги превртуваше и одново, ги удираше на карпата и ги враќаше во длабоко...

Беа тие, полудените, кои алфамитите тука ги фрлаа во ниедно време од ноќта...

Ужасот на глетката не смрзнуваше, не исполнуваше со страв. На патот кон шаторите бројката се намалуваше. Еден дел се извлекуваше од стројот и патот го фаќаше кон командата на логорот.

Таму потпишуваа изјава за каење...

* * *

Беше утро. Во шаторот влегоа петмина алфамити. Еден од нив, покажувајќи со прст, извика:

Ти, ти и ти! Надвор!

Јас бев едната од извиканите.

На секоја ни дадоа по една лопата и не однесоа на плажата.

Знаеш да копаш? - ме праша водникот.

- Знам! - реков гласно, плукнав на дланките и ја вкопав лопатата во песокот.

- Браво! - извика пофално. - Каде научи да копаш? Да не си била?... - со главата покажа на ридот.

- Сум била...

- Значи таму си научила да копаш?

- Точно така.

- Значи таму си копала ровови, земјанки, бункери... Така ли?

- Токму така...

Со стапот ја измери мојата височина и потоа на песокот ги пренесе моите мерки и нареди:

Копај!

Плукнав на дланките и почнав да копам. Со силен замав песокот го исфрлував лево и десно и кога докопав длабоко до моите гради, водникот им нареди на девојките:

Сега вие вратете го песокот во јамата!

Ме закопуваа полека. Веќе бев закопана до колена, до половина, до градите и песокот стигна до под брадата. Чувствував како ми отрпнува и ми смрзнува телото. Губев здив...

Водникот се наведна над мојата глава и рече:

- Ако потпишеш изјава за каење, веднаш ќе те откопаме.

Песокот ми го стегаше грлото. Ми снема глас. Мачно мрднав со главата давајќи знак дека нема да потпишам. Се` потешко дишев, се` повеќе ми снемуваше воздух. Се онесвестив.

Доцна попладне се созедов во шаторот.

На вечерното постројување и пребројување не ги видов девојките кои ме погребуваа по наредба на водникот.

Не ги видов ниту наредниот ден во утринското постројување и пребројување...

* * *

- Дали денес ќе бидам спасена од лошото? - така секогаш си мислев кога не враќаа во шаторите. Така си мислев кога истоштена легнував, кога ми се случуваше само за миг да имам малку мир за издишка и триење на нај болните места, кога алфамитите ги немаше и кога кучињата не лаеја. Тогаш легнував ничкум, затворав очи за да не го гледам парчето

намуртено небо што се гледаше од искинатиот покрив на шаторот. Мислите ги пуштав да бегаат од островот. Како може да се избега од тука? Има ли пат? Од тука нема бегство ниту за мислите. Тука може само да се сонува за бегство... Ама и сонот го немаше...

За смирување и утеха остануваше само летот на вообразбата. Тука никоја не беше во состојба и тоа да го има, да е личност за себе. Времето, животот, мислите, надежта не смее да ги насочува како што сака, не е господар на своето тело. Како ќе тече животот во текот на денот, на ноќта, па дури и на мигот, одредуваше командата. За почитувањето на овие одредби грижа водеа офицерите, а за непочитувањето извршители беа алфамитите. Се` беше во согласност со одредбите на наставната програма за наше превоспитување, во која, како едно од методите беа и ноќите и деновите кога силните и налудничави ветришта од север и југ наизменично силно и лудо дуваа. Ги растураа шаторите, високо дигаа песок, носеа дожд од солена вода, создавајќи сиви облаци во кои снемуваше воздух. Зиме и рана пролет мрзневме во студените шатори. Доцна пролет и лете горевме под жешкото сонце. Така над нас беше здружен сатанскиот сојуз на мачителите и природата.

Кој митолошки бог во морето го создаде ова парче карпа?

Во кафезот на Посебното Училиште за Превоспитување на Жените имаше само болка, лелекање, офкање, страв, несигурност и исчекување на нови погроми во шаторите и надвор од нив...

Часовите по превоспитување секогаш завршуваа со триумфалната химна:

Το πρωτω ταγμα Μακρονισου
Μισει τωρα το Σλαβισμο (Првиот баталјон на Макронисос Сега го мрази Словенството).

* * *

Еден ден двајца алфамити ме однесоа на брегот. Ми рекоа да седнам и да го гледам морето и брановите кои удираа на карпата.

Гледав. Долу, бучеше морето, брановите удираа на камениот брег, се пенеше водата. Високите бранови бучеа, лудуваа, високо исфрлуваа пена, а тие, алфамитите, стоеја зад мене, пушеа цигари и во еден миг едниот се огласи:

- Што чекаме? Ајде да ја турнеме и да си одиме...

Се стаписав. Смрзнав. Малку се помрднав и полека станав. Стоев исправена и чекав. Се стресов, смрзнав, кога на рамото ја почувствував раката на алфамитот. Полека ме туркаше напред кон бездната. Направив чекор, уште еден и веќе бев на самиот раб. Крај на карпата. Половината стапало ми беше над бездната. Стоев и чекав загледана во распенетите бранови. Долу бучеше. Клокотеше. Прстите на алфамитот се` посилно се стегаа на моите рамена. Чекав да ме турне. Не ме турна. Ме врати назад. Така неколкупати до самоти раб на камената карпа. Чекор напред, чекор назад. Прекина и праша:

Ќе потпишеш?

Молк.

Седни! - викна - седни и размисли...

Седнав и ококорив очи. На каменот, на дофат на раката, слета пеперутка. Полека замавнуваше со крилјата обоени со многу разнобојни точки, кругови и црти. Првпат, од кога ме донесоа на овој остров, видов друго живо суштество за разлика од нас робовите и нашите мачители. Сакав да ја допрам, да ја погалам. Пуштив рака. Во тој миг подувна ветер и пеперутката ја одвеа над бездната. Се изгуби. И тогаш си спомнав за лудите жени. Дали и нив, како пеперутката, ги одвејуваше ветерот или алфамитите ги фрлаа во бездната...

Понекогаш, во ретките мигови на колебање, згрчена во студениот шатор, си мислев: камо ли и мене така да ме однесат

ветриштата, камо ли и јас да полудам и таму на брегот да ме остават и лудиот ветер да ме предаде на лудите бранови?

Така си помислував, ама потоа се карав со себе поради таквата мисла. Да, имаше и такви мигови кога во мене се раѓаше слабост, кога мислата ми се поматуваше и тогаш почнував да мислам дека спасот ми е во матното. А тие и тоа многу го сакаа - да ми се помати мислата... И од тоа поматување многу се плашев. Каде и да ме носеа, што и да правеа со мене, се чував да не ми се помати умот...

Алфамитите ми наредија да станам. Ми врзаа јаже под мишките и полека почнаа да ме спуштаат во бездната.

Полека, прудолу, висам, солени капки ми влажнеат лице. Ме спуштаа со задршка. Брановите ме удираа, ме заковуваа за карпата, ме влечеа во длабокото и ме враќаа, ме подземаа, ме превртуваа и ме удираа од карпите. Во бучавата се губеше мојот крик на ужасот. Не го слушав, ама го чувствував по болката што ми ја нанесуваа карпите. Не знам колку траеше тоа висење над водата. Тоа удирање од карпите, тоа враќање и одвраќање од карпата и давењето во солената вода ми ја смрзна крвта во жилите, ме исполни со ужасен страв.

Малку ме подигнаа над водата. Вдишав солен воздух. Си реков - жива сум... и почувствував дека полека ме влечат нагоре. Ме фрлија во песокот и наведнати над мене, викаа:

Ќе потпишеш!!!?

Легната во песокот, ги слушав заканувањата и само си повторував и повторував: жива сум...

Бев сосема зашеметена, ми се чинеше дека сум тргната од умот и изгледа во тој миг мрднав со главата, а тие тоа изгледа го сфатија дека сум согласна. Ме дигнаа и ме поведоа. По пат ме удираа со стапови и камшици. На крајот од камшикот имаше оловна топка, која по секој удар отвораше рана. Крвта ми ја бришеа со крпа натопена во солена вода. Солза и крик не пуштив, ама се онесвестив. Пласнав врз острите, жилести

камења. Свеста ми се врати во просторијата каде сите ги принудуваа да потпишат. Ми ставија пред мене хартија и во раката ми пикнаа пенкало.

Потпиши!...

Хартијата ја дувнав колку што ми држеше издишката, пенкалото не го допрев.

- Потпиши! - викаа.

Одбив.

Потпиши!

- Не... - реков со смален глас и во тој миг студена пот ме облеа, смрачување, пред очите ми се вртеа некакви сенки, слабеев, губев сила, празнина, се смалував, ме снемуваше...

Ме затворија во една мала мрачна, ниска и тесна шупа. Таму останав до наредниот ден. Ужасно ме измачуваа мислите дали додека бев во несвест, не ја искористија приликата да ми го стават пенкалото в рака и под изјавата да го напишат моето име?

Пладнето ме вратија во шаторот. Избиена и окрвавена ме бодреа жените... Многу тешко бев удрена во главата.

Деновите ми поминуваа во состојба на несвест. Лекарите одлучија да ме испратат во болница, ама командантот нареди: прво нека потпише изјава и потоа каде сакате пратете ја.

Болките траеја.

За чудо се извлеков.

И овој пат си реков: жива сум...

* * *

Во шаторите сите бевме како едно тело и една грижа во болката, сочувството, страдањето, негувањето и охрабрувањето, со една мисла и со иста трошка од надеж. Тука таа трошка надеж од сите беше најпосакувана и нај мечтаена...

А на карпата крај морето јас не сум била прва. И пред и по мене, ноќе, во мракот, таму носеа жени.

Некои ги голташе морето, некои од голем уплав потпишуваа и по некој ден со ниско наведнати глави во редица поминуваа крај шаторите. Ги гледавме со презир, ама имавме и разбирање за нивниот страв и малодушност и со одвај видливо движење на главите, се` пак, им посакувавме добар пат...

* * *

На петти март таа 1950 година беа закажани избори за парламентот. Сите кои бевме во логорот, каде и да бевме - дали во шаторите каде ноќе чекавме погроми, дали преместувавме камења од едниот до другиот брег на островот, дали построени со часови стоевме на студ, дали бевме повикувани на распит со закани и барање да се покаеме, со големо нетрпение го чекавме исходот.

Понекогаш потајно, а понекогаш и отворено се надевмавме дека ќе има промени во земјата, а со тоа можеби ќе се промени и нешто на оваа озлогласена карпа.

Мигот кога беа објавени резултатите толку многу не охрабри, што отворено пред очите на алфамитите се гушкавме, пеевме, игравме. Поверувавме и очекувавме дека нешто и во нашиот живот ќе се промени. Тоа ни донесе таква леснотија, што ни се чинеше дека ја снема тешкотијата на каменот, стравот од карпестите бездни, од лудите морски бранови, од црната сенка на алфамитите, ни се пристори дека престанаа бесно да дуваат дури и силните ветришта, дека во шаторите, во каменоломот, над морските карпи и бранови, меѓу `ргосаните бодликави жици подувна некаков топол, смирен, добродушен и надежен издив.

Прфпат на моето лице и на лицата на стотици жени и девојќи се појави насмевка... и веќе отворена надеж легна во нашите срца дека ќе си одиме дома без понижувачкиот потпис за каење...

Температурата на оптимизмот растеше, ама една ноќ се спушти до најниската црта. Алфамитите не се смирија и ноќните погроми одново завладеаја.

За жал Макронисос уште долго време остана Макронисос...

* * *

Не знам како, ама беше вистина, дека вестите за тоа што се случуваше во Макронисос, стигнаа на Запад и на широко пишуваа весниците.

И така, еден ден, на островот стигнаа новинари на францускиот весник Фигаро кои побараа дозвола да проверат дали е вистина тоа што комунистичката пропаганда го шири за островот. Меѓу нив беше и познатата новинарка, Доминик Оклер.

Тој ден ни дадоа подобра храна, не се слушнаа викотници и навреди, војниците, полицајците, чуварите и се` друго што носеше воена униформа, беа испеглани, чисто облечени, избричени. Исчистени беа и патеките меѓу шаторите, собрани опушоците. Се` светеше од чистотија. На една страна ги построија жените, кои потпишаа изјава за каење и кои ги нарекуваа вистински Гркинки. Една од нив беше поучена да зборува со француските новинари и при тоа да потврди дека добро ни е на островот, дека тука научивме многу добри работи и на овој начин западниот свет требаше да дознае за чудата добрини на Макронисос. Претходниот ден, утрото, осакатените, полудените, парализираните и болните набрзина ги пренесоа на другата страна на островот и ги сокрија меѓу карпите. Од таму не стигнуваше нивниот глас. Можеа да викаат колку што им држеше грло. За тие карпи, како што се велеше, имаше пишувано западниот печат. Нас, непослушните и лоши, не натераа да седиме молкум во шаторите со забрана ниту една да не излезе надвор. Управата мислеше дека ние ништо не знаеме за посетата на француските новинари. Некои, кои знаеја,

скришум не известија за посетата. Тивко, со шепотење, од уста во уста се пренесе дека во одредено време да излеземе од шаторите и, викајќи, да дотрчаме до оградата од бодликава жица и така да го привлечеме вниманието на новинарите. Сакавме да им кажеме што ни се случува на овој остров, сакавме да ги викнеме да влезат во нашите шатори, да ги видат полудените кои ги сокривме зад завесата.

Чекавме и чекавме, а тие си разговараа со офицерите, пушеа цигари, се смееја... Изгледаа задоволни. Задоволно се ракуваа и кога стигнаа до колите. И тогаш за сите се случи нешто неочекувано.

Истрчавме од шаторите, со викање ја скршивме тишината и како бура го поплавивме целиот простор и на сет глас викавме:

- Господо застанете! Застанете! Почекајте! Тие ве лажат. Не ви ја кажуваат вистината. Дојдете тука! Ние ќе ви ја кажеме вистината. Дојдете!!! Тука не измачуваат!!! - викавме и трчавме кон изненадените новинари, а алфамитите се обидоа да не спречат, ама ние бевме неиздржлива бура, која урнебесно се нафрли на живиот sид од полицајци, а една жена, успеа да се пробие до колите, викајќи на француски:

- Мадам Оклер! Мадам Оклер! Застанете!!! Почекајте!!!

Мадам Оклер изненадена од нашето викање слезе од колата и тргна на кај жената, која како што подоцна се зборуваше, на француски и` рече:

- Мадам Оклер, помогнете. Тука не измачуваат. Тука не убиваат. Немојте да им верувате. Ние тука сме робови. Трчаме кај вас за да ви ја кажеме вистината. Дојдете со нас, дојдете да позборуваме. Дојдете со вашите очи да видите што има во шаторите. Немојте да си одете... Дојдете, продолжете, тука во овој шатор...

Офицерите ја убедуваа дека жената лаже, ама мадам Оклер не ги послуша. Нас не послуша.

Една преку друга почнавме да и` кажуваме како не измачуваат, и кажавме за ноќта на погромот на 30 јануари, за карпите и бездните над морето, за полудените, за носењето камења, за тепањето, за лошата храна... за тоа дека овој остров е остров мачилиште...

- Мадам Оклер слушнете го нашиот глас. Тука во овој остров измачуваат луѓе кои од мачење полудуваат, кои од мачење умираат, пренесете ја нашата вистина во слободна Европа, напишете ја вистината, спасете не од рацете на мачителите... - така викавме, надевајќи се дека преку мадам Оклер нашата вистина ќе допре до совеста на Европа.

Француските новинари заминаа, а ноќта алфамитите не нападнаа и не удираа и удираа. И не беше само таа ноќ на големиот издив на одмаздата...

Во меѓувреме во Атина се формира нова влада и заедно со неа во нашите мисли се вкорени надежта дека со овие промени ќе биде донесена одлука да си одиме дома.
Тешка е лажната надеж.

Офицерите постојано ни се заканувааа, велејќи ни дека ќе си одиме дома само под услов да потпишеме изјава за каење.

Велеа:

- Покајте се, а ако не, тогаш тука ќе умрете... Тука вашите тела мршојадните птици ќе ги растураат со валканите канџи, ќе ве изедат црвите...

Покрај измачувањата ги употребуваа и таквите заплашувања, кои ништо не ни значеа. И така продолжи маченички да ни тече животот под кундакот, стапот, тупаницата, камшикот, носењето камења, постојаните закани и неиздржливата сончева жештина, што со часови не пржеше кога построени стоевме пред шаторите. Стоевме трипати по два часови во текот на денот. Во Макронисос летото е многу тешко, небаре е измислено како додаток за целиот систем на измачувањата. Не е само жештината од сонцето, туку и жештината од жешкиот песок, од

распалените карпи и воздухот, нема ниту едно дрвце каде би можело под неговата сенка да се сокрие главата, ниту вода за да се ороси лицето, челото, усните.

Кон крајот на јули, пладнето, во најголемата горештина, управата нареди да се построиме и потоа ни побара да се изјасниме за тоа што претпочитаме: да се вратиме на островот Трикери или да останеме во Макронисос.

Рековме дека не можеме да избереме меѓу две мачилишта.

Рековме дека сакаме што побрзо да си одиме од овој ужасен остров и дека и во Трикери не сакаме да одиме.

Нивниот одговор не го чекавме долго. Два дена подоцна до помирниот брег на островот допловија два товарни бродови. Ни рекоа дека со тие бродови ќе си одиме од Макронисос, ама не ни кажаа каде ќе не однесат.

Ме обзеде безнадеж.

* * *

Утро, 31 јули 1950 година.

Над островот се растури музиката на воените маршеви. Звучниците грмеа. Одеднаш прекинаа свирките и тапаните, чиниш се скина жицата на звучниците. Шиштење, `рчење и соопштение:

- Жените кои се дојдени од Трикери да си соберат се` што имаат и да се постројат пред шаторите.

Стоевме построени. Чекавме. Пладне. Сонцето изгор. Дојде главниот и кратко соопшти:

- Денес заминувате. Денес си одите од Макронисос. Ве праќаме назад, во Трикери...

Првпат почувствував радост. Во себе се радував, се смеев, ја голтав радоста, некако полесно ми дојде да дишам и се прашував:

- Зарем може да е вистина дека ќе го напуштиме грозоморот, овој земски пекол; дека нема да ги гледаме тие лица, тие муцки на гладни волци?

Веста ме ободри. Го напуштаме Макронисос!

Се радував во себе.

Ќе си одиме од овој земски пекол во друг земски пекол, со надеж дека ќе биде помал од овој...

Радост ме обзеде и солзи ми потекоа.

Тревожно исчекување.

Последните денови, пред заминувањето беа невообичаено тешки. Секоја ноќ алфамитите влегуваа во шаторите и во мракот не тепаа. Изгледа на овој начин за последен пат го задоволуваа своето беснило.

Построени - насока бродот.

Качувајќи се по тесните и разлулани скали на товарниот брод, не ме оставаше на мир мислата:

- Како ли им успеало на некои мајки да родат такви изроди. Има ли зборови со кои можат да се опишат тие изроди со човечки лик?

- Во какви средини израснаа, во какви училишта учеа и кои им беа учители, во кои цркви се молеа, кои попови ги учеа да веруваат во Бога, а тие во нас го убиваа Бога; кои беа тие кои им ја облекоа воената униформа и им дадоа воени чинови и одликувања и од нив направија столбови за поткрепа на режимот, колку е моќна државата која се потпира на столбови од изроди?

Жена зад жена, скалило по скалило, нагоре, со дрвените цокули силно удирав, не се држев за јажето. Нека се чуе тропотот, нека е гром, нека е ровја мојот чекор, тропав со дервените цокули, небаре рафали се истураа од под моите чекори, громови и ровји под моите стапала.

Горе главата!

Напред, нагоре, високо, како таму на врвовите на Грамос...

Напред!

Горе главата!

Нема простор за јуриш... Има простор само за мислата за да отвори широк простор за надеж...

Горе главата! Ннапред! - викав во себе...

Завршија бродските скали, се свртив, погледнав на Макронисос и онака машки, со стегната подлактица удрив на левиот зглоб и гласно викнав:

Еве ти, на, Макронисос!

Со викања, пцуења, понижувања и удирања со кундаците, полицајците не тераа да слеземе долу, во бродските амбари. Една преку друга, за да го избегнеме ударот на кундакот и камшикот, се туркавме, паѓавме, се газевме. Реа на засмрдена риба и засмрден воздух.

Под бродот заклокоти водата. Јазот меѓу Макронисос и бродот се` поголем. Се шириш, стануваше се` поширок, се` повеќе вода меѓу бродот и црните карпи на проклетиот остров...

Растеше далечината...

Пловеше бродот. Пловеше кон помалиот пекол, кон Трикери.

Низ цепнатината на бродското прозорче се пробиваше сончев зрак и ми осветли половина лице. Во тој миг почувствував топлина и во себе со целото свое срце и душа шепотев:

- Грej сонце! Прегрни ме! Гушни ме! Стопли ме!

- Грej сонце и осветли им ги умовите на нелуѓето за да знаат дека и тука, во Макронисос, мене и илјадници други од целата земја, не ме скршија.

- Грej!

VI

Вечерта не растоварија во Трикери...

Не сместија во ќелиите и подрумите на манастирот. По една недела не натераа да поставиме шатори и таму не пренесоа.

Најголемиот број не сместија во стари американски воени шатори што на многу места беа издупчени од куршуми. Кога врнеше водите носеа кал и шаторите се поплавуваа. Спиевме на гола земја. Кршевме гранки од маслините и грмушките и правевме постела.

Немаше место за сите.

Гореа голема, како да бевме затворени во фурна. Горевме под шаторите. Вршникот над нас не топеше, не сушеше. Ретко ни успеваше скришум да пренесеме вода од морето и со неа да се ладиме. Управата на логорот тоа го сметаше за голем прекршок и строго не казнуваше. За таквиот прекршок применуваше две казни.

Едната беше од десет наутро до четири часот попладне забрана да излеземе од шаторите. Во нив се печевме...

Другата казна беше од десет наутро до четири часот попладне не тераа да излеземе од шаторите и пред нив не постројуваа. Се печевме на отворено...

Немаше ден а да не не постројат пред шаторите. Во секое годишно време. Построени стоевме кога силно печеше сонцето, кога многу врнеше дожд, кога паѓаше снег, кога силно дуваа налудничавите морски ветришта...

Во стројот секогаш беше забрането зборувањето... Ретки беа деновите кога ни беше дозволено да се движиме во просторот ограден со бодликава жица.

Честопати во најголемата горештина или кога врнеше дожд или снег или кога дуваше силен ветер, ни наредуваа да ги

преместуваме шаторите и во мигот кога веќе беа поставени и зацврстени со јажињата, тогаш не тераа да ги преместуваме на старото место.Во шаторите никогаш, ниту дење ниту ноќе не престануваа плачењата и лелекањата, воздишките, стенкањата. Малку беа тие кои не плачеа.

На островот Трикери дење е жешко, ноќе е студено. Таму и од росата смрзнувавме. На островот не владееше само полицијата. Сојузник и` беше и природата.

* * *

Најголемиот број од заточените жени и девојки беа од селата. Голем беше бројот и на тие кои беа од градовите. Нивните мажи, синови, ќерки, сестри, браќа - во редовите на Демократската армија на Грција или со левичарски определби.

Државата одлучи таквите да ги казни и ги испрати во женските логор на островот Трикери и во други островски логори. Некои од нив беа учени - учителки, професорки во гимназии и на универзитети, писателки, сликарки.

Кога ги донесоа изгледаа добро нахранети, убаво облечени, исчешлани, нашминкани, а во логорот немаа убаво исчешлана коса, фустаните веќе им беа излитени, немаа шминка на усните и под очите им се цртаа перничиња. Тажни, ама најчесто бодри. Горди и достоинствени. Исти во упорноста. Малку беа тие, кои не издржаа. Потпишаа и, носејќи го со себе презирот, си заминаа дома. Никоја не се јави да каже како и` е.

Жените и девојките од градовите беа нежни, неотпорни на тешкотиите што на островот ги создаваше и полициската управа и природата. Имаа добро негувани лица, без брчки. Тешко го издржуваа физичкиот напор. Ама затоа беа многу цврсти со духот, со вербата во својата определба, ги издржуваа и тепањата и понижувањата, враќаа со клетви, не плачеа, туку колнеа, плукаа и на тој начин го искажуваа своето противење. Беа образовани, за разлика од нас, селските девојки, кои многу полесно го издржувавме тепањето и физичкиот напор и духовниот притисок и лошата храна и студот и лошото сатанско

невреме. Меѓусебно многу се разликувавме. Ние бевме поиздржливи. Тоа ни остана од планината, од војувањето, од таму каде бевме биени и од природата и од противникот. Така не навикнаа дождовите, снегот, студот, гладот, вошките, стравот, ровот, бункерот, ноќните маршеви, јуришот... А тие, градските жени и девојки, ни се восхитуваа, а кога ги тепаа, тогаш погласно лелекаа од нас, ама без страв се караа и ги колнеа полицајците. За планините и за шумите, за калта, за студот и гладот, за јуришите, а и за нас, партизанките, знаеја толку, колку што имаа слушнатои или читано. Во логорот тие стануваа цврсти, како што ние полека зацврстувавме растејќи во планините.

Голема е разликата меѓу градот, планините и островот. На островот те опкружува само вода, само камен околу кој ретко ќе видиш трева да расте, над тебе сино небо и честопати црно кое над островот сее грмежи и ровји. На островот си стегнат како во шепа. Во планината не те собира широката ширина, која е недогледна и поблиску си до орлите и соколите, до небото и до ѕвездите. Не можеш да ја собереш ширината во еден круг, не ти се доволно чекорите и деновите за да го фатиш крајот на планината, а тука, на островот, со чекори можеш да ја измериш оваа исушена земја на која одвај ќе најдеш некоја испржена тревка и брзо стигнуваш до карпестиот брег под кој лудуваат морските бранови.

Застануваш на крајот од бездната и го гледаш крајот и таму далеку една сива линија која го спојува морето и небото. Натаму само сива магла.

Само толку од светот на кој нам, на заточените жени и девојки на овој остров, ни беше забрането подолго да гледаме...

Во логорот имаше секакви. Учени и поучени, писмени и неписмени и полуписмени. Меѓу последните бев и јас. Немав завршено основно образование. Учев во четврто основно кога Италија и` објави војна на Грција. Од тогаш, од крајот на октомври 40-та повеќе нашето селско училиште не се отвори. Есента 47-та изгоре заедно со целото село.

Имаше и такви кои никогаш немале видено школска клупа, кои никогаш немале земено книга во рака. Тука, во Трикери, првпат се сретнаа со учителка и ги научија првите букви. Имаше и такви кои знаеја само да си го напишат името. И така, скришум од полициските очи, островот се претвори во едно големо ноќно училиште. Не учеа само да читаат и да пишуваат. Ги учеа сите предмети предвидени со образовната програма во основното и средното образование. Имаше и такви кои тука, ноќе, ги подготвуваа испитите за запишување на универзитет или за полагање испити. А најголемиот број од жените учеа кроење, шиење, везење, плетење, занаети кои можеа на слобода да им овозможат да го заработуваат делничниот леб.

Јас, покрај тоа што ноќе многу читав, учев кроење, шиење, а нај многу везење и плетење.

Кроење и шиење ме учеше мадам Олга. Така таа бараше да ја викаме. Беше од Атина и постојано раскажуваше за својот моден салон. Со наслада раскажуваше дека во нејзиниот салон се облекуваа жените на министри, дипломати, банкари, генерали, богати трговци и дека списанијата со најновите модели и` стигнуваа од Париз. Во тоа време - велеше - Париз беше средиштето на модата, а Париз и Атина ги делеше само времето кога поштата ги носеше списанијата со најновите модни фустани, капи, ракавици, фризури. Раскажувањето за модните модели го прекинуваше, подигаше прст и велеше: - За да бидете добри во занаетот, треба да го знаете и францускиот јазик затоа што таму, во Париз е модата. Покрај тоа што ќе ве учам кроење и шиење, ќе ве учам и француски. А треба да знаете каков фустан се носи за во театар, опера, концерт, за излегување на вечера со отмено друштво и така натаму... Тоа ќе го научите од мене... Ова тешко се учи, ама треба да се знае... длабоко воздивнуваше мадам Олга и не потсетуваше дека таа во Атина го имаше најпосетуваниот моден салон што и` го уништија Германците затоа што нејзиниот маж, не се покори и крена пушка против нив. Мадам Олга раскажуваше со прекини. И со долги прекини ни раскажа и за гладната година што завладеа во Атина. - Секој ден - велеше - во Атина од глад умираа стотици луѓе. А јас, мои мили, заедно со сестра ми и други жени тргнав на север. Се зборуваше дека таму, во

Македонија, има доволно храна и таму отидовме да бараме спас од гладот. По Костурските села молевме, питачевме, за парче леб. Во многу села не можевме да се разбереме, бидејќи таму жените и постарите мажи, а и децата не зборуваа грчки, а ние не го разбиравме нивниот јазик. И види чудо - во тие села во кои не го зборуваа грчкиот јазик секогаш луѓето ни даваа леб, сирење, урда, грав, брашно. Ама во тие села во кои живееја просфиги (бегалци) од Турција, не бркаа, не пцуеја, ни ги пуштаа кучињата, велејќи ни дека ние Атињаните сме криви за тоа што тие ги изгубија своите домови и имоти во Турција. Кај нив пцости и колнења, а кај ендопјите (староседелци) леб, вода и сочуство. Добри, питоми, сожаливи луѓе, тие ендопјите. И види чудо што ми се случи таму, во едно ендопјо село. Ноќта, по силниот дожд, спиевме во една плевна и таму ме фати висока температура. Сестра ми побара помош во една од најблиските куќи. Дојде маж во години, ама тешко да се разбереме. Тој ниту еден збор од нашиот и ние неми од нивниот. Ми стави рака на чело, нешто зборуваше, ме подигна и на раце ме однесе во неговата куќа. Таму ме пресоблекоа во топли алишта, ме истрија со ципуро (ракија) и ме покрија со веленца. Повремено ми ја бришеа потта, ми даваа топла пилешка супа. Така ме лекуваа два дена. Попладнето сите ние атинските питачи, со торбите полни со леб, го напуштивме селото. Јас долго се задржав на прагот од куќата. Во себе барав зборови за да им се заблагодарам. Најдов само еден збор и со многу возбуда и со солзи во очите, реков: Ефхаристо! (благодарам) И тргнав зад атинските питачи, носејќи ја на рамо торбата полна со леб и со добрина... Уште ги паметам тие добри луѓе и таа куќа на добрината...

Раскажувањето на мадам Олга ме врати во тоа време. Тогаш имав тринаесет години.

Паметам кога дедо на раце дома ја донесе болната жена и два дена ја лекуваше и ја хранеше мајка ми...

Паметам...

* * *

Плетењето со една игла, чингулаки, ми беше најдраго. Десетина девојки не учеше една прекрасна жена. Имаше осумдесетина години и потекнуваше од островот Крит. Тука ја донесоа затоа што нејзиниот маж учествувал во движењето на отпорот, се борел против Англичаните во Атина, а беше затворен на островот Макронисос.

Во собата - ќелија бевме многу жени. Педесетина, а можеби и повеќе. Од разни места на земјата, од разни возрасти, разни професии и без професии, домаќинки, селанки, гимназијалки, студентки, учителки, професорки на гимназии и универзитети, писмени, неписмени, учени и поучени и разни карактери. Одделно секоја беше своја, ама се почитувавме и многу си помагавме. На тоа не тераше животот што тука, на островот, го живеевме. Бевме и солидарни во се`. Тие кои добива од дома пакети со храна, ја делеа на другите, писмата гласно ги читаа. Заедно се радувавме, заедно тажевме, заедно ги споделувавме лошите и радосните вести, заедно сочувствувавме. Така полесно ја поднесувавме живеачката на заточението.

Меѓу тие жени една ми беше многу блиска и многу ја засакав. Од другите се одликуваше со многу смирен поглед, кој од нејзините очи лачеше блага добрина, на усните секогаш имаше тажна насмевка. Русокоса. Кога се насмевнуваше, што ретко и` се случуваше, тогаш целото лице и` личеше на расцутено цвеќе. Многу не зборуваше. Секогаш седеше во ќошот. На колената собрани до под брадата држеше тетратка и со молив, прибрана во себе, се` нешто пишуваше. Пишуваше и стихотворби. Ни ги читаше ноќе. Беа исполнети со човештина и толку блиски до сето тоа што ние го живеевме во Трикери и до тоа што ни беше желба и надеж. Легнати една до друга, слушавме со здржан здив. Секој збор, секоја мисла што звучеше од нејзиниот мек и глас нежен како кадифе, што истекуваше од нејзиниот молив не легнуваше само во тетратката туку и во нашите срца и беше мелем за нашите души.

Слушавме во молк и се чувствувавме како маѓепсани.

Се викаше Викторија Теодору. Од градот Хања, на островот Крит.

Еден ден, за време на претпладневната прошетка несмело и` пријдов. Се поздравив и и` реков дека сношти не можев да заспијам, дека нејзините стихотворби ме пренесоа во моето родно место и дека цела ноќ многу тажев. Ме погледна нежно, ме фати за рака и тивко ме праша:

- Ти си од Македонија... Знам, ти си од Македонија...

Од каде знаеш? - ја прашав.

- Грчкото меко - л - вие во Македонија го изговарате тврдо. Така го изговараше и татко ми, кој беше од Велес. Како зограф - иконописец работеше во градот Хања, на Крит, каде сум родена. Соседите по некогаш го викаа Сервос, а татко ми секогаш им велеше дека не е Сервос. А ти си од оваа Македонија, нели?

- Од едно Костурско село...

Таа застана, се загледа во моите очи и небаре од мене бараше помош, молежливо изусти:

- Многу би сакала да го видам градот каде бил роден татко ми... Велес... Велес се вика градот.

- А јас сум била во Велес, ама многу кратко. Првпат кога ранета заедно со други ранети партизани ме носеа во една болница близу Скопје. Местото се вика Катлановo...

- Ти си била партизанка?

- Бев. Две и половина години... Вторпат го видов Велес, кога од болницата, со не сосема излечена рана ме вратија на боиштата. Беше ноќе. Далеку по полноќ. Камионот застана на ритчето пред градот. Слеговме по нужда. Во светлината на полната месечина се гледаше целиот град распослан на ридови и пресечен со голема река...

- Така велеше и татко ми... - Викторија замолча, замолчав и јас и, молчејќи, го доодивме кругот со што заврши и дозволената логорска прошетка.

На наредната прошетка, некако несакана, ме праша:

Како се викаш?

Калина... По баба ми...

А што е тоа калина?

Име.

Знам дека е име...

- Калина - калинка е плод...

- А, сега знам. А ти знаеш што значи калина, знаеш што симболизира? Сега ќе ти кажам... Калино, плодот калина или калинка има многу значења кои симболизираат моќ, победа, совршенство, бесмртност, воскреснување, божји дарови, девственост, женственост, чистота, љубов, надеж, плодност, крв, живот, мудрост, слога, верност... - на прсти броеше Викторија.

- Зарем толку многу?

- Така го дала природата, Калино... да е извор на толку многу значења и вредности...

Така ја запознав Викторија, која ми кажа дека е ќерка на еден велешки зограф - иконописец, кој живеел на островот Крит, во градот Хања и таму починал рано, оставајќи ја ќерката сирак да расти во детски дом.

Познанството ни премина во пријателство, кое ни стана доверливо и трајно. Доверливо затоа што мене ми ги доверуваше запишаните тетратки што јас скришум ги криев во

корените на маслините. Познанството ни стана трајно и по излегувањето од логорите, се допишувавме...

Топлината на нејзиниот глас и питомината на нејзините смирени и многу натажени очи преминуваше кај мене и се чувствував посмирена и посигурна, како неа, живнував и имав чувство дека секогаш кога бев со неа нешто ме тераше да ја подзаборавам горчината на робувањето...

Што пишуваше Викторија во тетратките?

Се` што се случуваше во логорите, се` што преживеавме и доживеавме, таму е запишано... Не можам да заборавам кога во една од тетратките ја прочитав кратката белешка:

„Το Μαη του 1949 αρχισαν επισης να ερχονται οι Σλαβομακεδονισες, κοπαδιαστα, πεντακοσιες τοσες σε καθε αποστολη`` (Во мај 1949 година почнаа да стигнуваат Славомакедонки, во купови, по петстотини и повеќе во секоја пратка).

И на друго место во истата тетратка Викторија имаше запишано:

„Ноќта една Славомакедонка роди близначки - девојчиња. Првото го крстивме Елефтерија. Второто девојче веднаш почина, а Елефтерија почина по два дена...``

Само толку запиша Викторија за судбината на малечките близначки во чии очи многу кратко светеше сонцето на животот. Толку запиша и за кутрата мајка - обележана само со неодреденото - една Славомакедонка. Не и` запиша име. Само тоа, неодреденото - една Славомакедонка.

Таа, едната, од многуте во логорот...

Малку зборови, а многу болка...

Во тетратките Викторија ги имаше внесено болките на сите нас. Во нејзините белешки останавме сите ние, логорашките, измачени, настрадани, болни, издржливи, не скршени... живи...

Скришум ги читав со здржан здив и потоа набрзина гребев во корените на маслините и таму ги криев... и сфатив дека тоа што таму, во Трикери и во другите логори за жени, ни се случуваше, не треба да се заборави, дека треба да се запише, запишаното останува да потсетува, запишаното само може да го сочува доживеаното, да го задржи времето, да ги овековечи и мислата и споменот.

Јас не запишував, ама се грижев се` редум се да сместам во мојата глава и си велев ако излезам од овој пекол со здрав ум, тогаш за се` ќе раскажам така, како што за својот пат ми раскажуваа баба и дедо.

И честопати си мислев и се прашував: - дали ќе најдам некој, кој ќе има трпение да ме слуша и се` да запише така, како што ќе му раскажам?

Си велев: треба да се слушне тоа што досега не е слушнато, да се запише тоа, што досега не е запишано, да се раскаже тоа, што досега не е раскажано и се` трајно да се сочува ...

Така ми вели мојот ум. Во запаишаното е трајното, тоа останува од човекот, од времето и од светот...

Одлучив и се зарековсе` да паметам, да не испуштам ништо од тоа грозоморно време...

По многу години, авионот од Хања слета на аеродромот во Костур. Викторија одеше на Струшките вечери на поезијата. Ме посети во Костур. Ми рече:

- Дојди со мене во Велес. Заедно да ги бараме корените на татко ми... Дојди со мене, ќе ми помогнеш да се разберам со Велешани.

Во Велес Викторија го најде гробот на татковите родители и го опеа во песната што ја читаше на Струшките мостови...

* * *

Во логорот беше воведена посебна мерка за истрајност – постројувањето и трчањето.

Дење, кога беше најголемата горештина или кога најмногу врнеше дожд или снег, кога студеше, не принудуваа да се постројуваме утрото или попладнето и да стоиме простум по два до три часа гладни, жедни, истоштени ... Потоа не тераа да трчаме...

Кога дождовите зачестија, тогаш донесоа големи воени американски шатори и ги поставија во калта. Шаторите беа издупчени. Веројатно од куршуми. Кога врнеше - дождовницата ни шуркаше над главите... Во секој шатор бевме сместени по 50-60 жени. Лежевме и спиевме во калта која со денови ја сушевме со топлината на нашите тела. И тогаш кога најмногу врнеше, калта пливаше во вода. И ние стоевме во калта. Не смеевме да излеземе од шаторите. Пред влезот секогаш имаше полицајци со вперени пушки.

Неретко во ноќта одекнуваа истрели...

Честопати, кога дуваа од кај морето силни ветрови и биеја бури, сиџимите се откинуваа. Одново бевме под голо небо и во калта.

Не еднаш во ниедно време на мрачната ноќ тишината ја расечуваа плачливи и долги, забодувачки и плачливо развлечени крикови и врисоци на ужас и очај.

Не еднаш со крик голем и страшен во ноќта дочекувавме зора...

Чиј беше крикот на ужасот?

Чиј беше гласот што одеднаш секнуваше во бучавата на брановите?

Никогаш не дознававме. Само ни остануваше во свеста дека тој крик, тој глас се изгуби во подивеаните бранови, дека го голтна морето...

Во најстрашните ноќи, во ниедно време оттргнуваа од шаторите една по една од жените или девојките и ги носеа до високиот брег. Најчесто ним таму им се губеше трагата. До нас стигнуваше само врисокот и крикот што до зори не држеше будни и сподавени во стравот. И тоа беше една од мерките со кои сакаа да ни го скршат духот.

Таквите ужасни ноќи во кои се слушаа само крикови и врисоци многу не можеа да ги издржат и се согласуваа да потпишат изјава за каење.

По ден или два заминуваа од островот. Нив ги испраќавме со нем поглед и сочувство...

Ноќта честопати, се слушаа гласови и викотници на страв и се губеа во морничавата бучава на брановите. Така една ноќ силниот ветер подбра еден од шаторите што беа поставени со самоти брег. Во мракот ги баравме несреќниците.

Ветерот, дождот, големите бранови, студот, болестите им беа сојузници на мачителите. Небаре беа договорени во лошото.

Строгата и бездушна команда на логорот бараше безусловно извршување на наредбите. Секој и најмал обид за не придржување кон редот, се казнуваше многу строго - со тепање, трчање босо по стрмната угорнина и по кршен камен, лишување од оброкот и водата, стоење на дожд, на сонце, забрана на спиење...

Имаше само еден бунар. Со часови чекавме да се собере вода која никогаш не беше доволна за пиење, а камо ли за други потреби...

* * *

По некое време властите дозволија да проработи поштата. Двапати месечно. Се допишуваа жените и девојките со своите.

Јас на почетокот на моите им испратив писмо и по некое време ми се врати со назнака дека примачот е отсутен. Сфатив дека моите ги нема во селото. Пратив уште едно и ми се врати со печат - примачот не постои.

Во логорот покрај писма посебно доживување беа пакетите. Во нив имаше леб, конзерви, бонбони, домашни слатки, чоколади, сушено овошје, книги, весници. За многу тоа не беше најважното. Важна и голема беше радоста со која беа примани, отворани и читани. Секоја која примаше писмо или пакет брзаше својата радост да ја сподели со другите, а и содржината исто така. И писмата и пакетите носеа радост, олеснување - беа исполнети со љубов и влеваа надеж. Во секој збор запишан во писмото, во секој предмет најден во пакетот - беше внесена љубовта, грижата, тагата и болката на мајката, на сестрата, на роднината, во секое писмо, во секој пакет го гледаа лицето на саканите, од нив се излеваше чувството на големата грижа, болката, чекањето, надежта...

Ако писмата, пакетите, книгите носеа радост, тие истовремено носеа и тага, ја зголемуваа болката на разделбата и чувството на осаменост и уште повеќе ја зголемуваа оддаченоста од дома и разделбата со најмилите. Во писмата честопати имаше и добро скриени вести за апсења, за судења, за стрелања на најблиски. Многу од затвореничките си прижелкуваа да не им стигнуваат писма и пакети, зашто заедно со нив на островот, покрај добрите, стигнуваа и најлоши вести, кои го кршеа духот и внесуваа разочарување. Несреќните, скришум, со лицата скриени во дланките, по цели ноќи ги оплакуваа своите за кои дознаваа дека загинаа во планините, корнеа коси, липаа сестрите за загинатите или стреланите татовци, браќа, блиски роднини...

Јас такви вести не добивав, ама секогаш бев блиску до тие кои многу страдаа и колку можев, ги тешев. Нивната болка преминуваше кај мене и заедно со нив липав, тивко плачев и таа болка ја болев исто како и тие.

Истовремено и писмата и пакетите покрај радоста будеа и морничави мигови на тага и болка и ги отвораа душевните рани. Тоа се гледаше во очите, на лицата, во расположението. Во такви мигови се оддалечував, се криев за да не го гледам страдањето што извираше од насолзените очи...

Писмата и пакетите понекогаш со денови чекаа во управата. Полицијата редум ги читаше сите писма и ги проверуваше сите пакети. Збор кој им беше сомнителен го бришеа со црна боја. Весниците ги собираа во куп и ги гореа. Честопати управата писмата и пакетите не ги делеше. За казна. Тоа беше една од мерките за душевно измачување и предизвикување нервни состојби.

Јас не добивав ниту писма, ниту пакети, ама многу им се радував на тие кои добиваа.

Маченички беа деновите кога пристигнуваше поштата. Се` мораше да помине под строга цензура и тоа траеше цели денови.

Поштата се делеше на масовен собир. Сите моравме да стоиме построени. Ако некоја задоцнуваше да застане во стројот, тогаш со денови мораше да чека да си ја добие пратка...

Поштата лично ја делеше командантот на логорот. На крај ги делеше писмата во кои имаше вести за загинати, за осудени, за стрелани, за затворени. Таквите писма ги делеше на крај, ама пред тоа гласно ја читаше нивната содржина. И тогаш одекнуваше плачење, липање. Не само плачеа несреќните, туку плачевме сите. Во болката и плачот бевме едно тело, една мисла, една болка...

Командантот пред да го отвори писмото, прашуваше:

- Сега ќе потпишеш изјава за каење?

Ако несреќната се согласуваше да потпише, тогаш веднаш и` го даваше писмото, а ако не, тогаш велеше дојди утре да го земеш писмото.

Што правеа таму со неа, се знае - заплашување и тепање.

Затвореничките имаа право да напишат писмо само еднаш неделно. Сите писма беа строго контролирани. Секогаш беа цензурирани. Секој збор што им беше сомнителен го бришеа со црна боја. И тие кои беа праќани и тие кои пристигнуваа на островот. Тие писма кои им беа сомнителни, беа ишаркани, ама и од тоа можеа да се добијат вести за тоа што се случува надвор од логорот. Имаше многу случаи писмата и пакетите со денови да чекаат во управата. За казна.

Писмата не смееја да имаат повеќе од дваесет редови. Вишокот редови ги бришеа со црно мастило или писмата ги кинеа и ги гореа во куп пред нивните очи.

Писмата – пратени или примени беа радост, надеж, кураж, љубов, исчекување, ама и болка и тага, чиј крај секогаш завршуваше со плачење и лелекање. Плачењата, лелекањата, клетвите и анатемите траеја до наредното пристигнување на поштата.

И јас пишував, праќав, ама одговор не добивав... Сите писма ми се враќаа...

* * *

Во логорот еднаш месечно полицијата носеше службен фотограф. Да не слика. Сликање само во групи. Само групни слики. Никогаш поединечно.
Пред сликањето не тераа да се измиеме, убаво да се исчешламе и потоа да се дотераме во чисти алишта што ги праќаше црвениот крст.

Кога не сликаа не тераа да се смееме. Сите моравме да бидеме насмеани.

Насмевката беше затоа за да изгледаме задоволни и среќни.

Полицијата фотографиите им ги предаваше на новинарите, а тие ги објавуваа во весниците со соодветен коментар. Така од тие фотографии јавноста дознаваше дека во логорот сме задоволни од животот и од однесувањето кон нас. Барем така кажуваа и потврдуваа фотографиите.

Ама широката и весела насмевка за нас имаше и друга цел - наша, логорашка. Само насмеани логорашките можеа да ја излажат полициската цензура и фотографиите можеа да стигнат до роднините и на тој начин даваа на знаење дека се живи.

И јас се сликав насмеана. На групната фотографија се грижев преку насмевката да изгледам многу радосна, весела, среќна, ама мојата насмевка никогаш не се случи да стигне до моите. Моите писма заедно со фотографиите се враќаа со печат на ковертот: ``Примачот отсутен``.

Така знаев дека моите дома ги нема...

Колку и да се трудев насмевката да ми е повесела, поведра, поширока, толку повеќе во очите ми тонеше тагата и болеше болката... А тие, кои не тераа да сме насмевнати, по фотографирањето сакаа во нашите очи да ја видат болката, залепениот нем крик на ужасот врз нашите усни, стравот во нашите очи, да ги гледаат натажените образи покриени со принудната насмевка и тоа ги задоволуваше, зашто беше дел од нивната добро извршена работа. А не можеа да сфатат дека во тие натажени очи, во тој нем крик болно стежнат во зеницата, траевме со нескриена надеж исчекувана дури и во несигурното утре...

Денот, пред доаѓањето на фотографот, во ќелиите и шаторите, пред парче скршено огледало вежбавме насмевка - весела, блага, кротка, задоволна и надежна и правевме се` за да ја скриеме болката зашиена во нашите души.

Пред секое сликање полицајците проверуваа дали добро ни стоеја фустаните испратени од црвениот крст, дали добро ни

беше дотерана косата, дали доволно бевме нашминкани. Наредено им беше до сликањето да се грижат за да изгледаме многу убаво, зашто од нашиот изглед надворешниот свет добиваше јасна слика за тоа дека во центарот за патриотско превоспитување владее радост и среќа, а сето тоа мораше да се гледа во нашата насмевка, фустаните, фризурите, шминката...

Вежбавме за да немаме помодрени образи, натечени очи; вежбавме за да знаат тие кои беа на слобода дека сме живи и дека со насмевката го презиравме стравот и смртта, вежбавме и за да имаме малку помирна ноќ...

Додека не сликаа очите, образите, усните ни беа полни со смеа и радост, а потоа ни беа полни со солзи на болка и тага...

А таму, дома, тие кои ги гледаа сликите сигурно не мислеа и не беа убедени дека тука, нивните сакани, беа толку среќни, како што изгледаа на сликите... Во нивните зеници ја откриваа болката на страдањето...

И така, заедно со сите и јас вежбав се` до наредното сликање, ако би го дочекала денот за сликање...

Така сакаше поредокот на тупаницата, на камшикот, на стапот, пендрекот, пцуењето, понижувањето, стравот... Сето тоа мораше да биде покриено и скриено под нашата изнудена насмевка...

Фотографиите беа добро прегледувани и тие, кои весело и ведро не се смееја, наредниот ден беа повикувани во командата и од таму се враќаа со помодрени лица...

Случајот не ме остави на страна...

* * *

На островот не косеа болестите. Најчеста болест беше дизентеријата. Тешко болните ги носеа во логорската болница, ама пред тоа бараа од нив да потпишат изјава за каење.

Тоа што не уништуваше не беше само заточението, туку и тешката физичка работа, секојдневната ангарија. Се` што носеа бродовите, целиот товар моравме ние да го растовариме и да го однесеме горе до манастирот.

По острата и стрмна угорнина се` носевме на грб.

Многу не измачуваше студенилото, гладот, жедта, нечистијата, несигурноста, стравот..

Маки ни носеа и мувите. Роевите муви, излегуваа од сите нечистотии, растураа зараза која сееше болести. Тешко се браневме. Долетуваа цели роеви токму тогаш кога се постројувавме за да добиеме ручек. Немаше начин да се одбраниме. Слетуваа на храната, ни се пикаа дури и во устите.

Роевите муви беа неиздржливи. Се собираа таму каде беше највалканото и најнечистото и ги пренесуваа двете постојано присутни болести - дизентеријата и болеста на очите. Овие болести беа најчести. Најмногу страдаа тие, кои крајно беа исцрпени. Присутен беше и тифусот што извираше од матните води на бунарите и лошо измиениот зеленчук.

* * *

И немаше месец да не стигнат покани за судење. Тогаш, најчесто ноќе, по полноќ, во ниедно време извикуваа жени од келиите и шаторите.

Кошмарни ни беа ноќите и зорите кога со силно тропање полицајците ја отвораа вратата на собата - ќелија или влегуваа во шаторите со гласно викање. По име и презиме, наредуваа извиканите да излезат. Време за собирање на своите работи - само пет минути.

Знаевме зошто ги викаат.

А тие, кои беа повикани, оставаа зад себе делови од својата облека, слики, писма, книги, обетки, чешлиња, огледалца - за спомен.

Девојките ги испраќавме свечено. Им дававме малку од скриената вода за да си го измијат лицето, им помагавме да си ја дотераат косата и облеката и така убави ги испраќавме со зборови на кураж. Ги храбревме нив храбрите кога го напуштаа логорот.

Една ноќ, од нашиот шатор извикаа две девојќи и колку можеа побрзо ги извлекоа надвор. Сите станавме и фрлајќи врз себе по нешто од облеката, во толпа тргнавме зад полицајците.

Надвор дуваше силен ветер, дождот истураше и не се гледаше каде почнуваше и каде завршуваше копното. Во бурата одвај се слушаше грозоморната бучава на разулавените морски бранови кои бесно удираа на карпестите брегови.

Ноќта - црна, ниту прст пред око да видиш. Мракот, небото и морето го расечуваа молскавици и ровјите трештеа над нас. Викавме, ама нашите гласови се губеа во грмежот на громовите.

Во таква ноќ ги одведоа девојќите.

Секогаш, дали во ниедно ноќно време или во рани зори, трчавме за да ги испратиме на последното патување, пеејќи:

Збогум, збогум жален свету,
Збогум, збогум живот мил...

А тие одеа исправени, а ние трчавме зад нив, им бевме многубројна придружба се` до брегот. Спречени од вперените пушки во нас, стоевме на високиот брег и се` додека во морската шир се` уште се гледаше бродот пеевме и раколескавме.

На тој начин им пожелувавме добар пат и добра среќа.

Нашата песна ги придружуваше до последниот чекор и здив под ѕидот на стрелиштето.

За тие, кои беа зграпчени во мракот или во раните зори, кога ветриштата и бурите најмногу лудуваа, кога брегот го кршеа морските бранови и островот го биеја громови и ровји, кога небото и земјата во мракот стануваа едно, само толку можевме да сториме...

Деновите кога ги одведуваа извиканите затворенички бевме како мртви, молчаливи, скршени... немаше зборување...

Во таков ден се` помалку се зборуваше и се` помалку се слушаа прашањата за тоа што ќе биде и како ќе биде и со нас. Никоја од нас не беше сигурна дали утре или друг ден нема да биде повикана, никоја не знаеше кој ден ќе биде повикана и затоа секој ден беше ден на исчекување.

* * *

Во логорот на посета и на убедување доаѓаа министри, високи воени и полициски личности, попови и владици. Носеа и дезертери од Демократската армија на Грција и такви кои од логорите излегоа со потпишана изјава за каење.

Сите ни ветуваа само едно:

– Ако потпишеш изјава за каење, веднаш ќе си одиш дома. Ако не, тогаш, велеа, тука ќе те умреме од глад, од болести, од работа, од жед и жега, од студ, од влага, од страв, од безнадеж и осаменост!

Покајте се!

Така викаа стоејќи под ладната сенка, а нас во тоа време со часови не печеше сонцето, не врнеше дождот и снегот, не вкочануваше студот...

* * *

Полицијата, покрај многуте начини за создавање малодушност, применуваше најразлични методи. Во логорот честопати ги

носеа мајките со цел да ги наговорат ќерките да потпишат изјава за каење.

Еднаш сум слушнала ваков разговор:

- Дете драго, потпиши, ќе те пуштат.

- Не, мајко, нема да потпишам. Премногу ме измачија за да можам да заборавам таква подлост. Сакаат да се откажам од тебе, од мене, од сите наши. Сакаат да сум ништо... Тебе сега те измачуваат со мојата болка. И тебе и мене ни ја одзедоа радоста на средбата. Држи се, мајко, да не не видат дека болиме. Да не им го дадеме тој мерак, да не ја имаат таа злобна радост дека ме скршија, да не им дадеме тоа кучешко задоволство...

Девојката клекна пред мајка си, во своите дланки ги прибра нејзините дланки и цело време ми се чинеше дека заедно со жешките бакнежи и топлите солзи врз нив ја оставаше и целата тежина на својата болка.

Глетката многу ме болеше...

* * *

Просторот за движење - ограничен. Обележан со два реда бодликава `рѓосана жица. И времето ограничено. Само два часа дневно. Еден час пред и еден час попладне. Вооружен полицаец го надгледуваше секое движење. Така ограничена ни беше дури и глетката на небото и морето и ридовите отаде бодликавата жица.

Жените кои од дома добиваа пари, се редеа пред жицата. Од другата страна месните трговци. Во нивните раце преминуваа тешко заработените пари на роднините, а во рацете на затвореничките - сапун, нешто од облеката, конци, игли, моливи, коверти, хартија, свеќи... и се разбира се` под будното око на полицајците.

Јас ништо не купував зашто немав со што, ама додека се водеше таа ситна трговија, ја користев приликата, преправајќи

се дека собирам цвеќе, најмногу незаборавка, во корените на маслините или под камењата ги криев тетратките на Викторија, во кои таа запишуваше се` што се случуваше во логорот. Цвеќето им го подарував на постарите жени, кои поради тоа многу ме засакаа. Некои од жените го сушеа и го лепеа на писмата што им ги праќаа на своите роднини.

И јас праќав, ама од таму, од моето место, од таму во Костурско, ми се враќаше само молкот занемен во болка...

* * *

Ноќите, иако беше забрането, се собиравме во една просторија и тивко, скоро мрморејќи, пеевме и радосни и тажни песни. Кога ги пеевме тажните песни, тогаш најмногу се слушаа долгите воздишки кои ја исполнуваа просторијата и секоја одделно ја чувствуваше и ја одболуваше својата болка.

Многу тага и болка ни предизвикуваше песната ``Καποια μανα αναστεναζει``. (Една мајка тешко воздивнува). Тажни се зборовите и мелодијата на таа песна и уште потажно и поболно се будеше паметењето и споменот. Не само нас не растажуваше, туку и полицајците кога скришум ја слушаа и за да не им се крши духот, ни бранеа да ја пееме.

* * *

Во логорот секогаш ги одбележувавме националните и верските празници. Националните со песни, ора и скечеви. Логорската управа секогаш проверуваше кои песни ќе се пеат и каква содржина ќе имаат скечевите. И од досада и од будност, полицајци секогаш стоеја на страна и внимателно следеа се` што се случуваше на импровизираната сцена и реагирањето на логорашките.

Многу тажни ни беа деновите кога ги славевме верските празници. Тогаш само со телата бевме во логорот во Трикери, а со мислите - дома...

Седиш на голиот под и си мислиш, си претставуваш дека си дома. Во очите потопени во солзи се одразува се` што се правеше дома пред празникот и во текот на празникот. Тогаш, ден пред Велигден, ние, девојчињата, од целото село, со шумски и ливадски цвеќиња ја украсувавме големата икона на Богородица исправена пред црквата. Сите во селото белевме одаи, метевме дворови, месевме и печевме погачи, готвевме. На трпезата - ставена среде големата гостинска одаја - се` што даде Господ - погачи, варено и печено, црвено вино и кошница со црвени Велигденски јајца... Најстариот, дедо ми, ја креваше чашата со црвено вино и наздравуваше:

-На здравје! За многу години! Сега радосни и до година уште порадосни!...

Ѕвонење на чашите во кои искреше виното...

Попладнето одевме на Свети Атанас. На дебелата дабова гранка - лулашка. Редум се лулаа девојките и се ореше песната посветена на таа која се лули и на тој кој ја пули...

Весело беше, радосно беше, среќно беше, празнично беше...

Беше...

Склопчена, со брадата втисната меѓу колената - ја гледам гостинската одаја и сите мои најмили ми се губат во солзите.

И сето тоа, тука, во логорот, беше само спомен кој будеше горчлива тага и болка.

Во такви мигови осаменоста стануваше уште поголема и по маченичка и тогаш споменот многу болеше, а најчесто повеќе болеше и од полициската тупаница, од ударот со стап, од клоцата и камшикот... и во таа осаменост само славењето на празникот стануваше топлина, сон, мечта и желба изречена со долга воздишка - честит празник и стори, Господе, што побрзо да сме на слобода и дома...

Тој ден празнувавме Велигден и не го допразнивме.

Одеднаш се отвори вратата од одајата - ќелија. Се прекинаа желбите...

Беше наредба - секогаш кога на вратата застанува полицаец, тогаш сите на нога. Задоцнив да станам. Полицаецот ме зграпчи за коса и ме извлече во ходникот. Ме изби крваво и болно, ама таа болка не ме болеше толку многу, колку што ме болеше испогазената мисла и големата желба токму денес, на Велигден, да сум дома...

Тој ден беше Велигден и празнувавме Велигден...

За многу години...

* * *

Од манастирските келии не преселија во шатори поставени на самоти брег. До работ на карпата два или три чекори. Кога дуваше јужниот ветер тогаш под нас се слушаше силното удирање на морските бранови кои кај сите нас будеа ужасен страв. Имав впечаток дека разлошените води ќе го разурнат брегот и сите ќе не повлечат во матното.

Уште пострашно беше кога дуваше северњакот. Тогаш ги подигавме крилата на шаторот од северната и јужната страна за да може ветерот слободно да провејува, зашто во спротивно можеше и шаторот и нас да не одвее во морето.

Една ноќ, некаде по полноќ, заедно со свирежот на ветерот и бучавата на разулавеното море, се слушнаа ужасни викотници на страв и молби. Соседниот шатор го одвеа ветерот, а жените грчевито се држеа за колците и јажињата.

Мракот густ, ветерот силен, бучавата на морето страшна и уште пострашни викотниците на жените. Ветерот и мракот ги голтаа ужасните викотници кои уште повеќе го засилуваа стравот. Едни клечејќи, други полу легнати, си подадовме раце и ги извлековме жените кои само на неколку чекори беа далеку од бездната. Се изброивме.

Во морската бездна никоја не падна.

* * *

На едно три или четири метри од шаторот беа гробиштата со десетина гробови во кои лежеа мажи - жртви на логорот, кои тука беа донесени порано.

Во средината крст од делкано маслиново дрво. Меѓу овие гробишта и шаторот, оддалечени само три чекори, имаше уште едни гробишта. Се разликуваа по малите гробови. Во нив беа погребани малолетни деца кои тука беа донесени заедно со своите мајки. На секој гроб имаше мал крст од две врзани маслинови гранки, кој по дождот и секое посилно дување на ветерот паѓаше во матната вода насобрана меѓу тие детски гробови.

Мојата постела, само од едно старо ќебе, беше најблиску до тие гробови. Тукуречи на дофат на раката ми беа малите гробови на близначките - Елефтерија и нејзината безимена сестричка. Будна и на соне честопати ги галев... Не еднаш, во најтешките мигови, кога ми се случуваше да ме совладува безнадежноста, тогаш седнував до нив и, галејќи ги, им ги пеев сите приспивни песни што ми ги пееја баба и мајка и и присакував да има мир и смирување за нивните прерано згаснати душички. Со тивок шепот им пеев приспивни песни во кои ги вплетував сите мои најдобри желби и се молев барем тие да имаат мир во оваа јалова и солена земја ...

Спијте мили, малечки, душички...

Спијте и заедно со мене сонувајте сонце...

VII

Април. Утро. Илјада деветстотини педесет и четвртата година.

Излегов од шаторот изненадена од тишината. Надвор сончевина и во неа зеленеа ретките треви меѓу камењата испукани од жешкото сонце и изглодани од дождот, снегот и ветриштата. Цутеа маслините, боја и мирис шириле незаборавката.

Ме изненади тоа, што не одекна утринската логорска труба. На јарболот не се вееше државното знаме. Какви ли изненадување не чека? Се вратив во шаторот, а таму девојките и жените веќе стуткани една до друга, зиркаа од полуотвореното крило. Мачно исчекување. Чекавме и добро не мислевме. Молк. Никакво движење. Тишината морничава и напната. Издржувавме тешки мигови на неизвесност за тоа што може да не чека. Напнатоста растеше, несигурноста уште повеќе. И одеднаш - грмеж. Грмнаа логорските звучници и кратко потоа, наредба:

- Внимание! Внимание! Внимание! Сите на собир! Сите на собир! Сите на собир! - повикуваа звучниците и истото го повторуваа секои неколку минути. Чудно ми беше што пред тоа ги немаше воените маршеви, а ми се чинеше дека и гласот на најавувачот беше некако смален. Исплашени излегувавме од шаторите и манастирските ќелии и во толпи се собиравме на зборното место. Се построивме и чекавме. Во очите и образите мачно се оцртуваше прашањето: - што не чека? Денес што ќе прават со нас? Растеше несигурноста и стравот.

Исправени во стројот молчевме и чекавме – напнати, згрчени, исплашени...

Пладне. На бината се истопори командантот на логорот. Стројот и сите очи заковани во него. Тој од таму, од високото, не гледаше, не голташе. Најпосле длабоко воздивна и рече:

- Слушајте вие... - Прекина и пак долго се загледа во стројот. За него бевме само строј. – Слушајте и добро и долго да запаметите. Благородната татковина од денес ви ги проштева

злоделата и ве враќа во нејзината пазува. Од денес сте слободни. Соберете си ги парталите. Се враќате дома... – толку рече и си отиде.

Дали бев изненадена?

Бев многу исплашена...

Само по неколку дена Трикери - островот логор се испразни. И се` додека тоа траеше ми се чинеше дека над островот небото стануваше поведро.

Синевина, топлина, зеленило, мирис на маслините, меѓу камењата во росата блесок на расцутените синолички...

Го напуштав Трикери, островот на маченичтвото и страдањето, островот врз кој легна болката и солзите на илјадници жени и девојки и... моите...

Зад мене, во Трикери, останаа празните стари американски воени шатори, влажните и мувлосаните манастирски ќелии, расцутените маслини, бујните незаборавки, лудите морски ветришта, од сонцето испечените и испуканите стрмни и омразени карпи, ужасниот крик на избиените, осакатените и полудените, молитвите, патилата и клетвите.

Зад мене скаменето молчење под синото небо на островот и во него искра на безмерна, нескротена, голема утешна радост и солзи.

Зад мене остануваше Трикери - обременет со целата тежина на болката на илјадници измачени жени и мојата.

Ми почна сонуваното и долгоочекуваното патување кон сништата.

Без презир дома испратив многу жени и девојки кои потпишаа изјава. За нив имам длабоко сочувство. И на суд и на стрелиште испратив многу. За нив имам восхит... и низок поклон пред нивните посмртни останки.

Со мислите сум и со едните и со другите. Каде и да се ги сакам и среќа им посакувам...

* * *

Секоја жена и девојка која беше во логорите за жени - Хиос, Макронисос и Трикери, за тоа што доживеа и што претрпе таму, има иста, како на сите, ама и своја, лична, приказна...

И мојата е слична како на другите, ама и различна...

Таму од сите бараа да се откажат од своите мажи, браќа, сестри, роднини и од тоа во што веруваа...

Од мене бараа многу повеќе...

И така деновите и ноќите, неделите и месеците си врвеа и се пластеа во години се` до илјада деветстотини педесет и четвртата година.

Таа година ги затвори логорите за жени...

Збогум Трикери...

VIII

Главната управа за женските логори, со седиште во Лариса беше сместена на вториот кат. Ме внесоа во канцеларијата на некој началник, кој без поздрав, туку со само намуртен поглед вгнезден во ненаспаните очи, долго и упорно ме гледаше, ме меркаше од глава до пети. Од полицата зеде сина папка, ја отвори, преврти неколку листови и развлечено рече:

- Утре си одиш...

- Каде?

- Во твојата мала татковина.

- Мислите дома? Во моето село?

- Да, дома. Во Костурско. Нели си од таму? А таму каде точно ќе ти одредат да престојуваш, не знам.

И додека началникот ги средуваше хартиите во папката, која беше моето досие и нешто допишуваше, мене ми се вртеше мислата дека ако тие, веројатно полицијата, таму ќе одлучат каде ќе престојувам, значи ќе ме затворат во костурскиот затвор или во некоја келија на тамошната полиција.

Началникот ја стави папката во голем кафеав коверт, одново долго се загледа во мене и изусти:

- Ајде, оди, собери си ги работите и на пат со добро. Од денес си слободна. Татковината ти прости... Оди... Уште денес. Собери си ги работите и кога ќе бидеш готова, дојди да ја земеш отпусната потврда за излегување од логорот...

- Јас немам што да соберам. Се` што имам, го имам на мене и... и во ова торбиче...

- Немаш ништо друго? А што имаш во тоа торбиче?

- Еве - го отворив и реков: - Едно малечко чешле, огледалце и две шноли... Ова е се`!

Не му кажав од кого ми е. Не му кажав дека секогаш со мене го носев тоа малечко торбиче, кое беше полно со болка, страдање и солзи и дека кога се враќав од Макронисос торбичето ми беше полно со соништа, исчекувања и надежи... Во него ја носев и физичката и душевната болка на сите логорашки и мојата...

- Не, така не, во парталави алишта и со тие војнички цокули, не можеш да одиш. Што ќе рече светот, а? Зарем вака сакате да им дадете причина на домашните и странските новинари да пишуваат лаги дека таму во логорите лошо се однесувавме со вас, а?

Ја подигна слушалката и со остар тон викна:

- Дежурниот кај мене! Мораш убаво да си облечена и убаво да изгледаш, а не вака.

- Заповедајте, господнине, полковник! – рапортира дежурниот офицер, стоејќи во став мирно.

- Однеси ја во магазинот и таму нека си одбере од фустаните, од чевлите, од шамиите, од капите се` што ќе и` се бендиса...

Отидовме во магазинот. На подот куп фустани, понатаму чевли, капи, шамии, шалови, палта...

- Што е ова? – го прашав офицерот.

Тоа што гледаш...

Пречекорив праг и влегов внатре. Полека се доближив до купот фустани. Се наведнав и подигнав еден, го истресов и се занесов, почувствував дека под мене подот се поткрева, опаѓа, се лула, омекнува, таванот, ѕидовите, прозорецот се вртат во некакви матни кругови, на челото студена пот, стегање во грлото, ми снемува воздух, се` се прелеваше во магла... се врти, се врти,

чувствувам дека паѓам. Се стресов, свеста полека ми се враќаше, ми се избиструваше видот и низ замаглените солзи гледав дека во обесената рака држам фустан во сини цветчиња и во горната половина голема дамка засушена крв.

Го познав - фустанот на Антула.

Антула ја запознав во ќелијата на главната управа за женските логори. Весела, црноока, дваесет и двегодишна учителка од Атина. Самата избиена до крвавење, не тешеше и не бодреше. Многу ги колнеше мачителите и кога најмногу беше тепана. Тогаш викаше:

- Удрете, страшливци, удрете, малодушници, удрете, ви личи девојки и старици да мачите... Јас, јас сум Грција, јас сум нејзината каријатида, а не вие...

Воениот суд неа и пет други од нашата ќелија ги осуди на смрт и нејзините песни, мечтите и надежите што ги оддиплуваше пред нас, згаснаа на затворското стрелиште...

На заминување од логорот, Антула ми подари малечко торбиче.

Земи го - рече - за спомен...

Цело време од престојот во Трикери ниту за миг не го оставив торбичето што ми го подари Антула. Со мене, секаде го носев тоа мало торбиче кое беше полно со болка, со мака и солзи.

Во него беа и мечтите на Антула...

Секогаш тоа торбиче ми беше полно со соништа, со исчекувања, со надежи и се радував како што птицата се радува со првиот лет...

Во осаменоста и страдањето ми беше придружник и поткрепа. Во него ги чував и лошите и добрите мисли и спомените за сите со кои бев во логорите...

Фустанот полека го здиплив како венец и го ставив врз купот алишта. Од магазинот излегов носејќи го со себе само споменот за Антула и за тие кои заедно со неа и за другите после нив не се вратија од стрелиштето...

- Не... - му реков на офицерот. - Од тука ништо не ми треба. Водиме кај началникот...

Во долгиот ходник тапо одекнуваа моите затворски цокули и ми се чинеше дека ме следи викот на Антула:

- Јас сум Грција, јас сум нејзината каријатида, врз мене се крепи небото со се` ѕвездите, месечината и сонцето... Јас сум Грција!...

Подзастанав, само за миг погледнав горе и шепнав:

- Сите ние сме каријатиди...

Од полуотворената врата ме гледаше началникот и викна:

- Избра?

- Не, господин началник... Ништо не ми треба. Добро ми е така. Не сум гола и боса.

Тој строго ме погледна и стегна тупаници.

- Носи ја во оној од црвениот крст!... - му нареди на дежурниот, а мене ми го опцу Светиот Крст и Богородица.

* * *

Кога зад мене со тресок се затвори големата железна врата, не се исплашив, само почувствував морници и ме облеа пот, ама брзо се прибрав, стегнав рамена, вилици, мев, гради, го згрчив целото тело, зашто излезот ми дојде како неочекуван удар. Се почувствував така, како што се чувствував по секое испитување.

Се најдов на отворен широк простор. Стоев и гледав околу себе. Чувствував некаква празнина и во душата и во рацете. Со себе не носев ништо. Гледав во ширината што се отвораше пред мене и рој мисли почнаа да ми ја полнат главата.

Каде? Кај кого? Кој ме чека?

Таму каде ќе одам ќе видам ли некој да ме пречека, да ме прегрни, да ме праша како сум?

По улицата врвеа луѓе. Некаде итаа, некои свртуваа поглед, се загледуваа во мене и веројатно се прашуваа и се чудеа затоа што стоев осамена пред вратата на затворот. Направив неколку чекори. Се загледав во небото. Високо над мене прелета некаква птица, го следев нејзиниот лет и тоа како да ме охрабри. Тргнав пред мене. Одев. Не свртував поглед зад мене. Одев и си велев и повторував - оди - оди - оди меѓу луѓето...

Чекорев и чувствував дека одот не ми беше сигурен, како да беше исплашен, под мене не го чувствував тропотот на војничката стара цокула со која упорно и упорно ги газев сите тие времиња што останаа зад мене. Вдишував воздух и не верував дека веќе сум надвор, меѓу луѓе...

Жените кои поминуваа крај мене, беа чисто облечени, убаво исчешлани, намирисани и нашминкани, некои се смееја, други се довикуваа, се шегуваа, се прегрнуваа, застануваа и разговараа; околу нив деца растрчани, развикани. Гледав со ненаситно отворени и вчудовидени очи и се прашував:

- Зарем ова е светот? Светот толку различен од светот на моите пет години поминати на сув остров ограден со бодликава жица, зад решетки во мрачни, студени и влажни ќелии, во искинатите шатори до брегот на бездната под жешкото сонце, под врнежливото и студено небо, во подрумите за измачување, во истражните канцеларии на строгите иследници каде и дење и ноќе ги гледав истите лица и крвавите тупаници на мачителите...

Се вмешав со луѓето и чекорејќи меѓу нив, се прашував, дали тие луѓе кои сега се зад мене, зад онаа голема железна врата, дали со тие исти раце, со кои ме толчеа, денес или утре ќе ги прегрнат своите мајки и жени, ќе ги погалат своите деца, ќе ги гушнат своите сакани девојки, а тие ќе знаат ли каква рака ги допира нивните чела, каква рака ги гали нивните образи и усни, каква рака се свиткува околу нивните тела? Дали тие - мајките, татковците, сопругите, ќеркичките, синчињата, вереницте, љубовниците, познајниците, пријателите тоа го знаеја?

Дали знаеја дека тие во текот на испитувањето, во ќелиите и во подрумите имаа тврди тупаници со кои знаеја да удрат таму, каде најмногу боли?...

Одев, чекорев и не ми се веруваше дека одот, чекорот не ми е симнување по крвавите скали до подрумот, до ќелијата. Некако не бев сигурна во одењето по отворен простор, по улица полна луѓе. Одвикнав. Одев и одот не ми беше сигурен во отворената широка улица, меѓу луѓето, чудно ми беше тоа што гледав толку многу луѓе без модрици на лицата и под очите, кои одеа со сигурен чекор, насмеани, кои се поздравуваа, кратко разговараа и пак си го тераа патот.

Ова ли е слобода?

Чија? Каква е?

Одев и ројот мисли ми брмчеше во главата. Каде одам?

Што имам?

Да, во џебот имав коверт и во него хартија со потпис и печат. Печатот и потписот потврдуваат дека ова лице, кое се` уште има белези од модрици под очите и образите, дека тоа лице сум јас, дека тоа лице е пуштено дома со простени греови.

Имав уште една хартија - упатство заверено со потпис и печат и во неа пишува дека задолжително морам да го предадам во полицијата надлежна за моето место на живеење и тоа веднаш штом стигнам таму...

Началникот ми даде уште еден мал плик во кој имаше пари. Не ги избројав.

Добар пат... - рече тивко и ми подаде рака.

Не го одбив.

Кога се најдов во ходникот, ја исплукав мојата дланка и долго ја бришев...

IX

Цели два дена до Костур не возеше стар автобус. Дванаесетте жени и девојки не растовари во полицискиот двор. Двајцата спроводници ни наредија да се построиме и, носејќи ги со себе нашите неотстапливи досиеја, ги снема во полициската станица.

Не викаа една по една. Испитување немаше. Од досието се знаеше која сум и од каде се враќам. Долгиот заканувачки и предупредувачки поглед на началникот доволно навестуваше. Тој зевна едно двапати и преправајќи добрина, ме праша:

- Како помина таму?

- Убаво - реков - убаво и многу добро... како никогаш досега...

Не знам дали добро слушна што му реков, зашто без прекин удираше со моливот на моето досие и истовремено малку посилно со тешката поткована чизма.

Туп-туп-туп - моливот врз досието...

Бум-бум-бум - чизмата по подот...

Тешки, тапи, подмолни удари... како тие во подрумите на главната затворска управа и како тие во манастирските ќелии во Трикери... и како тешките капки во логорската самица...

Туп-туп-туп... - моливот врз досието...

Бум- бум-бум... – чизмата бие на подот...

Живна споменот и боли...

Во тој миг малку ми се слоши. Ми се пристори дека врз мојата глава паѓаат и удираат тешките капки студена вода што се цедеа од таванот на ќелијата. А тој удираше, тропаше, повремено подигаше веѓи, се загледуваше во мене со поглед на гладен волк. Зад неговите трепки скриена злоба, омраза во дишењето - шушкање на змија во напад, од полу замижаните

очи искра на желба за напад, левата тупаница - стегната и набабрена.

- Да... - рече - а сега да ги слушнеш правилата и одредбите на правилникот според кои мораш да се однесуваш... - рече развлечено и во тој миг ми се пристори дека и гласот му тропа како моливот и чизмата.

Од фиоката извади тефтер, плукна на прстот и почна да реди:

- Според постојниот правилник ќе мораш строго да се придржуваш на следните заповеди. За почеток должна си двапати неделно - понеделник и петок, во десет часот претпладне или во седумнаесет попладне да се јавуваш во полициската станица, значи тука; забрането ти е да се движиш ноќе од седум вечерта до шест часот утрото; не смееш да се движиш подалеку од пет километри. Секое пречекорување на одредениот простор ќе повлекува ограничувања за движењето; задолжително пријавување на местото на живеење, значи адресата; во секое време, дење или ноќе да не и` браниш на полицијата да ти врши претрес; забрането ти е да учествуваш на било кој протест, манифестација, па дури и на концерти; не смееш да се зачлениш во никакво здружение; да пријавуваш со кого се дружиш, какви книги, списанија и весници купуваш и читаш, а за писмата и другата пошта ние сами ќе се погрижиме; да пријавуваш што работиш, каде и кај кого и колку пари заработуваш; да пријавуваш со кого се сретнуваш, каде, зошто и за што зборувате...

Додека тој ги редеше забраните, јас ги броев на прсти - изброив десет.

Ме погледна строго и, удирајќи со прстот на десетте државни одредби, кои ме потсетија на десетте божји заповеди, додаде:

- На терен се спроведува акција за потпишување изјава за лојалност. Сите ендопји (староседелци) се повикани да потпишат такви изјави. Утре ќе ја добиеш готовата изјава и без противење ќе ја потпишеш. Ако не ја потпишеш, уште сега те потсетувам и немој да заборавиш, дека за таму од каде што

излезе патот не е затворен и островите не се поместени... Се` што ти предочив сакаш на писмено да го имаш?

- Не. Имам добро паметење.

- Така ли? Те предупредувам, немој да заборавиш... За разлика од таму каде што си била, тука ќе има друг ред!

Во книшката за пријавување, која веќе беше и моја лична карта, го запиша денот и часот кога треба да се пријавувам, удри печат и силно, небаре удар на чекан, одекна ударот на печатот. Со широк замав се потпиша и хартијата - уверение ја фрли пред мене и со тон на наредба не заборави да ме потсети на разговорот пред скоро пет години.

- Како рече дека ти е името?

- Калина...

-Калина... Калина... Тоа име ништо не ми значи...

Значи...

Началникот го викна чистачот и го праша:

- Случајно да не знаеш што значи на вашиот ѓупски јазик зборот калина?

- Калина, калина - размислуваше чистачот - калина, господин началник, е овошје, од надвор црвеникаво, а внатре има многу црвени сочни зрна...

Началникот гласно и подбивно се насмеа и рече:

- Ама име... Тоа не е грчко име. Ти дале име на дрво, на плод! Па тоа ти е исто како да те крстиле тиква, краставица, зелка, кромид, грав, леќа, боранија...

- Веројатно можеле - реков - ама решиле да ме крстат Калина и на галено ме викаа Калинка, Калинко, Калинче... Името ми е по баба ми...

- Грдо име и не можеш да се викаш така. Срамота е убава девојка да има име на дрво, на плод. Сега е најдобро да си одбереш едно убаво грчко име. Најдобро едно од овие: Персефони, Андромахи, Афродити, Антигони, Фридерики, Пинелопи, Евросини, Евридики... Слушаш ли колку убаво звучат, а сите се имиња на божици, а не како ова, Калина, простачко, без значење и убавина... Кажи кое да ти го запишам?

- Калина...

- Размисли добро... Да не е словенско?

- Христијанско е и од нашите места...

- Ендопио, значи? Да го смениш!

- Не - реков тврдо.

- Е тогаш, тешко тебе и уште потешко на името! Па, кажи ми, има ли некое значење тоа име?

- Има... - реков потврдно и се потсетив на Викторија која ми ја раскажа симболиката на калинката и значењето на моето име. - Има, господин началник и тоа многу големо значење...

- Тикви има... - рече злобно. - Значи не се откажуваш од тоа паганско име?

- Не...

- Лошо, девојко, лошо за тебе и уште полошо за името...

Книшката за пријавување ја фрли пред мене и подвикна:

- Слободна си! Тука ќе се јавиш по три дена. Двапати неделно, согласно со упатствата и законот.

- Зарем под вакви услови...

- Реков слободна си...

Продорно ме пронижа со погледот, и развлечено рече:

- Треба да знаеш дека јас лично го познавав татко ти. Тој храбро се борел на албанскиот фронт за Грција, разбра, за Грција се борел...

Вковав очи во неговото од злобата огрдено лице и колку што можев посмирено, ама тврдо, реков:

- И јас се борев за Грција, ама за некоја друга Грција, а не за таква со Трикери и Макронисос и не за потпишување изјави за покајување и лојалност и за ваквите десетте заповеди...

Крвнички ме погледна и, удирајќи со тупаницата на масата, вресна:

- Ексо, палјовулгара!!!

* * *

Се најдов на улица. Осамена, огорчена, обременета со тежината на самотијата и несигурноста за денес и утре.

Улицата со ретките минувачи ме одведе до рибарскиот пазар. Седнав на клупата поставена до езерскиот брег. Од најблиската таверна допираше мирис на риба во тава и тивко свирење на мандолина. Длабоко го вдишував езерскиот воздух и уште повеќе мирисот на тавата. Почувствував дека сум многу гладна. Од вчера, претпладне, ништо не сум јадела. Отидов во најблиската фурна и купив цел пешник леб. Се вратив на клупата. Јадев лакомо, а околу мене се собираа гулаби и еден преку друг ги колвеа трошките што ми се ронеа на калдрмата.

Ноќта ја поминав на клупата. Студенилото не ми пречеше многу. Во виорот на војната и на островите навикнав и на студ

и на тврда постела. Честопати се будев, ама пред зори, ме совлада сонот. Ме разбудија гулабите.

Нов ден. Ведро небо, мирис на пролет, освежувачки ветер се разлеваше од кај езерото чии лесно разбранети води под сонцето светкаа, мижеа и растураа безбројни бисери. Близу таверната цутеше багремот. Опоен мирис ширеше јоргованот. На гранка црцореше славеј; само за миг наслушуваше, прескокнуваше на друга гранка, отсвируваше и одново, убавецот, рочнуваше да свири. Расцутената слива ги ронеше прецетените свеќенца.

Нов ден далеку од островите и надвор од логорите, надвор од ќелиите и подрумите за мачење, надвор од полициската станица. Нов ден во средината на околните планини, кои не еднаш сум ги прегазила во виорот на војната. Околу мене нема викања, пцуења, нема полициски униформи, `рѓосана бодликава жица, ги нема лудите ветришта на островот Трикери и Макронисос и карпестите бездни лудо биени од морските бранови, ги нема заканите и понижувањата и искинатите смрдливи американски шатори, ги нема и жените и девојките со кои ја делев заедничката маченичка судбина. Тие пловат кон дома. Со мирно море - добри ветрови и ведро небо нека им е широк патот до дома...

Околу мене се врткаа гулабите, се прескокнуваа, гугаа, долетуваа други и калдрмата се наполни живот. И јас во него.

Ѕвонењето на камбаната ги исплаши гулабите. Целото јато вивна в небо, вртеше широки кругови над езерото и по последното ѕвонење на камбаната, пред мене се распосла живиот сив килим.

Дали ова е слобода?

Камбаната ѕвонеше, повикуваше...

Недела беше.

Ден за молитва. Ден за олеснување на душата... Ден за средба и соединување со Господ Бог...

Станав и се вмешав меѓу луѓето. Пред мене и зад мене тивко чекореа верниците, за нешто си зборуваа. Жените носеа во кошници и сапетки јастие за душите. Откако запалив свеќа, застанав пред големата икона на Богородица и првпат по неколку години почнав да се крстам и да се молам. Така, како што ме учеше баба и мајка, со целата душа и со целото срце, со целата мисла, желба и надеж... Се молев за покој на душите на девојките и момчињата кои останаа во планините, за измачените и осакатените во полициските подруми и на сувите острови, за тие кои од таму се враќаа дома, за храбрите и за тие кои се плашеа и за тие кои не по своја желба фатија патишта во непознати земји.

Се молев и молев...

Покој и мир на сите... и светлина вечна ... - страсно ја молев Богородица...

Заврши богослужбата. Попот затвори царски порти зад себе и се изгуби во олтарот.

Луѓето се прекрстуваа и полека, чекор в чекор си одеа дома. Клисарот ги гаснеше свеќите, недогорените ги собираше во кошница и откако ги изгаси и големите ламбади што се` уште светеа пред олтарот, заедно со попот излегоа од црквата, заклучувајќи ја дебелата врата со големиот железен клуч.

Никој не забележа дека некој остана во црквата.

Клечев во ќошот загледана во оболеното и тажно лице на Богородица.

Предадена и потопена во молежлива, покорна, страсна и занесна молитва ноќта ја поминав со Богородица, со Исус Христос, со ангелите и светците...

Долго се молев и долго не можев око да склопам.

* * *

Појдов да барам работа. Тропав од врата на врата и кога ми отвораа, молејќи за проштевање што им пречам, прашував:

- Проштевајте, барам работа... Да не ви треба алајка, слугинка, чистачка... Знам да перам, да чистам, ако имате мали деца и нив би ги чувала. Плата не барам само едно ќоше за спиење, а за храна тоа што недојадено ќе остане на маса. Само толку... Ве молам...

Некои ме гледаа со сожалување, некои ми затвораа врата пред нос, други ми велеа - дојди утре, ќе видиме, други ме прашуваа од каде сум, од каде сум дојдена? Не криев, не мамев. И тогаш пред моите очи посилно се затвораа вратите.

Наредниот ден некои ми велеа:

- Не, такви, пуштени од затвори и логори, не...

Само една ми рече:

- Јабана тропаш по врати. Мене полицијата ми забрани да примам такви...

Осамена во градот, осамена и на полна и на празна, пуста улица. Во таа самотија голема желба ми беше некој да ме поздрави и со најмилна насмевка и најтопол поздрав да вратам, некој топло да ме погледне и јас топлина да вратам, некој да ми подаде рака, збор да ми прозбори и јас збор да прозборам, ама не... ми се чинеше дека од секое ќоше, од секое крајче на тесното сокаче, од секоја кривина, од секој прозорец и полуотворена врата вееше студенило, дека некој сомнително ме гледаше и се прашував:

- Зошто луѓето ја изгубија топлината на погледот и зборот? Кој ли меѓу луѓето истури и посеа толку многу страв? Зошто има толку многу сомневање? Зошто толку многу недоверба? Зошто толку омраза? Зошто толку одвратност?

Не ги презирав.

Само им сочувствував.

* * *

Еден ден врвејќи покрај управата на фудбалскиот клуб видов лице кое ми се пристори дека ми е познато. Не бев многу сигурна, па прашав еден минувач:

- Кој е тој?

- Управникот на стадионот... - рече тивко намерникот.

Се загледав во него и го познав. Ете, си реков, едно познато лице, човек, ако може така да се нарече - од моето село. Му пријдов и кога застанав пред него, се погледнавме в очи, ме позна и вчудовидено ме праша:

- Жива си?

- Како што гледаш...

- Каде си била? Сега што правиш?

Му кажав каде сум била и што правам.

Се загледа во мене, ме измери од глава до пети, му затреперија образите, прошепоти:

- Тешки и матни времиња. Каде живееш, работиш?

- Во градот, на улица и барам работа...

- Не бери гајле. Утре, ова време, дојди тука, нешто ќе смислиме.

Наредниот ден, го видов како излегуваше од полициската станица. Не се посомневав. Тој беше еден од тие селските поткажувачи и успеа да избега во Костур кога во селото

младинците ги собраа и ги пратија на Грамос. А човекот, кого вчера го прашаш, кој е тој, ми рече:

- За него се зборува дека е поголем полицаец од полицајците и дека за време на војната се приклучил на доброволните паравоени одреди и дека храбро се борел против партизаните. Се заслужил, добил многу одликувања, туѓа куќа во градот и работа како управник на стадионот... - ми шепна на уво и го снема во тесното сокаче.

Знаев зошто така брзо го снема во тесното сокаче. Во секоја кафеана, таверна, дуќан, работилница, улично ќоше, раскрсница, киоск - имаше широко отворени очи, уши и сенки. Се чинеше дека редум држат стража и јавуваат кој кому што рекол, дали намигнал со левото или десното око, дали прагот го пречекорил со левата или десната нога, каков весник купил, со кого се гледал и разговарал.

Човек да жали дека има и сенка...

Сега веќе знам со кого си имам работа, ама си реков - белки не е такво ѓубре, како тие на островите...

Во договореното време отидов во управата на стадионот. Ме чекаше. Се поздрави и ми рече:

- Ти најдов работа

- Да си жив и здрав. Сполајти.

- Ќе работиш тука, кај мене. Немам некоја друга подобра работа освен чистачка.

- Прифаќам...

Ме одведе пред една мала просторија и од таму изнесе две кофи, крпи и метла.

- Од седум наутро до пет попладне ќе ги чистиш клозетите на стадионот и на пазарот... За плата ќе се договориме... А каде живееш?

Мрднав со раменатa и покажав на небото.

- И тоа ќе го решиме. Од таа страна има едно малечко одајче. Таму понекогаш спие чуварот. Дојди да видиш...

Високо, под самоти таван - прозорче, под него железен војнички кревет, валкана перница, две ќебиња, од спротивната страна - чешма и мијалник. Подот - покриен со плочки. Ми заличи на затворска ќелија...

Ја прифатив работата, одајчето и целата сенка на човекот од моето село.

* * *

Кога ми остануваше малку време од чистењето, на пазарен ден одев на пазар. Не за да купувам, туку за да се вмешам меѓу луѓето, да не бидам цело време осамена. Така ми олеснуваше...

На тезга и над неа изложени тантели за на масичка, за под чаши и бокали и зад тезгата седеше жена, која со една игла плетеше. Поминуваа жени, ги гледаа, превртуваа, мереа и прашуваа колку чинат, се пазареа. Купуваа. Некои се договараа, порачуваа. И јас ги разгледав. И ми текна. Таму во логорот, во Трикери, нели жената од островот Крит ме учеше да плетам со една игла? Со чингулаки? Нели од неа научив да плетам. За секогаш ја запаметив нејзината упорност и љубовта со која ме учеше да плетам. Паметам, тогаш, кога нафрлуваше клетка, во нејзините очи се гледаше болка, и секоја друга клетка што ја нафрлуваше ми изгледаше како одделна желба и како молитва. Таа во секоја клетка небаре ја втиснуваше топлината на своите прсти. Ме научи да плетам и при тоа постојано ме тераше да размислувам и да измислувам нови и нови белези, најмногу белези на трендафили, лисја на разни дрвја, грозје, смокви, расцутени цвеќиња, птици во од и лет, срни, јагнишa, раскошно облечени девојки, разиграни деца, и што ли уште не...

А овие на тезгата и над неа споредени со тоа што го знам, беа јабана врзувани конци.

И си реков: па зошто и јас не се нафаќам да плетам со една игла?

Од првата плата одделив пари и купив две клопчиња бели конци и игла. И почнав да плетам, ноќе, пред запалена свеќа... По недела дена отидов на пазар и сплетеното го изложив на тезга.

Жената, која го предизвика моето знаење за плетење, кога виде што нудам, остана со прстот в уста.

Моите тантели бргу ги продадов, а таа, кутрата, беше толку озлобена, што ме пријави во полиција. Ме викнаа, ми побараа дозвола за работа и ме казнија со одземање половина од заработените пари.

На пазар повеќе не одев. Плетев во одајчето и тука ми доаѓаа жени и порачуваа тантели за на маса, за на прозорци, под бокали, па дури и завеси. Им плетев по порачка така, како што им беше мерак.

Добро заработував и престанав да ги чистам клозетите... Одајчето го напуштив. Најмив стан и во слободата што ми беше одредена од полицијата до крајот ја дотуркав годината, постојано придружувана од самотијата. Самотијата, таа лоша душевна болка, најмногу ме измачуваше вечерите. Голема желба ми беше да сретнам некој, кој ќе ми се насмевне, кој ќе ми подаде рака... Ги гледав минувачите и сите ми изгледаа многу потиштени, некако овенати, без топлина во очите, без добрина на лицата... само видлив страв и сомневање...

Потопена во длабок, глув и кобен молк - траев. Кога ми остануваше време од плетењето, тогаш излегував и одев до врвот на ридот што се извишува над градот. Седнував на камен со лицето свртено кон запад. И гледав...

Пред мене, десно и лево ридовите и планините - Биковик, Вичо, Лисец, Мали-Мади, Стените, Орлето, Одрето, Горуша, Круша, Аљавица и далеку-далеку - врвот на Грамос.

Ги гледав ридовите и планините и себе си во нив и момците и момите кои останаа во нив и се прашував каде се тие кои останаа живи? Каде ги однесе виорот?

Така се прашував за сите и така ја разбивав осаменоста, која ми го одземаше мирот и ми го кршеше духот... Ова не е жалење, туку студена, замрзната вистина, која тешко се топи. Во осаменоста нема радости. А јас ги сакам и големите, ама најмногу ги сакам малите радости. Тие носат поголемо олеснување. Ги сакам малите радости со желба за да преминат во големи и да ми се близу и исполнети со мисла, со мечта, со надеж, со спомен, со солза, со болка, со длабока воздишка која распарува гради, ама фрла мелем на душа...

Така, де, радоста треба да има душа, како и споменот...

Ридовите и планините ги гледав со возбуда и се прашував:

- Колку пати таму погрдно ми се насмевна смртта?...

* * *

Есента илјада деветстотини педесет и четвртата ја обележа еден голем настан. На власт дојде маршалот Папагос и даде амнестија.

Да не заборавиме дека тој не здроби на Вичо и на Грамос.

Десетте државни заповеди кои ми ја одредуваа слободата - ги снема. Од затворите и логорите се враќаа затвореницте и заточениците. Се враќа во своите села и таму застанува пред урнатините на своите куќи или пред вратите на кои висеше катанец. Се враќаа исполнети со надеж и наоѓаа пустош...

Од земјите што ги нарекоа земји зад железната завеса - најмногу од Романија - на солунското пристаниште голем бел

брод растовари стотици и стотици жени чии мажи како печалбари беа во Австралија, Канада и Америка...

Властите ги одведоа во некои прифатилишта, каде со недели ги испитуваа и им помагаа да се поврзат со своите мажи. Потоа многу од нив дојдоа во Костур. Дома, во селата не им дозволија да одат. Им рекоа да чекаат додека не им стигнат книгите, значи пасошите и одобренијата за доселување кај своите мажи. Меѓу нив беше и тета Стојна, прва братучетка на мајка ми. Од неа дознав дека моите, кои ги сместија во едно гратче или село во Романија, кое се викаше Фалтичени, засекогаш таму останаа.

Многу ме болеше веста.

Тие, моите најмили, веќе никогаш нема да дојдат дома.

Тета Стојна ми кажа дека сите кои беа пребегнати за време на војната, до грчките амбасади во тие земји испратија писма со кои бараа да се вратат дома. Чекаа одговор, ама одговорот не дојде од таму, туку од раководството на грчката комунистичка партија. И во него се велеше: сите ќе се вратиме, ама збирно, а не поединечно.

Дозволија да се вратат само жените на печалбарите од Костурско, Леринско и Воденско, кои набргу бродовите ги однесоа во Австралија, Канада и Америка...

Се зборуваше дека подоцна печалбарите во новите татковини си ги прибраа и своите деца кои во земјите на железната завеса беа згрижени во домови и таму учеа...

* * *

Еден ден, на пазар, гледам маж, кој ми се чинеше дека го познавам, ама не бев сигурна. Од љубопитност застанав до него, вперив поглед во неговото лице. На левиот образ лузна. Очи испупчени. Дебели, црни веѓи. Ми текна. Тој е - си реков. Тој е Костас. Војникот што го заробивме ранет, кого по наредба на командантот, на плеќи го пренесов на безбедно место. Беше ранет во градите, плукаше крв и молеше да не го стреламе. Му

ја соблеков кошулата, ја искинав на дветри парчиња. Ја ставив на раната и со мојот завој го преврзав. Престана да крвави. Два денови го хранев со дел од мојот леб, го поев со вода од мојата матарка и многу го тешев, велејќи му дека раната не е опасна и дека уште денес заедно со други ранети ќе го пратиме во нашата партизанска болница. Лежејќи во ровот еден до друг си зборувавме како да бевме одамна познати.

Чудно...

До вчера во два спротивни ровови, сега во еден. Го гледав и без престан се прашував: каква ли е тоа судбина непријатели да врзува со добрина? Некој од нашите го погоди и сега неговиот живот зависи од мене...

Зошто е така? Можеби затоа, што секој ден не дебнеше истата судбина што ја носи војната?

Дознав дека е од село што се наоѓа близу Костур. И јас му кажав од каде сум. Можеби тоа не зближи?

Да, сега сум сигурна: тој е - Костас, кого ранет на грб сум го однела на безбедно место и два дена го негував... Тој е, Костас, заробениот ранет водник на владината војска.

Се преправив дека се пробивам меѓу пазарџиите и посилно го турнав.

- Простете - му реков и пак продорно се загледав во него. Во неговите очи забележав изненадување и напор за потсетување.

Стоевме еден спроти друг, се гледавме...

Му затрепереа образите, на усните одвај видлива тажна насмевка. Ме гледаше упорно и најпосле рече:

- Ти?! Ти ли си, Калино? Ти си?

- Ти ли си, Костас? Ти си?

Се прегрнавме.

Беше миг кога првпат по долго време почувствував радост и дали од радост, дури и сега не знам, ми потекоа солзи. Зошто? Сигурно не затоа што пред години се гледавме низ мушицата на пушките...

Ами, зошто ми потекоа солзите?

Костас се оддели од прегратката, малку се оддалечи од мене и тивко, со многу растреперен глас, гледајќи ме в очи, прошепоти:

- Калино, многу те мислев, многу те барав, со години во мене чував еден збор што од се` срце сакав да ти го кажам... Ете, сега, по толку изминато време, прости што дури сега, можам да ти речам благодарам... Ти ме спаси, ти... благодарам... Никогаш не сум те заборавил. И таму, во Узбекистан, во Ташкент. Таму, во бараките, во кои пред нас Советите ги имале затворено јапонските заробеници, по цели ноќи, истоштен од копање канали, лежејќи на железниот војнички кревет, постојано те мислев, секого прашував, секаде те барав и преку црвениот крст и преку партијата... Во одговор ми пишуваа - лицето што го барате не постои...

Долго молчевме држејќи се за раце.

Костас прстите ми ги собра во едно клопче и клопчето, заедно со бакнежот го облеа со солзи...

Навалив глава на неговото рамо и таму ја истурив целата горчина...

* * *

Имав и втор живот. Во тефтерите. Таму за мене, и за сите други, се` беше запишано. И тоа што сум го правела и тоа што не сум го правела.

Прво во тефтерите на полицијата. Сомнителна личност и опасна за државата. И казна по избор – затвор или логор...

Вториот тефтер беше тефтерот на Второто биро на Главниот штаб на Демократската армија на Грција - исто така дебел - служба за разузнавање и контраизвестителна дејност. Во него имаше и делови од тефтерот на политичкиот комесар на баталјонот.

Во сите тефтери секогаш на првото место беше сомнежот...

Еднаш, сосема случајно, sирнав во тефтерот на комесарот и за мене прочитав:

„ Доброволно стапи во редовите на Демократската армија на Грција„

Се изненадив!

Како, бре, доброволно!? - викнав. - Па нели ме собраа ноќе со други девојки?

Девојката што беше близу до мене, ми рече:

- Будалче. Немој повеќе да писнеш зашто ќе те земат на око и секогаш ќе им бидеш сомнителна. Остави. Нека си ги полнат тефтерите. Ти само чувај се и немој се` што да зборуваш, а најмалку да прашуваш...

И се чував и не прашував. Од тогаш секогаш зборовите ми беа броени. Пред сите... и ништо друго толку многу не ме придружуваше како тие тефтери. Каде јас, таму и тие, каде тие, таму и јас... секогаш во сенката на полицијата...

* * *

Еден ден со придружба на полицаец бев одведена во полициската станица. Началникот ми подаде печатен лист со заглавие:

Изјава за лојалност.

Прашав:

- Што значи тоа?

А тој:

- Прво потпиши, а потоа ќе ти објаснам...

- А кој закон на државата не почитувам за да морам да потпишам таква изјава?

Рече дека не се работи за тоа дали почитувам или не почитувам некој закон, туку морам да потпишам. Сите ендопји, рече, мораат да потпишат изјава за лојалност. Реков дека нема да потпишам, а тој ме потсети на еднаш изречената закана дека островите на Егејско Море не се поместени и дека патиштата за таму не се затворени и тоа да не го заборавам.

Со сосема смирен глас му реков дека имам добро паметење и не сум заборавила како поминав таму.

Поминаа неколку месеци и пак во полициската станица.

- Госпоѓице те повикав тука за една многу важна работа. Идната недела во неколку костурски села селаните ќе даваат заклетва дека нема да го зборуваат локалниот словенски дијалект. За твое добро те советувам и ти да се заколнеш дека таквиот јазик нема да го зборуваш.

Не можев да издржам и гласно почнав да се смеам.

А тој:

- Смеата може да премине во плачење, госпоѓице...

- Па за плачење и потсмев сте вие, господин началник! Што ли уште нема да измислите за да ги избришете разликите меѓу нас

и вас!... - реков и без барање дозвола, ја напуштив полициската станица.

По неколку месеци пак повик во полицијата.

- Госпоѓице – со умилкувачки тон на гласот ми се обрати началникот. - Колку што знам, немате некоја работа која би ви донела подобро живеење. Ете, јас со задоволство сакам да ви кажам дека ви се отвора прекрасна прилика за одлична работа со висока заработувачка...

- Каде?

- По ваш избор во Австралија, Канада или Америка. Доволно е да се јавите во една од овие агенции и тие ќе ви ги средат сите потребни документи. До една од тие земји се` е бесплатно... Да, се` е бесплатно само во една насока... Јавете се таму...

Одбив.

Што потоа?

Потоа следеа чести закани...

И така, во тоа колнато време големи бранови на иселување го заплискаа Костурско и Леринско. Брановите биеја само во една насока.

Во времето на тие бранови од колку оџаци во Костурско и Леринско чад престана да чади и на колку врати и порти беа обесени катанци?...

КОЛКУ?

* * *

Кон крајот на педесеттите години земјата ја завеаја покротки ветришта. Ми рекоа дека немам обврска да се јавувам во полицијата и дека слободно можам да одам каде што ќе посакам.

И посакав да одам во селото.

И отидов.

А таму каде што беше село го најдов само дедо Ѓорги, кого честопати го сретнував во градот.

Радост е кога ќе сретнеш познат.

Бегаше од старскиот дом каде по завршувањето на војната го имала сместено војската, зашто немаше ниту покрив над главата и ниту некој за да се грижи за него. Го враќаа во домот, а тој одново - во селото. Друго место не го береше. Секаде му беше тесно. Селото не го напушти и тогаш кога во близина се водеа тешки борби. Остана и тогаш, кога сите селани под принуда пребегнаа во Албанија.

Честопати го посетував во домот. Му носев нешто од храната и овошје, а понекогаш вино и ракија. Ме молеше да седнам до него и ми велеше:

- На овие постојано им велам кога ќе умрам да ме погребите во селото... Под дабјето... На друго место не сакам...

Седнавме на камењата од неговата разурната куќа и потонавме во молк загледани во урнатините кои некогаш беа дом. Во мене се одмотуваше клопчето на времето што протече. Во мачните спомени живнуваа мајка и татко, дедо и баба и братот што остана на некој од ридовите на Грамос и сите кои од тука се витосаа во незнајно. Со мислите одново го прегазував изодениот пат.

Грч во грлото, во окото натежната солза на болка...

Молкот го прекина дедо Ѓорги.

Да те замолам, чедо...

Моли, дедо...

На тие во домот да им речеш, кога ќе умрам да ме погребат тука, во селските гробишта, под дабјето. На друго место не сакам... Нема да заборавиш да им речеш, а? Да не заборавиш... под дабјето, така да им речеш...

Му ветив дека нема да заборавам.

Му бакнав рака и отидов во урнатините каде беше дедовата куќа. Нашата куќа. Зовреа спомените и во нив изгор и болка...

Меѓу камењата обраснати со трева видов парче крпа. Го извлеков и од него ја истресов земјата. Се стресов. Во рацете ми легна дел од малината (Малина – волнен плетен фустан) на мајка... Седнав на урнатите скали. Ја послав на моите колена, ја галев, ја бакнував, ја оросував со солзи. Од црната малина се оддели конец и нависна над моите стапала...

Во тој миг загледана во црниот конец си ја спомнав приказната, кога ноќе, во логорот во Трикери, ни ја раскажуваше професорката од Атина.

Приказната беше за Арјадна.

За конецот на Арјадна (Арјадна - конецот на Арјадна, во грчката митологија таа е ќерка на критскиот цар Минос и на Пасифеја. Кога Тезеј тргнал да го убие Минотаврот, пред да влезе во лавиринтот, Арјадна му дала клопко конец. Тезеј слегувајќи го врзувал конецот зад себе и откако го убил Минотаврот, држејќи се за конецот успеал да излезе од лавиринтот. Од овој мит во современата култура е сочуван изразот ``конецот на Арјадна`` како симбол за излегување од тешко решливи ситуации).

За конецот на помошта, конецот на спасот и на надежта...

Конецот за излезот од злото...

Зад мене мојот скинат конец и на моите колена црниот скинат конец од малината на мајка...

Нашиот црн - нашиот црн скинат конец...

И нашето колнато време во кое никој не ми подаде конец за да излезам од злото...

Тој ден не се вратив во градот.

Ноќта ја преседов во црквата, во нашата црква, Света Недела. Низ прозорецот течеше сноп месечева светлина. Бледо ги осветлуваше лицата и вчудовидените очи и натажените лица на светците и ангелите вковани во мене чиниш ме прашуваа што барам меѓу нив, а јас молчев и ме давеа безброј прашања за многу нешта што беа и што се.

Палев свеќи за живите и мртвите, за тие кои ги нема и кои се. Со мислите се враќав во планињето, ридовите, земјанките, рововите, бункерите, траповите, долгите ноќни маршеви и таму ги наоѓав соборците, седнував крај нив и ја галев земјата над нив и одново се враќав на пепелиштето, кое беше куќа, двор, дома, оџак од кој право угоре, како столб, се издигнуваше чадот, бележејќи дека тука имаше живот.

Сега на тоа запустено парче земја, на кое бујно расте бурјанот и шипот, само јас чекорам жива... и желба ми е да и` се јавам на мадам Олга, таму во Атина, за да и` кажам дека веќе ги нема добрите луѓе и куќата на добрината...

Ги нема...

Зошто?...

* * *

Дедо Ѓорѓи кој беше корен од старо и бројно големо семејство и на стари години самуваше, умре во старскиот дом.

Ми рекоа дека го погребаа на крајот од гробиштата, таму каде богатите Костурчани ги закопуваа своите миленици - мачките и кучињата.

А дедо Ѓорѓи сакаше да биде погребан на селските гробишта, таму каде почиваат неговите предци, таму каде над нив со векови растат и во најлошото време истрајаа и траат старите и дебели дабје на кои не им се знаат годините.

Не му беше исполнета последната желба.

Неделините го посетувам.

На безимениот камен секогаш оставам парче леб и бокалче со вино...

X

Во тоа време со тело, мисла и душа си останав своја. Не на туѓо, туку во дедовиот двор, цврсто седната токму таму каде беше каменот темелник...

Врастена сум во пеплосаното парче земја, кое сега е мојата дома... иако од куќата ниту темели ниту камен не ми оставија...Дома сум, во мојата дома...

Над мене лазурот на небото, а под мене пепелта на мојата дома покриена со троскот, бурјан и шип...

И од тука, од мојата дома гледам таму, во планините, ридовите, карпите, камењата, шумите, ливадите, кои се покриени со болката, огорченоста, измамата, разочараноста, тагата и крвта истурена во тие лоши времиња, каде по многу години и сега природата ги покри со бои и им ја врати убавината.

Таму веќе ништо не потсетува на тие гламносани денови. Се` е послано со зеленилото на тревата и дрвјата, со боите на цвеќињата и на синото небо и стана историја за живите и приказна за Орле, Горуша и Круша, Котелската Кула, Копанче и Одрето, Свети Илија и Алјавица, Краставец и Чарно, Голиот Каменик и Грамос и сите други десетици и десетици ридови и чуки...

Планинскиот пејзаж мами со отворената просторност и се чини дека се` може да се дофати, па дури и најоддалечената светлина на хоризонтот...

Таму кога одам, тогаш времето ми е време на замисленост за духовната величина на човекот, за неговото достоинство и за поимањето на сопствената вредност и за судбината на сите кои ги поминаа патиштата на војната, на поразот, егзодусот и солените води до логорите...

Таму бевме ние, таму останаа тие, тие, кои постојано сакам да се во нашите мисли и огреани со нашето паметење и почит...

Големи се болките на спомените легнати тука во македонските планини, каде секој чекор враќа во минатото и секој рид, секој камен, секоја карпа, секое скршено стебло открива историја и отвора неисцелени рани...

Кој денес зборува за тие, кои изгинаа и за тие кои гниеја во островските логори?

Од нашето партизанско поколение малкумина останавме.

Нашето партизанско поколение полека си оди...

...си оди измамено и разочарано...

Сите ги чувам во споменот и се молам, милосрдниот Бог да ги прими во своите пазуви...

Скопје-Преспа
Април 2014- септември 2015

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Петре Наковски, романсиер и преведувач, е роден на 17 јули 1937 година во с. Крчишта, Костурско, Егејска Македонија. Педагошки лицеј завршил во Полска, а Филолошки факултет во Скопје. Докторирал на Институтот за политички науки на Вроцлавскиот универзитет во Полска на тема ``Македонски деца во Полска 1948-1968``, објавен во Скопје 1987 година.

Бил новинар во ``Вечер`` и ``Нова Македонија``. Работел во Министерството за надворешни работи.

Прв амбасадор на Република Македонија во Република Полска (1995-1999).

Член на Друштвото на писателите на Македонија од 1989 година.

Автор е на повеќе раскази објавени во македонската периодика, како и на книгите: ``Постела за чемерните`` (роман 1985), ``Македонски деца во Полска 1948-1968`` (докторски труд 1987), ``И каменот е земја`` (роман 1988), ``Големата удолница`` (роман 2003), ``Големата измама`` (роман 2007), ``Македонските бегалци во Полска 1948-1975`` (избор документи 2008), ``На пат со времето` (роман 2010).

Сите наведени романи се преведени на англиски јазик од Ристо Стефов без платка. Печењето на 100 примероци од романот ``На пат со времето``, Англиската верзија, се платени од д-р Лефтер Манче.

Од полски на македонски јазик има преведено и објавено 46 литературни дела и поголем број песни и раскази од македонски автори на полски, како и драмата `Црнила`` од Коле Чашуле (поставена на сцена во полскиот град Катовице (1971), антологија на македонската современа поезија под наслов ``Песни од Охрид`` објавена во Краков 1974, избор поезија од Раде Силјан ``Траги на времето`` (2010), и ``Прагот на минатото`` од Трајан Петровски (2014) објавени во Торуњ од издавачот ``Адам Маршалек``.

Добитник е наградите ``Златно перо``, и ``Кирил Пејчиновиќ`` (за преведувачки опус), а во Полска со ``Златен медал за заслуги за полската култура`` (1976, со ``Наградата на ZAiKS (Асоцијација на сите полски автори (1982), ``Златен орден на командоријата`` (1999, со овој орден претседателот на Полска ги одликува успешните амбасадори), и медалот ``BENE MERITO`` одликуван од Министерството за надворешни работи на Република Полска за јакнење на соработката меѓу двете држави (2010).

Оженет е со Дитта (Афродита) и е татко на две ќерки, Миленка и Татјана.

Романите на Петре Наковски беа предмет на магистерски труд на Татјана Пеливанова под наслов ``Литературата на фактот во романите на Петре Наковски`` одбранет на 14 февруари 2014 година пред комисијата во состав: проф. д-р Венко Андоновски, проф. д-р Кристина Николовска и проф. д-р Весна Мојсовска-Чепишевска, при Универзитетот ``Свети Кирил и Методиј``, а под менторство на проф. д-р Кристина Николовска.